# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

# НА

# ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

# ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, март 2026 година

# Содржина


1. **ВОВЕД** 5

2. **СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКАСТРУКТУРА** 5

2.1. Законска рамка ........ 5

2.2. Мандат и статус на претседателот и на членовите ........ 8

2.3. Секретаријат на ДКСК ........ 8

3. **РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ДКСК** 12

3.1. Национална стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси ........ 12

3.2. Постапувања во случаи на сомнежи за корупција ........ 22

3.3. Постапување во случаи на судир на интереси ........ 26

3.4. Следење на законитоста на финансирањето политички партии и изборни кампањи ........ 31

3.5. Евидентирање и следење на имотната состојба и на интересите ........ 35

3.6. Проверка на вистинитоста на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси36

3.7. Регистар на избрани и именувани лица ........ 38

3.8. Водење прекршочни постапки ........ 39

3.9. Антикорупциска проверка на закони и на подзаконски акти ........ 41

3.10. Јакнење на личниот и на институционалниот интегритет ........ 45

3.11. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и за судирот на интереси ........ 46

3.12. Примена  на Законот за заштита на укажувачи (ЗЗУ) ........ 48

3.13. Примена на Законот за лобирање ........ 55

3.14. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер ........ 55

4. **ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И НА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА** 56

5. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДКСК** 58

5.1. Едукација на вработените во ДКСК ........ 58

5.2. Технички капацитети на ДКСК ........ 60

6. **СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ** 61

6.1. Соработка со јавниот сектор во Република Северна Македонија ........ 61

6.2. Соработка со меѓународни организации ........ 62

7. **ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДКСК** 64

8. **ЗАКЛУЧОК** 65

9. **ПРИЛОЗИ** 67

# РЕЗИМЕ

Овој извештај ја прикажува работата на Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) во текот на 2025 година.

ДКСКе независна институција формирана од Собранието на Република Северна Македонија, којасвоите надлежности ги врши во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијатаи судирот на интереси.

Во 2025 година ДКСК продолжи да работи на јакнење на секторскиот, институционалниот и на личниот интегритет. Имено, со завршувањето на минатата година ДКСК го заокружи процесот на следење и на евалуација на спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2021–2025 година, која се наоѓаше во својата завршна фаза на спроведување, при што идентификуваните системски слабости беа анализирани и адресирани преку посебна анализа на фактори кои влијаат врз степенот на спроведување на истата, усвоена во јануари 2025 година. Истовремено, ДКСК интензивно работеше на подготовка на Националната стратегија за периодот 2026–2030 година, преку инклузивно-консултативен процес, а врз процена на ризици од корупција и јасно дефинирани приоритети.

Преку континуирано развивање и унапредување на системот на интегритет, во тесна соработка со институциите од јавниот сектор на централно и на локално ниво, ДКСК директно придонесе кон јакнење на институционалниот и на личниот интегритет во јавниот сектор. Паралелно со тоа, во текот на годината продолжи и се унапреди соработката со институциите од областа на судството, при што беа ажурирани и приспособени политиките на интегритет за судството, како дел од поширокиот и интегриран систем на интегритет во јавниот сектор.

На крајот на 2025 година започна процесот на прибирање и анализа на податоци за спроведувањето на системот на интегритет преку прашалници и директна комуникација со лицата за интегритет во институциите на централната власт и во единиците на локалната самоуправа. Резултатите од анализата ќе послужат како основа за натамошно унапредување и насочување на системот на интегритет во 2026 година.

Во текот на2025 година во ДКСКбеапримени 612 пријави, со наводи за корупција, судир на интереси и непријавување на имотната состојба, и беа оформени 194 предмети по сопствена иницијатива од разни области. Беа издадени 111 прекршочни платни налози за прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, при што во Буџетот на Република Северна Македонијабеа наплатени глоби во износ од 12.700 евра во денарска противвредност. Беа одржани 13јавни седници на кои беа донесени 583 одлуки, кои јавно се објавени на веб-страницата на ДКСК.

Изминатата година беше и година на изборен процес за избор на градоначалници и членови на советите во единиците на локалната самоуправа. Во рамки на своите законски надлежности, ДКСК вршеше континуиран надзор и известување во врска со изборниот процес, со акцент на спречувањето на корупцијата и злоупотребата на јавните ресурси. ДКСК редовно ги информираше јавноста и надлежните институции за своите активности, постапувања и наоди, со што придонесе

за зголемување на транспарентноста и на довербата во изборниот процес, како и зајакнење на превентивната улога на антикорупциските механизми во изборен контекст.

Во текот на минатата година ДКСК продолжи со спроведување антикорупциска проверка на легислативата (АПЛ) како превентивен механизам за откривање и за намалување на ризиците од корупција во нормативната рамка. Во таа насока, во рамки на воспоставена соработка со меѓународни организации беа изработени две антикорупциски анализи на легислативата: од областа на локалната самоуправа и од областа на правосудството. Паралелно со тоа, ДКСК иницираше антикорупциска проверка на повеќе материјални закони, меѓу кои и одредби од Законот за угостителска дејност, Законот за заштита и спасување, Законот за инспекциски надзор и Законот за локалната самоуправа, во насока на детектирање на дискреционите овластувања, зголемување на транспарентноста и унапредување на правната сигурност при нивната примена.

Напочетокот на 2025 година ДКСК го заврши процесот на надворешната проверка на имплементацијата на Заедничката рамка за процена (ЦАФ), со кој беа потврдени ефективната примена на алатката и насоката за натамошен развој на управувањето со квалитетот, што резултираше со доделување на ознаката „Ефективен корисник на ЦАФ“ и дополнително зајакнување на системот на интегритет во институцијата. Во наредниот тригодишен период, ДКСК ќе остане посветена на спроведување на планот за подобрување, со посебен акцент на системско управување со квалитетот и натамошно унапредување на системот на интегритет во институцијата.

# 1. Вовед

Државната комисија за спречување на корупцијата(во натамошниот текст: ДКСК) го изготви овој извештај за своето работење за 2025 година во согласност со членот 19 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: ЗСКСИ). Извештајот се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија и се доставува до претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонијаи до средствата за јавно информирање.

Во текот на 2025 годинаДКСКпостапуваше во согласност со своите надлежности, со акцент на институционално зајакнување и засилена проактивност во превенцијата на корупцијата. Активностите реализирани во текот на минатата година придонесоа за натамошно градење одржлив систем на интегритет, унапредување на транспарентноста и за продлабочување на соработката со клучните државни институции, граѓанскиот сектор и со меѓународните партнери. Преку ваквиот пристап, ДКСК активно придонесе за унапредување на антикорупциските механизми со цел јакнење на институционалната рамка, подобрување на управувањето и развој на културата на интегритет во општеството.

Во тој контекст, ДКСК континуирано дејствувашево согласност со својата **мисија**:

„ДКСК применува и поттикнува доследна примена на законите, нормативно и институционално јакнење, креира антикорупциски политики, изрекува превентивни и репресивни мерки со кои влијае врз спречување на корупцијата и на судирот на интереси во вршење на власта и јавните овластувања, службената должност и политиката, го промовира владеењето на правото, доброто управување и развива правна култура“, а со цел исполнување на својата **визија:**

„Воспоставен функционален и ефикасен систем за превенција и за репресија на корупцијата и на судирот на интереси.“

# 2. Статус, раководство, надлежност и организациска структура

## 2.1. Законска рамка

Правната основа за работата и надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е утврдена со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кој е донесен и се применува од јануари 2019 година.Со овој закон значително се зголемија надлежностите на ДКСК и истовремено се зајакна нејзината институционална поставеност.

Во согласност со овој закон, ДКСК е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со Законот и имасвојство на правно лице. Во членот 17 од ЗСКСИ се утврдени 29 надлежности кои, генерално, може да се поделат во шест сегменти на функционирање, како што е прикажано во табела 1.

Табела 1: Надлежности на ДКСК

| Функции на ДКСК | Надлежности од член 17 |
|---|---|
| 1. Развој на антикорупциски политики и подобрување на антикорупциската клима. | - Донесување Национална стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување (точка 1).<br>- Спроведување антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, во согласност со методологија која ја донесува самата ДКСК (точка 2).<br>- Соработка со здруженија, фондации, научни институции и со приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и на судирот на интереси (точка 16).<br>- Подготовка на анализи за ризици од корупција во различни сектори (точка 17).<br>- Преземање активности во насока на јакнење на личниот и на институционалниот интегритет (точка 18).<br>- Спроведување истражувања на јавното мислење за оценка на своето работење и состојбата со корупцијата (точка 23).<br>- Редовно известување на јавноста за својата работа (точка 28).<br>- Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и за судирот на интереси (точка 19). |
| 2. Континуирано следење и проверка на имотната состојба и на интереситена избраните и на именуванителица, континуирано следење на финансирањето на политичките партии и на изборните кампањи,како и водење регистри. | - Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи (точка 7).<br>- Следење на законитоста на финансирањето на политичките партии (точка 6).<br>- Евидентирање и следење на имотната состојба и на интересите на лицата опфатени со ЗСКСИ (точка 10).<br>- Пропишување образец на изјавата за имотната состојба и интересите (точка 11).<br>- Вршење проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите (точка 12).<br>- Соработка со државни органи во обезбедувањето на потребните информации (точка 13).<br>- Водење регистар на избрани и на именувани лица (точка 20).<br>- Изготвување каталог на подароци врз основа на податоците добиени во согласност со членот 58 од ЗСКСИ и објавување на каталогот на веб-страницата (точка 22). |
| 3. Покренување иницијативи пред други надлежни органи, утврдување состојби на судир на | - Постапување по пријави од физички и од правни лица за сомнежи за корупција и за судир на интереси (точка 3). |

| | |
|---|---|
| интереси и водење прекршочни постапки. | - Покренување иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување одговорност на службени лица (точка 4).<br>- Покренување иницијативи за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува (точка 5).<br>- Покренување иницијатива врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија (точка 8).<br>- Водење прекршочни постапки за прекршоците утврдени во членовите 100 – 113 од ЗСКСИ (член 114, ст. 2) |
| 4. Соработка со државни органи, домашни тела, меѓународни тела и со организации. | - Соработка со државни органи заради обезбедување информации (точка 13).<br>- Соработка со национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата (точка 14).<br>- Разменување информации со надлежни тела на други држави и со меѓународни организации, врз основа на обврски преземени со меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот (точка 15).<br>- Соработка со здруженија, фондации, научни институции и со приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и на судирот на интереси (точка 16). |
| 5. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и за судирот на интереси. | - Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и за судирот на интереси (точка 19). |
| 6. Обезбедување непречено функционирање на институцијата. | - Донесување годишна програма за работа (точка 24).<br>- Донесување етички кодекс за членовите и за Секретаријатот (точка 25).<br>- Донесување деловник за работа (точка 26).<br>- Донесување акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот (точка 27). |

Во текот на 2025 година ДКСК беше дел од работната група за подготовка на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, ДКСК спроведе и антикорупциска проверка на овој предлог-закон и достави мислење до Министерството за правда со препораки за надминување на утврдените регулаторни ризици. Во однос на постојниот ЗСКСИ, со предложените измени, освен подобрување на постојната законска рамка во делот на постапувањето на ДКСК и зајакнување на механизмите за санкционирање, се предвидува законска обврска за воспоставување систем на интегритет во јавниот сектор.

ДКСК има доделени надлежности и со други закони, како Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20), Законот за лобирање („Службен весник на РСМ“ бр. 122/21) и Изборниот законик.

### 2.2. Мандат и статус на претседателот и на членовите

Државната комисија за спречување на корупцијата е составена од претседател и од шест члена, кои имаат статус на именувани лица. Претседателот и членовите на ДКСК се избираат на јавен оглас кој го објавува Собранието на Република Северна Македонија, на начин и во постапка утврдена со ЗСКСИ, со кои се обезбедува транспарентност и учество на јавноста при изборот.

Собранието на Република Северна Македонијаги именува претседателот и членовите на ДКСК за период од пет години, без право на повторен избор. Од редот на членовите на ДКСК, со мнозинство гласови од вкупниот состав се избира заменик-претседател по принципот на ротација на секои шест месеци. Претседателот и членовите на ДКСК ја вршат функцијата професионално и со полно работно време. Собранието на Република Северна Македонија ги разрешува претседателот или член на ДКСК по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието, во случај кога е исполнетеден од условите за разрешување кои се утврдени во ЗСКСИ.

Постојниот состав на ДКСК е избран на 22 декември 2023 година со Одлука за избор на претседател и членови на ДКСК („Службен весник на РСМ“ бр.278/23) од страна на Собранието на РСМ, со почеток на мандатот сметано од 8 февруари 2024 година. По престанокот на функцијата на поранешниот претседател на ДКСК, Собранието спроведе постапка за избор на нов претседател, кој беше избран на 3 декември 2025 години, со што се обезбеди континуитет и непречено функционирање на институцијата.

### 2.3. Секретаријат на ДКСК

Секретаријатот на ДКСК е стручна служба која ги врши административните работи што се во надлежност на институцијата.

Вработените во Секретаријатот имаат статус на административни службеници раководени од генерален секретар кој го избира ДКСК со мнозинство гласови од вкупниот состав на Комисијата.

Врз основа на извршена функционална анализа, процена на потребната организациска поставеност и човечки ресурси заради исполнување на законските надлежности, од август 2020 година се во примена Правилникот за внатрешна организација на Секретаријатот на ДКСК и Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК, со неколку негови измени и дополнувања. Актите за внатрешна организација и систематизација се јавно достапни на веб-страницата на ДКСК.

Вработените во Секретаријатот се организирани во следните организацискиформи:




Имајќи ги предвид сите релевантни меѓународни извештаи, како и заложбите за борба против корупцијата, ДКСК во насока на зајакнување на капацитетите и подобрување на целокупното работење и функционирање на институцијата подготви нова функционална анализа, во која ги идентификува главните карактеристики и недостатоци на постојната организациска структура и го идентификува фукционирањето на ДКСК во целина, со предлози за подобрување на организациската поставеност во насока на зголемување на ефикасноста и ефективноста во институцијата.

Во табела 2 е прикажана структурата на човечките ресурси во Секретаријатот на ДКСК во однос на планираниот број вработени и моменталната состојба на пополнетост по работни места, степен на образование, пол и етничка припадност.

Табела 2: Структура на човечките ресурси во Секретаријатот на ДКСК

| **Вид на административни службеници** | **Планирани** | **Број на вработени** | **ВСС** | **ССС** | **Мажи** | **Жени** | **Македонци** | **Албанци** | **Власи** | **Срби** | **Роми** | **Турци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерален секретар | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Државни советници | 2 | | | | | | | | | | | | |
| Раководни административни службеници | 15 | 13 | 13 | | 1 | 12 | 11 | 1 | | | | 1 | |
| Стручно-административни службеници | 43 | 30 | 30 | | 13 | 17 | 14 | 12 | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| Помошно-стручни административни службеници | 4 | 4 | | 4 | | 4 | 4 | | | | | | |
| **Вкупно** | **65** | **47** | **43** | **4** | **14** | **33** | **29** | **13** | **1** | **1** | **1** | **2** | |

Во согласност со изменетиоти дополнет Годишен план за вработување во ДКСК за 2025 година, беа планирани едно унапредување и две нови вработувања во Секретаријатот на ДКСК.

Со оглед на тоа дека до крајот на 2025 година од страна на Министерството за финансии не беше добиена поединечна согласност за обезбедени финансиски средства во буџетот на ДКСК, планираните вработувања и унапредувањето не се реализирани.

Во 2025 година на тројца административни службеници им престана работниот однос во Државната комисија за спречување на корупцијата во согласност со член 44 од Законот за вработените во јавниот сектор, со потпишување спогодба за мобилност преку трајно преземање во други институции.

На генералниот секретар на ДКСК предвремено му престана мандатот како генерален секретар поради именување на јавна функција претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата. Работното место на поранешниот генерален секретар на ДКСК, а сегашен претседател на ДКСК, на кое работел пред да биде назначен за генерален секретар и работниот однос во Секретаријатот на ДКСК се ставени во мирување.

Во табела 3 е прикажана состојбата на пополнетост на работните места во Секретаријатот на ДКСК во однос на предвидениот број работни места со актите за систематизација, пополнетост на работните места и процентот на пополнетост по години.

Табела 3: Состојба на пополнетост на работни места во Секретаријатот на ДКСК

| Година | Број на предвидени работни места | Број на пополнети работни места | Процент на пополнетост |
|---|---|---|---|
| 2021 | 64 | 34 | 53% |
| 2022 | 64 | 48 | 75% |
| 2023 | 64 | 52 | 81% |
| 2024 | 65 | 51 | 78% |
| 2025 | 65 | 47 | 72% |

ДКСК и во наредниот период ќе се залага за зајакнување на човечките ресурси. Имено, зајакнувањето на капацитетите во ДКСК е од исклучително значење за целокупното функционирање на институцијата и истото и понатаму останува стратегиски приоритет, со оглед на опфатот на законските надлежности и секојдневните предизвици со кои се соочува ДКСК.

# 3. Реализирани активности кои произлегуваат од законските надлежности на ДКСК

## 3.1. Национална стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси

### 3.1.1. Национална стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2021–2025 година

Во текот на 2025 година Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2021–2025 година беше во завршна фаза на спроведување.

Имајќи предвид дека рокот за достава на извештаите од институциите што се носители на активностите од Стратегијата за 2025 година заврши на 23 јануари 2026 година, ДКСК активно работи на евалуација на статусот на спроведување на вкупно 137 активности за 2025 година. По завршување на евалуацијата, ДКСК ќе донесе Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за 2025 година и Завршен извештај за спроведување на Стратегијата, кои ќе ги достави до Собранието на Република Северна Македонија до 31 март 2026 година, а воедно и ќе ги објави на својата веб-страница.

Поради нискиот процент на спроведување на Националната стратегија во изминатите години (Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за 2024 година: од вкупно 154 активности планирани за 2024 година, само 25 (18%) беа успешно реализирани, 77 (50%) беа нереализирани и 49 (32%) беа во тек), во јануари 2025 година ДКСК ја усвои анализата на фактори кои влијаат на степенот на спроведување на НС 2021–2025 година.

Овој документ е подготвен со цел да се лоцираат факторите од структурна, организациска, регулаторна или процедурална природа што влијаеле врз нивото на спроведеност на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси со Акцискиот план за нејзино спроведување (2021–2025 година) и со крајна цел да се подготват препораки за развој на нова, спроведлива и ефикасна национална стратегија.

Врз основа на анализата, ДКСК заклучи дека повеќе фактори негативно влијаат врз спроведувањето на Стратегијата, и тоа:

- примена на недоволно развиена методологија за подготовка на Стратегијата;
- честа промена на претставниците од институциите за време на процесот на подготовка на Стратегијата, именување претставници што немаат соодветно искуство или мандат да одлучуваат за обврските што може да ги преземе институцијата или отсуство на именувањеод страна на некои од засегнатите страни;
- недостиг на систематско пренесување на активностите од Стратегијата во стратешките и оперативните документи на Владата и на засегнатите органи на државната управа;
- неефикасна структура за меѓуинституционална координација во спроведувањето на Стратегијата;
- недоволно користење на надзорната улога на Собранието врз Владата и на Владата врз органите на државната управа одговорни за спроведување на активностите од Стратегијата;
- несоодветна формулација и утврдување на компетентност за спроведување на активностите;
- неусвојување план за следење на процесот на спроведување на Стратегијата;
- несоодветно планирање на буџетот за време на подготовката на Стратегијата, а подоцна и од страна на носителите на активностите;
- недостиг на соодветна организациска форма во Државната комисија за спречување на корупцијата, чијшто делокруг на работа ја вклучува Стратегијата;
- постоење замор од реформи во јавниот сектор.

Во периодот од 15 декември 2025 година до 23 јануари 2026 година преку веб- апликацијата на комуникацискиот портал на ДКСК беше отворен нов циклус на евалуација на степенот на реализација на активностите за 2025 година, при што координаторите на институциите носители на активностите поднесуваа извештаи за степенот на реализација на активностите. По завршување на евалуацијата, ДКСК ќе изработи Годишен извештај за спроведување на Стратегијата во 2025 година и Завршен извештај за спроведување на Стратегијата во петгодишниот период од 2021 до 2025 година. Извештаите ќе ги достави до Собранието на Република Северна Македонија до 31 март 2026 година.

Податоците од евалуацијата прикажани во табела 4 и оваа година покажуваат мал процент на реализација на планираните мерки и активности.

### 3.1.2. Подготовка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2026–2030 година

Наодите и препораките од Анализата на факторикои влијаат на степенот на имплементација на НС 2021-2025 имаа значаен придонес при подготовката на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2026–2030 година. ДКСК презеде активности за надминување на наведените слабости со цел да се создаде одржлива стратегија. Во таа насока и со оглед на тоа дека активностите треба да ги спроведуваат надлежните институции, ДКСК го интензивираше процесот на меѓуинституционална координација и соработка со сите надлежни институции.

За потребите за подготовката на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2026–2030 година (НС2026– 2030), ДКСК најпрво разви План на активности за подготовка на НС2026–2030 година, во кој беа предвидени главните чекори и активности за обезбедување доследна и инклузивна подготовка на документите што ѝ претходат, како и подготовката на самата НС2026–2030 година. Во февруари 2025 година ДКСК организираше консултативна средба со засегнатите страни за презентација на спроведеноста на НС2021– 2025 година и за презентација на патоказот за развој на Националната стратегија 2026–2030 година.

Со експертска и со техничка поддршка од УНОДЦ и проектот „Заедници со интегритет“ спроведен од страна на Националниот демократски институт (НДИ), а финансиран од владите на Шведска и на Швајцарија, во првата половина на 2025 година беше донесена Методологија за процена на ризиците од корупција за потребите на изработката на НС2026–2030. Врз основа на таа методологијабеше спроведена и донесена и процена на ризиците од корупција за потребите за изработка на НС2026–2030, која опфаќаше вкупно 5 хоризонтални области и 9 вертикални сектори (Јавни набавки, Вработувања, унапредувања и управување со човечки ресурси во јавниот сектор, Надзор над спроведување на законите, Доделување на финансиска проддршка, грантови, субвенции, донации и спонзорства, Управување со јавни ресурси и јавниот имот и вертикалните сектори: Правосудство, Внатрешни работи, Образование и наука, Здравство, Транспорт, урбанизам и просторно планирање, Јавни финансии и јавни приходи, Енергетика, Животна средина и природни ресурси, ЕЛС и ЈП на локално ниво), во кои беа детектирани главните ризици од корупција.

Процесот на идентификација на ризиците од корупција се темелеше на комбиниран пристап кој опфати: консултативни сесии, четири фокус-групи, анкетни прашалници за самопроцена, како и темелна анализа на законската рамка, извештаи од надзорни и ревизорски тела, релевантни статистички податоци и меѓународни извештаи, анализи и препораки.

По донесување на процената на ризици од корупција, ДКСК пристапи кон развивање и донесување методологија за изготвување НС2026–2030, во која беа дефинирани водечките принципи и пристапи за НС2026–2030, а, исто така, беа утврдении приоритетните области и сектори што ќе бидат опфатени со истата.

Имено, утврдувањето на приоритетните области и сектори е спроведено преку следните прашања:

- Дали областа, односно секторот во кој се утврдени ризиците од корупција значително го поткопува владеењето на правото во државата?
- Дали областа, односно секторот во кој се утврдени ризиците од корупција им предизвикува директна и/или неповратна штета на граѓаните?
- Дали со преземање конкретни мерки и активности во областа, односно секторот може да се направи реална промена во однос на граѓаните во следните 5 години?
- Дали ризиците од корупција во областа, односно секторот и мерките и активностите што би биле преземени ќе имаат трансформативен потенцијал или повеќесекторско прелевање?
- Дали утврдените ризици од корупција во областа, односно секторот предизвикуваат значителна финансиска штета?

По извршената приоретизација, ДКСК оцени дека при изработка на НС2026 –2030 во фокусот ќе биде следните области:

Хоризонтални области:

- Јавни набавки
- Надзор над спроведување на законите.

Сектори:

- Правосудство
- Здравство
- Транспорт и инфраструктурни објекти/проекти
- Урбанизам и просторно планирање
- Животна средина, енергетика и природни ресурси

Во рамките на подготовките за НС2026– 2030, ДКСК во периодот октомври – ноември 2025 година одржа по еден консултативен состанок за секоја хоризонтална област/сектор. На тие состаноци, со учество на претставници од државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми, врз основа на претходно утврдените ризици од корупција, но и врз основа на искуството на учесниците во овој сектор, беа утврдени визија, стратешки цели и клучни проблеми, со кои беше поставен основниот фокус и патоказ за спроведување на следната фаза за подготовка на Националната стратегија во областите/секторите. По завршување на консултативната фаза, во периодот од 14 ноември до 24 декември 2025 година беа одржани вкупно 14 целодневни работилници, по две за секоја област, на кои беа идентификувани приоритетни проблеми што генерираат висок степен на корупција, а за нивно надминување беа креирани предлог-мерки и активности, како и надлежни институции за нивна реализација.

ДКСК во моментот работи на сублимирање на нацрт-верзијата на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2026–2030 година и на акцискиот план за нејзино спроведување. Истата ќе биде доставена на консултација и мислење до сите надлежни и вклучени чинители, а по надминување и усогласување на евентуални забелешки, нацрт-верзијата НС2026–2030 ќе биде поставена на веб-страницата на ДКСК, за коментари одпошироката јавност и од невладиниот сектор, со цел и нивно вклучување пред донесување на Стратегијата и доставување до Собранието за нејзино усвојување.

| Р.бр. | Области/ Сектори | Број на предложени | | | Планиран период на реализација на активностите | | | | | Број на активности во 2021 | | | Број на активности во 2022 | | | Број на активности во 2023 | | | Број на активности во 2024 | | | Број на активности во 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Проблеми | Мерки | Активности | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | Реализирани | Нереализирани | Во тек | Реализирани | Нереализирани | Во тек | Реализирани | Нереализирани | Во тек | Реализирани | Нереализирани | Во тек | Реализирани | Нереализирани | Во тек |
| 1 | Јавни набавки | 2 | 2 | 4 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 |
| 2 | Вработување | 3 | 8 | 13 | 8 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 2 | 0 | 7 | 5 | 0 | 9 | 3 | 2 | 6 | 4 | 1 | 5 | 5 |
| 3 | Политички систем | 6 | 7 | 8 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 4 | 0 | 3 | 4 | 0 | 3 | 4 | 1 | 3 | 3 | 0 | 4 | 3 |
| 4 | Правосудство | 3 | 7 | 14 | 9 | 5 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 2 | 5 | 3 | 2 | 4 | 5 | 0 | 2 | 2 | 4 | 4 | 2 | 2 |
| 5 | Органи за спроведување на законот | 7 | 13 | 21 | 14 | 7 | 2 | 0 | 0 | 2 | 9 | 3 | 3 | 10 | 6 | 1 | 13 | 5 | 5 | 8 | 6 | 1 | 8 | 6 |
| 6 | Здравство | 5 | 18 | 26 | 12 | 13 | 1 | 0 | 0 | 1 | 9 | 2 | 2 | 16 | 6 | 8 | 7 | 8 | 4 | 4 | 8 | 3 | 3 | 7 |
| 7 | Образование | 8 | 18 | 34 | 27 | 4 | 0 | 0 | 0 | 6 | 10 | 11 | 5 | 12 | 11 | 4 | 13 | 8 | 5 | 11 | 8 | 6 | 8 | 7 |
| 8 | Труд и социјална политика | 1 | 5 | 10 | 3 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3 | 2 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | **Урбанизам и просторно планирање** | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 10 | **Животна средина** | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| 11 | **Земјоделство** | 5 | 9 | 16 | 11 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 1 | 0 | 14 | 2 | 2 | 6 | 8 | 1 | 11 | 3 | 4 | 10 | 0 |
| 12 | **Спорт** | 2 | 6 | 15 | 7 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1 | 0 | 9 | 5 | 0 | 10 | 5 | 1 | 10 | 4 | 1 | 9 | 4 |
| 13 | **Економија и бизнис** | 4 | 8 | 13 | 8 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 2 | 2 | 8 | 3 | 1 | 11 | 1 | 1 | 11 | 1 | 6 | 4 | 3 |
| 14 | **ЈП и АД** | 3 | 3 | 6 | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 4 | 1 |
| 15 | **Медиуми и граѓанско општество** | 3 | 5 | 8 | 3 | 5 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 5 | 0 | 2 | 5 | 3 | 3 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| | **ВКУПНО** | **54** | **111** | **191** | **111** | **67** | **9** | **2** | **0** | **22** | **59** | **30** | **17** | **90** | **58** | **24** | **89** | **53** | **28** | **77** | **49** | **31** | **60** | **46** |

Табела 4: Реализација на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021– 2025 година со акционен план во 2025 година




Графикон 1

Од добиените извештаи и направените проверки е утврдено дека од вкупно 137 предвидени активности за 2025 година31 се реализирани, 60 не се реализирани, додека, пак, 46 активности се во тек на реализација.

Степенот на реализација по области е прикажан во графикон 2.




Графикон 2

***Постапувања по предмети***

ДКСК своето постапување за проверка и за утврдување на состојбите поврзани со сомнежи за корупција, судир на интереси, непријавување имот и интереси, проверка на вистинитоста на изјавите за имотна состојба и интереси го темели на основа на поднесени пријави од правни или од физички лица, анонимни пријави, но постапува и по допрен глас и по сопствена иницијатива, како и во согласност со усвоени годишни планови.Во текот на 2025 година до ДКСК беа доставени голем број пријави по сите основи, кои се прикажани во табела 5:

Табела 5: Состојба на предмети по примени пријави, сопствена иницијатива и донесени одлуки

| **Област за постапување** | **Корупција** | | **Судир на интереси** | | **Имотна состојба** | | **Финансирање изборни кампањи** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** |
| Примени пријави | 455 | 496 | 85 | 89 | 30 | 42 | 42 | 62 | 612 | 689 |
| Сопствена иницијатива | 7 | 3 | 14 | 5 | 172 | 67 | 1 | 3 | 194 | 78 |
| Број на донесени одлуки | 359 | 353 | 82 | 98 | 113 | 231 | 29 | 63 | 583 | 742 |

Податоците за 2025 година покажуваат дека, исто како и во 2024 година, најголем број поднесени пријави се со наводи за постоење сомнежи за коруптивно однесување на службени лица (графикон 3).

Покрај тоа, во 2025 година ДКСК издаде 116 мислења по доставени барања во согласност со член 72, став 3 од ЗСКСИ.




Графикон 3

Во текот на 2025 година ДКСК одржа 13 седници преку е-платформа, за кои им беше овозможен пристап на радиодифузерите и на електронските медиуми да ги следат директно. Дополнително, снимките од одржаните седници се јавно достапни на каналот на ДКСК на „Јутјуб“.

**Член 22 од ЗСКСИ: Седници на комисијата:**

(1) **Државната комисија , одлуките во вршењето на работите од својата надлежност,ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.**

**(3) Седниците на Државната комисија се јавни.**

**(4) По исклучок на ставот (4) од овој член, јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани информации и податоци кои се заштитени со закон.**

На одржаните седници беа донесени 584одлуки, кои се прикажани во графикон 4според областа на надлежност на ДКСК.




Графикон 4: Донесени одлуки според област на надлежност

**Член 17 од ЗСКСИ:** ДКСК ги има следните надлежности:

Точка 4: Покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување одговорност на службени лица.

Точка 5: Покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува.

Во рамки на наведените надлежности, како резултат на постапувањата по предмети, ДКСК достави иницијативи за постапување и до други надлежни органи. Состојбата на доставените иницијативи и постапувања на институциите по истите е прикажана во табела 6.

Табела 6:Иницијатива

| Р. број | Институција | Доставени иницијативи | | | | Постапувања на институциите во 2024 по доставените иницијативи | | | | | | | | | | Постапувања на институциите во 2025 по доставените иницијативи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | 2025 | | Постапено | | Отфрлени | | Надминат на друг начин | | Постапката е во тек пред надлежен орган | | Не доставиле одговор | | Постапено | | Отфрлени | | Надминат на друг начин | | Постапката е во тек пред надлежен орган | | Не доставиле одговор | |
| | | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција |
| 1 | ОЈО | | 10 | | 8 | | 1 | | 3 | | | | 2 | | 4 | | | | | | | | | | 8 |
| 2 | Влада на РСМ | | 4 | | 1 | | | | | | 2 | | | | 2 | | | | | | | | | | 1 |
| 3 | Градоначалници | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | 2 | 1 |
| 4 | Други | 2 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 5 | Инспекциски служби | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| 6 | Министерство за здравство | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 7 | Комисија за заштита од конкуренцијата | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| 8 | Регулаторна комисија за енергетика | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| 9 | Судски Совет | 1 | 1 | | | | | | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | | | | |
| 10 | Управа за финансиска полиција | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| 11 | Управа за јавни приходи | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно** | 4 | 23 | 3 | 11 | 2 | 3 | 0 | 4 | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 12 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 11 |
| | **Вкупно** | 27 | | 14 | | 5 | | 4 | | 2 | | 2 | | 14 | | 1 | | 0 | | 0 | | 0 | | 13 | |

### 3.2. Постапувања во случаи на сомнежи за корупција

Корупција е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

ДКСК по сопствена иницијатива, врз основа на информации од медиуми (допрен глас) или по пријави од граѓани, правни субјекти или граѓански организации оформува и постапува по предмети со сомнежи за корупција.

Во согласностсо член 23 од ЗСКСИ, заради целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК бара податоци и информации од надлежни институции, од правни лица и од физички лица, кои се должни да ги достават најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето. Непостапувањето на одговорните лица по барањата на ДКСК е основа за изрекување санкција во согласност со ЗСКСИ.

Исто како и во претходните години и во 2025 година до ДКСК беа поднесени голем број пријави со сомнежи за корупција, односно за незаконски дејства преземени од страна на службени лица. Состојбата на примени пријави е прикажана во табела 7.

Табела 7: Преглед на примени пријави и оформени предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| Сопствена иницијатива | 7 | 3 |
| Пријави од граѓани | 455 | 496 |
| **Вкупно:** | **462** | **499** |

Во согласност со податоците од евиденцијата на ДКСК, во графикон 5 се прикажани областите каде што има најголем број пријави со наводи за незаконски или коруптивни дејства од страна на службени лица во јавниот сектор, како и областите за кои ДКСК има започнато постапки по сопствена иницијатива.




Графикон5

Во графикон 6 е прикажано накои проблеми се однесуваат доставените пријави.




Графикон 6

Постапувајќи по предмети од областа на корупцијата, ДКСК во текот на 2025 година донесе 359 одлуки (прикажани во табела 8).

Табела 8: Постапување по предмети од областа на корупцијата

| Постапување на ДКСК | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Број на решени предмети** | **387** | **378** |
| Донесени заклучоци за припојување *предмети (исти наводи); пренесено за постапување во друга организациска единица* | 28 | 25 |
| **Донесени одлуки** | **359** | **353** |
| o *Отфрлени пријави – нема јасни наводи или ненадлежност за постапување* | 79 | 138 |
| o *Пријавата се доставува на други органи на надлежно постапување* | 75 | 42 |
| o *Запирање на постапката – наводите не се потврдени* | 205 | 173 |
| | | |
| **Предмети по кои се преземени конкретни мерки:** | **11** | **12** |
| ***Поднесени иницијативи до ОЈО*** | **8** | **4** |
| - *Прифатени иницијативи* | - | - |
| - *Отфрлени иницијативи* | - | - |
| - *Постапувањето е во тек* | 8 | 4 |
| ***Иницијатива до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица*** | **3** | **8** |
| ➢ *Прифатени иницијативи* | - | 1 |
| ➢ *Отфрлени инцијативи* | 0 | 0 |
| ➢ *Постапувањето на институциите сѐ уште е во тек* | 3 | 7 |
| **Други иницијативи и барања произлезени од предмети** | **6** | **20** |
| **Доставени препораки за преземање конкретни мерки до институции** | **1** | **13** |
| **Укажувања** | **2** | **0** |

Одлуките за отфрлање на 79пријави во најголем број се однесуваат за:

- нејасни и неразбирливи пријави, поднесени од непознат подносител поради што не постои можност да се обезбедат дополнителни податоци за наводите од пријавите;
- изразено незадоволство од постапувањето на судии и од донесени судски одлуки;
- наводи кои се однесуваат за лица кои не се службени лицаво согласност со член 8 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- пријави за кои ДКСК претходно постапувала и има донесно одлуки.

Во 75 предмети ДКСК донесе одлуки пријавите, заедно со обезбедените податоци и информации при постапувањето, да се достават за понатамошно постапување кај други

надлежнидржавни органи поради исцрпеност на механизмите за проверка на наводите или обезбедување докази со кои располага ДКСК.

Во однос на пријавите што се однесуваат на судските постапки, ДКСК нема надлежност да утврдува дали судските постапки се водени со почитување на материјалните и на процесните закони, дали судските и јавнообвинителските одлуки се донесени врз основа на целосно и правилно утврдена фактичка состојба и со правилна примена на материјалното право. Овие пријави, кои по својата суштина се жалбени наводи, односно претставуваат претставки и поплаки за работата на судиите и на јавните обвинители, ДКСК ги доставува на надлежно постапување кај Судскиот совет на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и кај Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

За 205 предмети ДКСК донесе одлука за запирање на постапките поради тоа што:

- постои непотврдување на наводите од пријавата,
- се води постапка пред друг надлежен орган,
- е констатирана повреда на закон и е иницирана постапка пред Јавното обвинителство или пред друг надлежен орган.

Во процесот на одлучување по предметите по кои постапуваше ДКСК во 2025 година, огромен придонес дадоа инспекциските служби, кои по барање на ДКСК редовно вршеа вонредни инспекциски надзори од нивна надлежност заради проверка на наводите од пријавите.

Според податоците на ДКСК, најголемиот број пријави со сомневања за незаконитости во постапките се однесуваат на:

- незаконски вработувања и именувања лица на раководни позиции;
- повеќекратно именување на исто лице за в.д. директор;
- незаконитости во просторното и во урбанистичкото планирање и градење;
- неправилности и незаконитости во постапки на јавни набавки.

***Поднесени иницијативи до Основно јавно обвинителство***

Во согласностсо член 17, став 1, алинеја 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува. По предметите во кои постапуваше ДКСК во текот на 2025 година, поради постоење основи за сомневање за незаконито постапување на службени лица, се поднесени **осум** иницијативи до Јавнотообвинителство. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активностии одговорот од Јавното обвинителство се прикажани во прилог 1 кон овој извештај.

Поднесените иницијативи до Јавното обвинителство се однесуваат за незаконскоименување в.д. директори, спротивно на условите предвидени во материјалните закони. Исто така, ДКСК поднесе иницијативи против одговорни лица за постоење основи за сомневање за незаконитости во спроведување постапки за јавни набавки и незаконито располагање со буџетски средства.

***Поднесени иницијативи до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица***

Во согласностсо член 17, став 1, алинеја 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица. По предметите во кои постапуваше ДКСК во текот на 2025 година се поднесени **три** иницијативи до надлежните органи за поведување постапка за утврдување одговорност на службени лица. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности и одговорот од надлежните институции се прикажани во прилог 2 кон овој извештај.

***Други иницијативи и барања произлезени од предмети***

Постапувајќи по конкретни предмети, ДКСК во текот на 2025 година поднесе **шест** други иницијативи и барања произлезени од предмети оформени по пријави сосомнежи за корупција, кои се прикажани во прилог 3 кон овој извештај.

***Дадени препораки и укажувања***

ДКСК при своето постапување по поднесени пријави препозна состојби кои може да создадат ризик од корупција, нарушување на принципите на доброто владеење, владеење на правото и личниот и институционалниот интегритет при вршењето на јавните овластувања.

За да се обезбеди доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции и непристрасностна службените и на одговорните лица во институциите при вршење на јавните овластувања и службената должност, ДКСК упати една препоракаи две укажувања до надлежни институции за преземање конкретни дејства за надминување на констатираните состојби.Основот за упатените препораки и укажувања, спроведените активности и одговорот од надлежните институции се прикажани во прилог 4 кон овој извештај.

### 3.3. Постапување во случаи на судир на интереси

**Судир на интереси е состојба на судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице во кој приватниот интерес влијае или може да влијае врз извршувањето на неговите јавни овластувања и должности.**

Судир на интереси како состојба се јавува кога едно службено лице треба да одлучидали во конкретна ситуација вршењето на функцијата, јавното овластување,службената должност и положбата да ги подреди на својот личен интерес или наинтересот на блиски лица наместо на јавниот интерес и интересот на граѓаните.

Секое службено лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот личен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен или да побара мислење од ДКСК.

Во ситуации кога службеното лице при вршењето на функцијата, јавното овластување или службената должност треба да донесе одлука, меѓутоа почнува да размислува дали со одлуката би можело да оствари приватна корист или корист за блиско лице, тоа значи дека се наоѓа во етичка дилема и во таа ситуација е должно да побара мислење од ДКСК.

Во текот на 2025 година се поднесени 116 барања за мислење во согласност со член 72, став 3 од ЗСКСИ, по кои ДКСК издаде 108 мислења. За останатите осум барања за мислења, кои се добиени на крајот на годината, ќе се издадат мислења во 2026 година.

Најголем број од поднесените барања за мислења се однесуваат на прашања од извршување службени работи во локална власт, по штоследат прашања поврзани со органите на државната власт и од областа на здравството.Од вкупно 116 барања, 42 барања се поднесени од правни лица, додека 74 од физички лица.

Од добиените барања за мислења во 2025 година може да се констатира дека продолжува трендот на нивно зголемување, штоукажувадека кај службените лица, но и во јавноста, јакне свеста за ризиците што ги носи судирот на интереси како појава.

Постапувањето на ДКСК во 2025 година по оформените предмети од областа на судирот на интереси, по поднесени пријави или по сопствена иницијатива, се однесува на постапки за вработување, унапредување, доделување јавни набавки, дозволи, инспекциски надзор, доделување парична помош, субвенции, прекршување на забраните и на ограничувањата за вршење дополнителна дејност, кумулација на функции и др.

Во табела 9 се прикажани состојбите во однос на примени пријави со наводи за постоење судир на интереси во последните две години, како и предмети што се оформени по сопствена иницијатива на ДКСК.

Табела 9: Примени пријави и евидентирани предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| Сопствена иницијатива | 14 | 5 |
| Пријави од граѓани | 85 | 89 |
| **Вкупно:** | **99** | **94** |

Во согласност со податоците обезбедени од интерната евиденција на ДКСК, најголем број пријави со наводи за постоење судир на интереси и предмети што се оформени по сопствена иницијатива на ДКСК се однесуваат на областите прикажани во графикон 7.




Графикон 7

Во однос на постапувањето по предметите од областа на судирот на интереси, оформени по поднесени пријави и по сопствена иницијатива, ДКСК во 2025 година донесе 82 одлуки (прикажани во табела 10).

Табела 10: Постапувања од областа на судир на интереси

| Постапувања на ДКСК | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Предмети со наводи за судир на интереси | 99 | 94 |
| Донесени одлуки | 82 | 98 |
| - **Непотврдени наводиили нема повреда на одредби од ЗСКСИ.** | **53** | **65** |
| - **Отфрлени – поради ненадлежност на ДКСК.** | **12** | **15** |
| - **Потврдени наводи и прекршени одредби на ЗСКСИ кои ги предвидуваат забраните за вршење дополнителна дејност.** | **3** | **12** |
| - **Потврдени наводи и прекршени одредби на ЗСКСИ кои го предвидуваат постапувањето во ситуација на постоење судир на интереси.** | **5** | |
| - **Потврдени наводи, но нема прекршување на одредби од ЗСКСИ.** | **2** | |
| **Поднесени иницијативи за одговорност на службени лица поради постоење судир на интереси** | **3** | **4** |
| - Прифатени иницијативи | **1** | **1** |
| - Постапувањето на институциите е во тек | **2** | |
| **Поднесени иницијативи за разрешување службени лица поради постоење судир на интереси** | **-** | **-** |

| | | |
|---|---|---|
| - Прифатени иницијативи | - | - |
| - Постапувањето на институциите е во тек | **-** | **-** |
| Доставени препораки/укажувања до институции за постоење потенцијален судир на интереси | **6** | **7** |
| **Изречена јавна опомена** | **-** | **-** |
| Издадени прекршочни платни налози | **41** | **42** |
| Платени глоби од прекршочни платни налози | **26** | **32** |
| Поднесено барање за поведување прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК | **11** | **8** |
| Доставени барања за мислење | **116** | **78** |
| Дадени мислења | **108** | **77** |

Во 2025 година се поднесени 41 прекршочен платен налог за констатирани прекршоци на одредбите од ЗСКСИ, поврзани со утврдените забрани, и тоа:

- еден прекршочен платен налог за прекршување на член 29, став 1 од ЗСКСИ;
- девет прекршочни платни налози за прекршување на член 44 од ЗСКСИ;
- еден прекршочен платен налог за прекршување на член 45, став 1 од ЗСКСИ;
- три прекршочни платни налози за прекршување на член 56, став 2 од ЗСКСИ;
- 12 прекршочни платни налози за прекршување на член 75, став 1 од ЗСКСИ;
- еден прекршочен платен налог за прекршување на член 76, став 1 од ЗСКСИ;
- 13 прекршочни платни налози за прекршување на член82, став 1 и став 3 од ЗСКСИ;
- еден прекршочен платен налог за прекршување на член 85, став 1 од ЗСКСИ.

***Поднесени иницијативи до надлежни институции за утврдување одговорност на службени лица***

Во 2025 година ДКСК поднесе три иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување одговорност на службени лица поради прекршување на одредбите од ЗСКСИ кои го предвидуваат постапувањето на службените лица кога ќе се најдат во состојба на судир на интереси.

Имено, поднесените иницијативи за утврдување одговорност кај службени лица се однесуваат на неизземање и непријавување личен интерес од страна на службено лице во постапка за вработување блиско лице; лице што не пријавило дека има личен интерес и не се изземало во своето постапување при вршење на службената должност како вработено лице; и лице што не се изземало при склучување договори со приватна фирма што е во сопственост на негово блиско лице.

Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности и одговорот на надлежните институции се прикажани во прилог 5 кон овој извештај.

***Поднесени укажувања/препораки до надлежни институции поради постоење потенцијален судир на интереси***

Постапувајќи по поднесените пријави со наводи за постоење судир на интереси, ДКСК во **шест** случаи утврди дека нема прекршување на одредбите од ЗСКСИ, но има потенцијален судир на

интереси по што достави укажување/препораки како да се постапува во конкретна ситуација за да не се доведат службените лица до фактички судир на интереси.

- Во еден случај две блиски лица се избрани/именувани за вршење функција во иста институција– едното лице ја врши функцијата в.д. директор, а другото е член на Советот на таа институција.
- Во вториот случај се работи за две блиски лица- едното лице е вработено во општина, а другото е инспектор кој врши надзор во истата општина.
- Третиот случај се однесува на лице кое е вработено во средно училиште, назначено е за помошник-директор и ја врши функцијата претседател на Училиштен одбор на истото училиште.
- Четвртиот случај се однесува на судија кој исто така е и член на Стручен совет на Комората, по што ДКСК беше известена дека е надмината состојбата и лицето веќе не е дел од тој Стручен совет.
- Во петтиот и во шестиот случај, ДКСК даде препораки до надлежни институции за измена на законски одредби на материјални закони со цел да се утврди временски период пред назначување членови на комисии тие да не извршуваат должности во органи и во тела на политички партии.Во овие случаи, ДКСК беше известена дека препораката ќе биде земена предвид при измените на предметните закони во иднина.

***Во согласност со член 24 од ЗСКСИ, ДКСК поднесува известување до надлежен орган за прекршување одредби од овој закон од страна на службени лица***

За утврдена повреда на одредби од ЗСКСИ, ДКСК го известува органот во кој службеното лице врши јавни овластувања и органот надлежен за избор/именување на службеното лице, по што надлежниот орган е должен да ја извести ДКСК писмено за преземените мерки, во рок од 60 дена од денот на добивањето на известувањето.

Во 2025 година ДКСК во три случаи поднесе известување до надлежни органи, и тоа за две лица што извршуваа две функции во исто време, а во третиот случај поради прекршување на член 75, став 1 од ЗСКСИ, односно службеното лице не се изземало и не пријавило личен интерес.

Во сите три случаи надлежните органи ја известија ДКСК за преземените мерки од нивна страна и дека констатираната состојба е надмината.

***Констатирање прекршување на забраните и на ограничувањата за вршење друга дејност од страна на службени лица***

Во 2025 година ДКСК утврди дека деветлица ја повредилеодредбата од член 44, став 4 од ЗСКСИ, односно покрај тоа што биле именувани/избрани за вршење на една функција истовремено биле именувани и на друга функција.Во наведените случаи ДКСК ги извести лицата за констатираната состојба по штошестод нив се откажаа од едната функција или беа разрешени од вршење на една функција, додека останатите три лица продолжија да ги вршат двете функции, за што ДКСК ги извести органите надлежни за нивно именување.

ДКСК во еден случај утврди прекршување на член 45, став 1 од ЗСКСИ, за што го извести службеното лице дека кога стапило на функција не направило промена на управувањето во фирмата во која се јавува како сопственик.

### 3.4. Следење на законитоста на финансирањето политички партии и изборни кампањи

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересии со Изборниот законик се предвидени надлежности, активности и рокови за постапување на ДКСК во однос на следење на финансирањето на политичките партии и на изборните кампањи.

Собранието на Република Северна Македонија на 9 август 2025 година донесе Решение за распишување избори за членови на советите на општините и на Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, со број 09-4408/1, при што во член 2 е уредено дека *изборите ќе се одржат на 19 октомври 2025 година.*

** во продолжение локални избори 2025

По објавувањето на наведеното решение за распишување на локалните избори 2025, ДКСК презеде повеќе активности со цел организација на ресурсите со кои располага (човечки, технички) и со цел воспоставување ефикасна опсервација на законитоста на финансирањето на изборната кампања:

- Беа организирани повеќе работни средби со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка во делот на дејствувањето на институциите за избори 2025 година, и тоа:
  - на 16.09.2025 година се одржа работна средба на ДКСК со јавниот обвинител на Република Северна Македонија, со претседателот на Комисијата во Јавното обвинителство за следење евентуални изборни нерегуларности и со јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
  - на 17.09.2025 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија;
  -на 19.09.2025 година беше одржана работна средба со претставник на Набљудувачката мисија на ОБСЕ.
- На веб-страницата на ДКСК беше објавен образец– Пријава за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за локалните избори 2025 година, преку која секоја засегната страна во Република Северна Македонија можеше да пријави изборни прекршувања за време на одржаните изборни процеси.
- На 11.08.2025 година ДКСК објави известување со цел навремено и транспарентно информирање на органите на државната и на локалната власт и други државни органи, како и јавноста, за законитоста на користењето и располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето на локалните избори 2025 година, а во врска со надлежностите и обврските на истите, односно за обврските кои се уредени со член 34 и член 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и со членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, според кои одговорните лица на фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, регулаторни тела, трговски друштва основани од државата и други институции основани од државата, политичките партии и учесниците во изборната кампања се должни да се придржуваат кон законските ограничувања во текот на изборниот процес.

На располагање на јавноста беше ставена апликацијата - Регистар на возила на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал со цел пријавување недозволено користење на службените возила за изборни цели, со образец – Табела за доставување податоци за возила, која беше потребно со пополнети податоци да се достави на е- адресата vozila.izbori@dksk.org.mk.

По завршувањето на рокот за доставување на податоците за службените возила од страна на институциите, на 29.09.2025 година беше објавено соопштение заради информирање на јавноста за исполнетоста на обврските на раководните лица на јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал уредени во одредбата од член 8-б, став 2 од Изборниот законик, во согласност со кој истите се должни во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори да достават до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за бројот, видот, регистарската таблица и возната состојба на моторните возила со кои располагаат. Соопштението содржи табеларен преглед на институциите што немаат доставено податоци за службените возила, како и преглед со институциите што не доставиле податоци, а располагаат со службени возила. Обврска да достават податоци имаа вкупно 1.514 институции според податоците на Централниот регистар на Република Северна Македонија. Заклучно со 29 септември 2025 година 635 институции доставија податоци, додека 879 институции не доставија податоци.

Учесниците во изборната кампања, постапувајќи според член 84-б и член 85 од Изборниот законик, беа обврзани да доставуваат извештаи за примените донации и вкупни финансиски извештаи со спецификација за приходите и расходите во изборната кампања и тоа во законски определени рокови. Државната комисија за спречување на коруцијата постапувајќи според член 84-б од Изборниот законик тековно ги објавуваше овие извештаи на својата веб-страница.

Заклучно со 31.12.2025 година до ДКСК се доставени вкупно 215 извештаи за примени донации од страна на учесниците во изборниот процес, како и 67 вкупни финансиски извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања од денот на отворање до денот на затворање на трансакциската сметка за изборна кампања.

Анализата на податоците од обработените извештаи и констатираните состојби ќе биде прикажана во посебниот извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања, кој, во согласност со член 32, став (10) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК е обрзана да го донесе и да го достави до Собранието на Република Северна Македонија во рок од три месеци од денот на завршување на изборите.

Изборниот период за локалните избори 2025 траеше од 09.08.2025 година заклучно со 12.11.2025 година, во согласност со донесениот Заклучок за завршување на локалните избори2025 година за избор на членови на советите на општините и на Советот на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје.

Во овој период ДКСК оформи вкупно 43 предмети, и тоа:

- 42 предмети по поднесени пријави,
- 1 предмет оформен по сопствена иницијатива.

До ДКСК се доставени вкупно 42 **пријави**со сомневања за сторени повреди на Изборниот законик и на Законот за спречување на корупцијата во текот на изборниот период.

Заклучно со 31.12.2025 година ДКСК постапи по вкупно 29 предмети. За 24 има донесено одлука за запирање на постапката; за три има донесено одлука за отфрлање на пријавата; за еден предмет ДКСК донесе заклучок за спојување со друг предмет; и за еден предмет е донесен заклучок за прераспоредување за работа во согласност со Законот за заштита на укажувачите.

Од анализата на содржината на доставените пријави се констатира следното:

- ✓ Најголем број од нив, односно вкупно 19 пријави, се однесуваат на наводи за сомневања за нерегуларности во постапките за вработување или престанок на работен однос за време на изборниот период, кои се опфатени со одредбата на членот 8-а, став 1, алинеја 3 од Изборниот законик, односно член 34, став 1, алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавените случаи, за дел од нив ДКСК достави барања за надлежно постапување на други надлежни институции (инспекциски служби). Субјектите кои се наведени во пријавите постапија по барањата на ДКСК, извршија инспекциски назор и ја утврдија фактичката состојба. Во зависност од исходот од нивното постапување и дополнително прибавените релевантни информации, ДКСК донесе одлуки за констатирана/неконстатирана повреда на член 8-а, став 1, алинеја 3 од Изборниот законик, односно член 34, став 1, алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. За останатиот дел од овие пријави ДКСК обезбеди документација од пријавените органи и други релевантни институции, по што ја утврди фактичката состојба во врска со пријавените наводи и донесе одлука од своја надлежност. ДКСК има донесено одлука за вкупно 13 од наведените 19 доставени пријави со сомневања во делот на вработувањата или прекин на работниот однос во изборниот период.
- ✓ Наводите од 5 пријави се однесуваат на прекршување на одредбите од член 8-а, став 2, алинеја 1 од Изборниот законик, одредба која се однесува на забрана за одржување јавни настани по повод започнување изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал. Како примери може да се наведат наводи за организирани настани со присуство на медиуми за доделување униформи на ученици во основни училишта, пуштање во употреба на објект на здравствена установа - амбуланта и детско игралиште во рурално подрачје, со присуство на претставници на локалната и на централната власт, како и пуштање во употреба на базен со објавување видеоснимка на која е прикажано присуство на малолетни лица. Во однос на овие пријави ДКСК констатира дека дел од нив не се одржани во изборен период, односно настаните биле одржани пред почетокот на изборите, а за дел од нив е констатирано дека нема сторено повреда на одредбите од член 8-а, став 2, алинеја 1 од Изборниот законик. ДКСК заклучно со 31.12.2025 година има донесено одлука за 4 од наведените 5 оформени предмети, односно за еден предмет постапувањето сè уште е во тек.
- ✓ ДКСК за 3 предмети констатира дека се работи за поднесена пријава во врска со наводи за сомневање за поткуп на гласачи, уредено во член 8-б, став 6 од Изборниот законик, по што презеде активности во согласност со член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и достави известување за пријавените случаи до надлежната Комисија

во Јавното обвинителство за следење евентуални изборни нерегуларности за натамошно надлежно постапување.

- ✓ Во две пријави се содржани наводи за сомневање за прекршување на одредбата од член 8-а, став 1, алинеја 1 од Изборниот законик, односно член 34, став 1, алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кои се однесуваат на изградба на пат и на изведување градежни работи, во две различни општини, без притоа да биде обезбедено соодветно одобрение за истите. Заклучно со 31.12.2025 година постапувањето по овие два предмети сè уште е во тек.
- ✓ Доставена е пријава која се однесува на сомневање за сторена повреда на член 8-а, став 1, алинеја 2 од Изборниот законик, односно член 34, став 1, алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно сомневање дека со донесување одлука биле обезбедени услови за зголемување плати и надоместоци од плати на дел од општинска администрација, како и пријава со сомневање за повреда на член 8-б, став 1 од Изборниот законик, односно сомневање за злоупотреба на службено возило за партиски активности во кампања. Постапувањето по овие предмети сè уште е во тек, односно ДКСК сè уште презема активности за утврдување на фактичката состојба по однос на истите, а дополнително за еден од овие предмети се постапува во согласност со Законот за заштита на укажувачите.
- ✓ Во останатите 11 пријави се содржани наводи за сомневања за неправилности кои не се опфатени во Изборниот законик или ДКСК констатирала дека нема надлежност за постапување по истите. Наводите од овие предмети се однесуваат на утврдување ценовник за рекламирање во изборна кампања, барање за проверка на лице на листа на гласачи, сторен сообраќаен прекршок во изборен период кој е оценет како притисок од подносителот на пријавата, закана за дисциплинска постапка на вработено лице, отворен изборен штаб во близина на изборачко место и слично. За овие 11 предмети ДКСК има донесено вкупно 9 одлуки додека постапувањето по останатите е во тек.

2. ДКСК во изборниот период за локалните избори 2025 година оформи еден предмет по **сопствена иницијатива,** по добиени сознанија (допрен глас) од медиуми, а во врска со наводи за сомневања за сторени повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик при дадено ветување од страна на кандидат за градоначалник за бесплатни здравствени прегледи во приватна здравствена установа. Постапувањето по овој предмет е во тек.

Во рамките на своето постапување, иако ДКСК извести дека нема законска надлежност да дава мислење во врска со примената на одредбите од членот 8-а и 8-б и членот 34 од ЗСКСИ, во изборниот период до ДКСК, од страна на државни органи, правни лица основани од државата и физички лица, беа доставени вкупно 246 *барања за мислења* кои се однесуваа на прашања за преземање конкретни активности, а во смисла на почитувањена забраните уврдени со членот 8-а и членот 8-б од Изборниот законик и членот 34 од ЗСКСИ.

На сите овие барања беше доставено известување дека:

Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски основ и надлежност да дава мислење или согласност по доставените барања за мислење, со укажување дека при одлучувањето за не/спроведување одредени активности, од денот на донесувањето на одлуките за распишување на избори, па до завршување на локалните избори, потребно е да се почитуваат забраните утврдени во член 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 и 35 од Законот за спречување

на корупцијата и судирот на интереси и дека истите се одговорност на одговорните лица на државните органи и другите субјекти.

**ПОВТОРНИ ИЗБОРИ**

На 17.11.2025 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија донесен Решение за распишување повторни избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и за градоначалник на општина Центар Жупа.
Во согласност со истото, беше предвидено изборите да се одржат на 11.01.2026 година.

### 3.5. Евидентирање и следење на имотната состојба и интересите

**Во согласност со член 17 од ЗСКСИ: ДКСК**

(10) Ја евидентира и следи имотната состојба и интересите во постапка согласно со овој закон.
(11) Пропишува образец на изјавите за имотната состојба и интересите.
(12) Врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите.
(13) Соработува со други државни органи во обезбедување на потребните информации.

Овие надлежности ДКСК ги реализира со евидентирање и анализирање на податоците од образецот – Изјава за имотна состојба и интереси која од 01.01.2024 година се поднесува во електронска форма, преку електронскиот систем за поднесување на изјавите за имотна состојба и интереси од страна на лицата утврдени во член 82, став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Податоците за имотната состојба на лицата кои до 31.12.2023 година поднеле анкетен лист во хартиена форма,а сè уште ја извршуваат функцијатаи не поднеле изјава за имотна состојба и интереси во електронска формасе објавени на веб-страницата на ДКСК во делот „Анкетни листови доставени до 31.12.2023 година".

Во текот на 2025 година до ДКСК се доставени вкупно **4.300** изјави за имотна состојба и интереси (прикажани во табела 11).

Табела 11: Преглед на поднесени изјави за имотна состојба и интереси

| Основ за поднесување изјави за имотна состојба и интереси | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| По избор/именување на функција | 2.367 | 1.757 |
| По престанок на функција | 1.447 | 1.274 |
| За промена на имотна состојба | 486 | 589 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **4.300** | **3.620** |

Зголемениот број поднесени изјави за имотна состојба и интереси во споредба со 2024 година е резултат на одржаните локални избори во 2025 година.

Со оглед на тоа дека од 01.01.2024 година е ставено во функција новото софтверско решение за електронско поднесување на изјавите за имотна состојба и интереси, лицата на кои им престанала функцијата и беа обврзани да поднесат изјава по престанок на функцијата, а по изборот/именувањето на функцијата имаа поднесено анкетен лист во хартиена форма,за да можат да ја исполнат својата законска обврска треба да се најават на електронскиот систем www.imotnasostojba.dksk.mk, односно прво да поднесат изјава за имотна состојба и интереси за избор/именување на функцијата, а потоа да поднесат изјава попрестанок на функцијата.

Софтверското решение автоматски ги објавува податоците од изјавите за имотна состојба и интереси на актуелните избрани и именувани лица, така што на веб-страницата на ДКСК (https://registar.dksk.mk/appointed-person?page=0&rowsPerPage=5) заклучно со 31.12.2025 година се објавени податоци од 4.153 изјави за имотна состојба и интереси, како и податоци од 9.636 анкетни листови поднесени до 31.12.2023 година.

ДКСК континуирано го следиисполнувањето на обврските од член 82, став 1 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси за поднесување изјава за имотна состојба и интереси од страна на избраните и именуваните лица по изборот/именувањето, односно по престанокот на функцијата.

### 3.6. Проверка на вистинитоста на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси

Во согласност со член 92 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата е надлежна да врши проверка на вистинитоста на податоците од изјавата за имотната состојба и интересите во случаи кога постапува по конкретен предмет, како и врз основа на годишен план за следење на имотната состојба и судир на интереси, кој се донесува во согласност со член 19 од истиот закон.

За проверка на вистинитоста на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите, ДКСК обезбедува информации и податоци за имотот и интересите на функционерите и имотот и интересите на членовите на нивните семејства од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Управата за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и од банките и финансиските институции во Република Северна Македонија. Притоа, освен од Централниот регистар на Република Северна Македонија и од Агенцијата за катастар на недвижности во чии што бази на податоци ДКСК има непосреден електронски пристап, податоците од останатите институции се прибираат во печатена форма што го отежнува и забавува процесот на проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси и влијае врз ефикасноста на проверките.

Во декември 2024 година Државната комисија усвои Годишен план за следење на имотната состојба и судир на интереси за 2025 година со кој беше предвидена проверка на вистинитоста на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите на 42 функционери:

- 13 членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија;
- 9 членови на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија;
- 10 функционери од областа на здравството;
- 10 функционери – директори на државни инспекторати/членови на Инспекцискиот совет.

Во 2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата оформи вкупно 202 предмети поврзани со евидентирањето и следењето на имотната состојба и интересите, од кои 172 по сопствена иницијатива и 30 по добиени пријави.

Ефектот од постапувањето на ДКСК во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година е прикажан во табела 12.

Табела 12: Преглед на предмети оформени во согласност со член 82, член 85 и член 92 од ЗСКСИ

| Основ за постапување | 2025 | | | 2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сопствена иницијатива | По пријави | Вкупно | Сопствена иницијатива | По пријави | Вкупно |
| Неподнесување/ненавремено поднесување изјави за имотна состојба и интереси/обрасци за пријавување промена на имотна состојба и интереси - член 82 и член 85 од ЗСКСИ | 126 | 24 | 150 | 47 | 18 | 65 |
| Проверка на вистинитоста на податоците од изјавите за имотна состојба и интереси по член 92 од ЗСКСИ | 4 | 6 | 10 | 6 | 24 | 30 |
| Годишен план за следење на имотната состојба и интереси за 2025 година по член 19 од ЗСКСИ | 42 | - | 42 | 14 | - | 14 |
| **Вкупно:** | **172** | **30** | **202** | **67** | **42** | **109** |

Во 2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата издаде 71 прекршочен платен налог за прекршоци поврзани со пријавувањето на имотната состојба и интересите утврдени во член 82 и член 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнивни по член 109 од истиот закон.

Во истиот период ДКСК поднесе 12 барања за поведување прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК, од причина што постапката за порамнување со издавање прекршочен платен налог не била успешна.

Во 2025 година ДКСК донесе одлуки за 113 предмети оформени во однос на надлежноста за евидентирање и следење на имотната состојба и интересите, каде што, по преземени дејства, е утврдено дека нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК и постапката е запрена. Во еден случај е доставено известување до Управата за финансиска полиција за нејзино надлежно постапување.

### 3.7. Регистар на избрани и именувани лица

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
(20) Води регистар на избрани и именувани лица.

Во согласност со член 89 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата води регистар на избрани и именувани лица како единствена база на податоци за избрани или именувани лица, одговорни лица во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетот на претседателот на РСМ, кабинетот на претседателот на Собранието на РСМ, потпретседателите на Собранието на РСМ, претседателот на Владата на РСМ, замениците на претседателот на Владата на РСМ, министрите и генералниот секретар на Владата на РСМ заради извршување работни задачи на посебен советник при изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето.

Регистарот се ажурира автоматски со внесување на податоците што овластени лица од институциите што имаат надлежност да вршат избори и именувања ги доставуваат до ДКСК, и тоа во рок од 15 дена од нивниот избор, именување, односно престанок на функција.

Заклучно со 31 декември 2025 година во регистарот на избрани и именувани лица се внесени податоци за 16.147 актуелни и поранешни избрани и именувани лица.

Од причина штоголем број институции што вршат избор/именување на лица не ја исполнуваат законската обврска за внесување податоци во регистарот на избрани и именувани лица, ДКСК не располага со реални и точни податоци за бројот на избрани и именувани лица, дали одредени лица активно ја извршуваат функцијата или им престанал мандатот, дали е извршен повторен избор и слично.

Ажурноста и комплетноста на регистарот на избрани и именувани лица е од огромна важност за ДКСК заради остварување на нејзините законски надлежности поврзани со евидентирањето и следењето на имотната состојба и интересите и проверка на податоците од изјавите за имотна состојба и интереси, како и за утврдување случаи на неспојливост на функции и состојби на судир на интереси.

Во текот на 2022 година со поддршка од ЕУ, преку проектот 2 на ИПА, за потребите на ДКСК започна да се развива интегрирано софтверско решение со повеќе поврзани модули (регистар на избрани и именувани лица, електронско поднесување на изјавата за имотна состојба и интереси, електронска размена на податоци со други државни институции). Модулот за регистарот за избрани

и именувани лица треба да воспостави и обезбеди единствен регистар на актуелни избрани, именувани или назначени лица, врз основа на податоци кои ќе бидат генерирани, односно ажурирани од страна на лица со пристап до овој регистар овластени од страна на институциите што вршат избор, именување, односно назначување. Во 2025 година, повторно со поддршка на Европската Унија, преку проектот 3 на ИПА, се започнати активности за надградба и унапредување на софтверското решение, што ќе ги подобри функционалностите на сите три модули.

### 3.8. Водење прекршочни постапки

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има зголемени и зајакнати надлежности во спречувањето накорупцијата и судирот на интереси, но и механизми за санкционирање на избраните, именуваните и службените лица во случаи на постапување спротивно на законските одредби. Во согласност сочлен 114 од ЗСКСИ, за утврдените прекршувања на одредбите од ЗСКСИ, Прекршочната комисија во ДКСК води прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции.Прекршочната комисија во ДКСК се бира од редот на овластени службени лица во Секретаријатот со соодветен степен и вид на стручна подготовка и потребно работно искуство, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

Прекршочна постапка се води во согласност со Законот за прекршоците и пред поднесување барање за поведување на постапката се спроведува постапка на порамнување со издавање прекршочен платен налог. Овластените службени лица водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на поведените постапки. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува Државната комисија.

Во 2025 годинаовластените службени лица во ДКСК издадоа **111**прекршочни платни налози (во вкупен износ на изречени глоби од **35.100** евра во денарска противвредност)за констатирани прекршоци утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Најголемиот број од издадените прекршочни платни налози, односно **84,**се за прекршоци утврдени со член 82 и член 85 од ЗСКСИ, односно за неподнесување изјава за имотна состојба и интереси и непријавување промени во имотната состојба и интересите.

Во **69** случаи од страна на сторителите е постапено по издадените платни налози и во законски утврдениот рок е платена половина од утврдената глоба во истите.

Поради неуспешност на постапката за порамнување, односно непостапување по издадените прекршочни платни налози во законски утврдениот рок, од овластените лица во ДКСК се поднесени **45** барања за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во ДКСК.

Во 2025 година Прекршочната комисија во ДКСК донесе **47** решенија, од кои со **34** решенија е изречена прекршочна санкција глоба (вовкупен износ од **10.300** евра во денарска противвредност), со **4** решенија е изречена прекршочна санкција опомена, со **6** решенија се запира прекршочната постапка поради откажување на подносителот на барањето и со **3** решенија се отфрла барањето за поведување прекршочна постапка.

Во **два**случаи е вратено барањето за поведување на прекршочната постапка со цел спроведување постапка за порамнување во согласност со закон.

**Во извештајниот период, 14** решенија со кои е изречена прекршочна санкција глоба се доставени до Управата за јавни приходи за присилна наплата.

За **пет** решенија на Прекршочната комисија во ДКСК од страна на сторителите се поднесени тужби до Управниот суд на Република Северна Македонија.

Во 2025 година, по основ на водените постапки за порамнување по сите основи и по спроведена прекршочна постапка, наплатени се глоби во износ од **12.700** евра во денарска противвредност.

Во согласност со член 98 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК редовно објавува податоци на својата веб-страница за сите случаи на успешно спроведени постапки за порамнување и правосилно завршени прекршочни постапки.

Табела 13: Постапувања на Прекршочната комисија во 2025 година

| **Основ за издавање прекршочен платен налог** | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Неподнесување/ненавремено поднесување изјава за имотната состојба и непријавување на зголемувањето на имотот(член 82 и член 85 од ЗСКСИ) | 84 | 65 |
| Кумулација на функции, непријавување судир на интереси (член 44, член 73 и член 75 од ЗСКСИ) | 24 | 40 |
| Должност на службените лице за известување до ДКСК во рок од 10 дена од денот по извршениот избор, именување, унапредување или вработување член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или кај друго правно лице што располага со државен капитал (член 56 од ЗСКСИ) | 3 | |
| Непостапување по барање од страна на надлежната институција во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето на ДКСК | / | |
| Платени глоби | **69** | 67 |
| **Наплатени глоби во Буџет на РСМ во денари** | **781,050** | **867,150** |
| Поведени прекршочни постапки | 45 | 68 |
| - Изречена санкција - глоба | 34 | 41 |
| - Изречена санкција - опомена | 4 | 4 |
| - Ослободување од одговорност | 0 | 0 |
| - Повторено барање за поведување постапка со порамнување | 2 | 4 |
| - Запирање прекршочна постапка по барање на ДКСК | 6 | 4 |
| - Отфрлено барање | 3 | 11 |
| - Поднесени тужби до Управен суд | 5 | 7 |
| - Поднесени жалби до Вишиот управен суд против пресуди на Управен суд | 4 | |

### 3.9. Антикорупциска проверка на закони и на подзаконски акти

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
(2) Спроведува антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и на други општи акти, во согласност со методологијаташто ја донесува

Антикорупциската проверка на легислативата (АПЛ) е препознаена како силна превентивна мерка поради што ДКСК во посебна постапка, ангажман, обврска и експертиза го изразува своето мислење за сите нацрт-текстови на закони во подготовка што се доставуваат до неа заради добивање мислење. Антикорупциската проверка на легислативата е клучен превентивен антикорупциски механизам со кој се придонесува за навремено пресретнување и превенирање евентуални точки на ранливост и ризик од корупција и судир на интереси во правните норми.

Во насока на остварување на оваа цел, Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, односно член 68, став 1, точка 13, предвидува обврска за сите министерства и органи на државната управа задолжително да ги доставуваат на мислење до ДКСК предлог-законите што подлежат на ПВР.

Антикорупциска проверка на легислативата се врши според годишен план на ДКСК, по сопствена иницијатива на ДКСК, кога од постапувања по одредени предмети произлегуваат недоречености, за што се изготвува извештај за АПЛ, како и по барања доставени од разни органи, за што се издава мислење.

Во 2025 година е спроведена антикорупциска проверка по сопствена иницијатива на следните закони:

- Член 14 од Правилникот за начинот на спроведување селекција при распоредување и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи – извештајот е доставен до Министерството за внатрешни работи.
- АПЛ која се однесува на одредби во врска со издавање лиценци, одобренија, дозволи за работа на угостителски објекти и слично, како и за вршење надзор од следните закони: Закон за угостителска дејност, Закон за заштита и спасување и Закон за инспекциски надзор – извештајот е доставен до:
    - Владата на Република Северна Македонија,
    - Собранието на Република Северна Македонија,
    - Министерството за локална самоуправа,
    - Министерството за внатрешни работи,
    - Министерството за правда,
    - Министерството за одбрана и до
    - Министерството за економија и труд.

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер – извештајот е доставен до Министерството за правда.
- Изборен законик – извештајот е доставен до Министерството за правда.

По годишен планза спроведување антикорупциска проверка на легислативата за 2025 година е спроведена проверка на следните закони:

- Закон за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/2021).
- Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) – извештајот е доставен до Министерството за јавна администрација.
- Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и„Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024)– извештајот е доставен до Министерството за јавна администрација.
- Закон за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.129/2023 и 53/2024).
- Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.202/2024).
- Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24).

ДКСК по барања од надлежни институции во 2025 година даде мислење за:

- предлог-закон за стручно усовршување и обука на административните службеници – извештајот е доставен до Министерството за јавна администрација;
- предлог-закон за внатрешни работи – извештајот е доставен до Министерството за внатрешни работи;
- предлог-закон за пристапност на веб-страниците и на мобилните апликации на институциите од јавниот сектор – извештајот е доставен до Министерството за дигитална трансформација;
- предлог-закон за безбедност на мрежни и информациски системи – извештајот е доставен до Министерството за дигитална трансформација;
- предлог-закон за архивски материјали и архивска дејност – извештајот е доставен до Министерството за дигитална трансформација;
- нацрт-закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците – извештајот е доставен до Министерството за правда;
- предлог-закон за судската служба – извештајот е доставен до Министерството за правда;
- предлог-закон за електронските комуникации – извештајот е доставен до Министерството за дигитална трансформација;

- предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси – извештајот е доставен до Министерството за правда;
- предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги – извештајот е доставен доМинистерството за дигитална трансформација;
- предлог-закон за јавно приватно партнерство – извештајот е доставен до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини;
- предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување санкции – извештајот е доставен до Министерството за правда;
- предлог-закон за јавнообвинителска служба – извештајот е доставен доМинистерството за правда;
- правилник за формата, содржината и начинот на поднесување иницијатива за вклучување во Годишниот план за изградба на енергетски објекти; форма и содржина на Годишниот план и на Извештајот за реализација на Годишниот план за претходната година; податоци потребни за изработка на Годишниот план;начинот и роковите за нивно доставување од институции; потребна документација за изготвување на Годишниот план за изградба на енергетски објекти и документција која ја доставува инвеститорот; начинот на оценување на соодветноста на податоците доставени од инвеститорите; начинот на распределбата на потребните трошоци за инвестиции за зајакнување на мрежите; начинот на изработка на приклучни точки, како и правата и обврските на засегнатите страни за секоја поединечна институција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти; динамиката на развој на проектите; начинот на користење и поднесување апликации преку јавно достапна платформа – извештајот е доставен до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини;
- предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап– извештајот е доставен доМинистерството за правда;
- предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја – извештајот е доставен до Министерството за правда;
- нацрт-закон за Законот за пробација.
- предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност.
- предлог-закон за концесии на добра од општ интерес.

Дополнително, ДКСК со поддршка на партнерски организации спроведе:

1. *Антикорупциска анализа на легислативата од областа на локалната самоуправа,* изработена од коалицијата „Сите за правично судење“ со поддршка на Националниот демократски институт – Северна Македонија.
   Анализата беше презентирана пред група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и е објавена на веб-страницата на ДКСК.

Следните прописи беа предмет на наведената анализа:

- Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).
- Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24).
- Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“бр. 55/2004, 12/2005, 98/2008 и 106/2008).
- Закон за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11).
- Закон за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21).
- Закон за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 241/24).
- Закон за државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25).

2. *Антикорупциска анализа на легислативата од областа на правосудството*, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје:

Во првата половина од 2025 година продолжи експертската поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во спроведување на анализата на втор дел од законите и подзаконските акти од областа на правосудството, со која беа опфатени:

- Законот за јавнообвинителска служба,
- Законот за Академија за судии и јавни обвинители,
- Законот за правосудниот испит,
- Законот за бесплатна правна помош,
- Законот за адвокатура,
- Законот за нотаријат,
- Законот за извршување,
- Законот за медијација и
- Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Анализата е во завршен процес на изработка и истата ќе биде конечна во првото тримесечје на 2026 година.

Извештаите и мислењата од спроведената антикорупциска проверка на легислативата во 2025 година, како и анализите спроведени со поддршка на партнерските организации, се објавени на веб-страницата на ДКСК.

Воедно, извештаите од спроведената антикорупциска проверка на легислативата се доставуваат до надлежните органи (Собранието, Владата, Министерството за правда, ресорните министерства и др.) со цел запознавање на наодите и преземање мерки за надминување на утврдените регулаторни ризици.

### 3.10. Јакнење на личниот и на институционалниот интегритет

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**

(18) Презема активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет

Во текот на 2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата продолжи со засилено темпо да ги реализира активностите насочени кон јакнење на личниот, институционалниот и на секторскиот интегритет, во согласност со своите законски надлежности, како и со приоритетите утврдени во Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2021–2025 година и релевантните реформски процеси во јавниот сектор.

Во оваа насока, ДКСК работеше на воведување и на зајакнувањена системот на интегритет во органите на централната власт, судската власт и во единиците на локалната самоуправа.

Активностите во 2025 година беа насочени кон истовремено јакнење на секторскиот, институционалниот и на личниот интегритет. Во делот на секторскиот интегритет, ДКСК продолжи со следење на имплементацијата на мерките и на активностите од Националната стратегија 2021–2025 година користејќи воспоставени алатки за прибирање и анализа на податоци од надлежните институции, со цел обезбедување увид во степенот на нивна реализација.

Во делот на институционалниот интегритет, 2025 година беше обележана со значаен исчекор во вградувањето на системот на интегритет во правосудството и локалната самоуправа. Во декември 2025 година, ДКСК и Управниот суд на Република Северна Македонија потпишаа Меморандум за соработка, со што се зајакна институционалната рамка за превенција од корупција, унапредување на етичките стандарди и управување со институционалните ризици во судската власт. Дополнително, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беа промовирани и потпишани ажурираните политики за интегритет на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелациониот суд во Скопје, Апелациониот суд во Битола, Апелациониот суд во Штип и Управниот суд, со што системот на интегритет беше институционално вграден во клучните сегменти на судската власт.

Паралелно со тоа, ДКСК активно работеше на јакнење на културата на интегритет преку јавни и едукативни настани, вклучувајќи активности со единиците на локалната самоуправа, Собранието на Република Северна Македонија, образовни посети на ученици и тематски обуки за институции со зголемен корупциски ризик, како Агенцијата за храна и ветеринарство. Овие активности имаа цел да го приближат системот на интегритет до различни целни групи и да придонесат кон подигнување на јавната свест за значењето на превенцијата од корупција.

Во однос на локалната самоуправа, во текот на 2025 година беа реализирани континуирани менторски сесии и обуки за општинските администрации, насочени кон ревизија и унапредување на политиките за интегритет, подобрување на идентификацијата на ризици и практична примена на превентивните мерки. Активностите беа реализирани со поддршка на Националниот демократски институт (НДИ), во рамки на проектот „Заедници со интегритет“, како и во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, преку напредни обуки спроведени во општините Брвеница, Старо Нагоричане и Аеродром.

Со цел обезбедување квалитетна и конзистентна поддршка на институциите, ДКСК во декември 2025 година посвети особено внимание и на зајакнување на сопствените капацитети, преку спроведување внатрешна обука за вработените, фокусирана на методологијата на системот на интегритет, координациската улога на ДКСК и опсервацијата на имплементацијата. На крајот на годината беше започнат процес на прибирање и анализа на податоци за спроведување на системот на интегритет, кој претставува основа за понатамошно унапредување и насочување на активностите во 2026 година.

### 3.11. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и за судирот на интереси

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
(19) Презема активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси

Тргнувајќи од фактот дека борбата против корупцијата е заедничка борба на институциите и на граѓаните и дека е потребна меѓусебна поддршка/координација, едукативниот процес е практична алатка од превентивен карактер што ДКСК континуирано го развива. Процесот на континуирана едукација претставува еден од клучните приоритети и алатки во препознавањето и справувањето со корупцијата, но и поттикнување за етичко однесување, спречување судир на интереси и создавање услови за поголема доверба на граѓаните во јавниот сектор.

И во текот на 2025 година ДКСК работеше на јакнење на свеста кај пошироката јавност за важноста и за значењето на интегритетот воопшто, а особено кај носителите на јавните функции и кај останатите службени лица.

➢ ***Обуки за службени лица***

Во текот на целата 2025 година беа реализирани менторски сесии со единиците на локалната самоуправа насочени кон:

- ревизија и унапредување на политиките за интегритет;
- подобрување на идентификацијата на ризици;
- практична примена на превентивните мерки.

Дополнително, беа одржани обуки за општински претставници со поддршка на Национален демократски институт (NDI), во рамки на проектот „Заедници со интегритет“.

ДКСК, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на 20 и 21 ноември 2025 година спроведе напредни обуки за имплементација на системот на интегритет за општинските администрации во:

- Општина Брвеница
- Општина Старо Нагоричане
- Општина Аеродром.

➢ ***Е–платформа за учење***

На веб-страницата на ДКСК е развиен систем за е-учење со лекции кои се достапни за сите заинтересирани граѓани, но првенствено се наменети за вработените во јавниот сектор. Оваа

платформа за учење им овозможува на регистрираните корисници да се стекнат со потврда за положен курс откако ќе поминат краток тест/квиз.

Платформата за е-учење на ДКСК во моментот располага со осум лекции, и тоа:

- „Систем на интегритет“
- „Судир на интереси“
- „Спречување корупција“
- „Заштита на укажувачи“
- „Транспарентноста како компонента на политиката за интегритет“
- „Родова димензија на корупцијата“
- „Управување со ризици од корупција и институционална корупција“и
- „Лобирање“.

Платформата за е-учење постојано се надградува со нови лекции, со што се обезбедува одржливост на активностите. Во текот на 2025 година е забележано засилено користење на електронските лекции, но и предизвици пред кои е исправена ДКСК во насока на подобрување и унапредување на платформата од технички карактер.

➢ ***Настани и активности за јакнење на културата на интегритет***

Во текот на 2025 година ДКСК активно учествуваше и организираше јавни и едукативни настани поврзани со системот на интегритет, меѓу кои:

- Настан одржан на 30 мај 2025 година во Скопје, посветен на зајакнување на соработката за поефикасна имплементација на системот на интегритет во единиците на локалната самоуправа.
- На 29 мај 2025 година во Собранието на Република Северна Македонија,од страна на претседателот на Собранието, г. Африм Гаши, беше потпишана Политиката за интегритет на Собранието на Република Северна Македонија, во присуство на претставници на ДКСК.
- На 21 мај 2025 годинае реализирана едукативна посета на средношколци од Куманово и од Штип во ДКСК, во рамки на проектот „Младите во борба против корупцијата“.
- Во јуни 2025 година е реализирана обука за интегритет и превенција од корупција за вработените во Агенцијата за храна и ветеринарство.
- Вооктомври 2025 година ДКСК беше дел од настан организиран од „Транспаренси интернешнл – Македонија“ по повод Меѓународниот ден за борба против корупцијата, на тема „Интегритетот како алатка во борбата против корупцијата“.

Овие активности придонесуваат за градење долгорочна култура на интегритет и јавна свест за значењето на системот за изградба на општество отпорно на корупција.

➢ ***Меѓународен ден за борба против корупцијата***

На 4 декември 2025 година во Клубот на пратениците во Скопје, Државната комисија за спречување на корупцијата го одбележа Меѓународниот ден за борба против корупцијата, во период кога се финализираше опсервацијата на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021–2025 и паралелно се развиваше Националната стратегија 2026–2030 година. На настанот свое обраќање имаше претседателот на ДКСК, Адем Чучуљ, кој ја истакна определбата интегритетот да биде темел на институционалното дејствување и ја нагласи превентивната улога на ДКСК во градењето систем отпорен на корупција. Се обрати и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши, кој укажа на клучната улога на

Собранието во поставувањето на законодавната рамка, надзорот и транспарентноста како предуслов за ефективни антикорупциски реформи.

На настанот учествуваа и претставници на меѓународната заедница, вклучително амбасадорите на Швајцарија и наШведска, претставник на Делегацијата на Европската Унија и на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, кои ја потврдија континуираната поддршка за антикорупциските реформи, јакнењето на институционалниот интегритет и владеењето на правото. Посебен придонес даде и граѓанскиот сектор преку Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, со порака за значењето на активното учество на јавноста во градењето отпорни и одговорни институции. Настанот беше реализиран со поддршка на Владатана Швајцарија и на Владата на Шведска, преку проектот „Заедници со интегритет“, имплементиран од Националниот демократски институт.

### 3.12. Примена на Законот за заштита на укажувачи (ЗЗУ)

Почитувајќи ги начелата на законитост, транспарентност, отчет и одговорностиисполнувајќи гиодредбите на член 15, став (2) од Законот за заштита на укажувачи[1], ДКСК го презентира Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи во 2025 година во рамките на Годишниот извештај за работа на ДКСК за 2025 година.

Со Законот за заштита на укажувачите (во натамошниот текст ЗЗУ) се воведе системот за заштита на укажувачите со цел да го поттикне и охрабри пријавувањето, односно да се воспостави систем за заштитено пријавување, т.е. откривање разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Во овој Извештај е прикажана состојбата со преземените активности поврзани со имплементацијата на ЗЗУ и на подзаконските акти од страна на ДКСК и на останатите институции од јавниот сектор од започнувањето на примената на ЗЗУ до 31 декември 2025 година.

***Законска регулатива***

Законот за заштита на укажувачите е донесен на 9.11.2015 година и започна да се применува од 18.03.2016 година. За негова имплементација беа донесени подзаконски акти[2], со кои се уреди начинот на постапување во врска со заштитеното внатрешно и надворешно пријавување во институциите од јавниот и од приватниот сектор. Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти коишто произлегуваат од него се применуваат од 18.03.2016 година.

***Постапување на ДКСК во имплементација на ЗЗУ***

Во согласност со надлежностите утврдени во ЗЗУ и во подзаконските акти, почнувајќи од април 2016 година во ДКСК беше назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување во ДКСК согласно пропишаните

---

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 196/2015, 35/18, 257/2020

[2] Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор; Правилник за заштитено надворешно пријавување и Правилник за насоки за донесување внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор.

услови. Усвоена е внатрешна процедура за постапката за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување, која е објавена на веб-страницата на ДКСК.

Во периодот од почеток на примената на ЗЗУ и на подзаконските акти кои произлегуваат од него, до Собранието на Република Северна Македонија се доставени годишни извештаи за примени пријави од укажувачи, и тоа за годините 2016, 2019, 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година, кои се објавени на веб-страницата на ДКСК (сметано од 2020 година, извештаите се содржани во Годишниот извештај за работата на ДКСК). Сите извештаи се објавени на веб- страницата на ДКСК. За 2017 и за 2018 година не се доставени годишни извешти до Собранието на РСМ поради нефункционалност на ДКСК.

***Регистар на овластени лица за прием на пријави од укажувачи***

Со Законот за заштита на укажувачи, во членовите 4 и 5, институциите и правните лица од приватниот сектор се должни да назначат овластени лица за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно пријавување, коишто, пак, имаат обврска да доставуваат до ДКСК полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи.

**Член 15 од Законот за заштита на укажувачи**:
„Овластените, односно раководните лица на институциите, односно правните лица во јавниот сектор до кои се пријавува согласно со членовите 4 и 5 од овој закон, се должни до Државната комисија за спречување на корупцијата да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи".

Започнувајќи од 18 март 2016 година институциите од јавниот и од приватниот сектор доставуваат до ДКСК известувања за назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи со нивни податоци за контакт. Во согласност со обврските предвидени со член 17, став 1, точка 21 од ЗСКСИ, а врз основа на добиените податоци од институциите, ДКСК воспостави регистар на овластени лица за прием на пријави од укажувачи, кој редовно се ажурира. Во табела 14 е прикажан бројот на институции што постапиле во согласност со ЗЗУ.

Табела 14: Број на институции и овластени лица по ЗЗУ

| Година | Број на институции | Број на институции со овластени лица | Број на овластени лица | Во % |
|---|---|---|---|---|
| 2021 | 1324 | 178 | 179 | 13,44% |
| 2022 | 1324 | 200 | 201 | 15,10% |
| 2023 | 1324 | 207 | 208 | 15,63% |
| 2024 | 1324 | 217 | 223 | 16,39% |
| 2025 | 1324 | 270 | 280 | 20,39% |

Иако поголемиот број институции од јавниот сектор ја исполниле законската обврска за воспоставување канал на заштитено внатрешно пријавување (назначено овластено лице и објавена процедура за постапување по пријави), што е видно од нивните веб-страници, мал број институции (20,39%) од вкупниот број регистрирани институции од јавен сектор (1324) доставиле известување за овластеното лице со негови податоци за контакт до ДКСК заради ажурирање на регистарот.

Но, споредено со претходните години, може да се забележи зголемување на бројот на институции што доставиле известување за овластените лица со нивни податоци за контакт до ДКСК. Со оглед на тоа дека заштитеното пријавување е еден од елементите на системот на интегритет, ДКСК во текот на 2025 година работеше на воспоставување и на зајакнување на овој елемент во институциите од јавниот сектор, односно беа одржани работилници со одговорни лица и со овластени лица во општините на кои беше посочена обврската за доставување податоци за овластните лица во нивните општини до ДКСК заради ажурирање на податоците во регистарот, на што се должи и ова зголемување.

***Известување за примени пријави од укажувачи***

Институциите во јавниот сектор имаат обврска да доставуваат полугодишни извештаи за прием на пријави од укажувачи, кои треба да содржат општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави, во согласност со членот 15 од ЗЗУ. Иако обврската за доставување полугодишни извештаи не се однесува на субјектите од приватниот сектор, забележливо е дека мал број од нив самоиницијативно доставуваат полугодишни извештаи. Во табела 15 е прикажан бројот на доставени извештаи до ДКСК по години.

Табела 15: Доставени полугодишни извештаи до ДКСК

| **Година** | ***Период*** | ***Институции од јавен сектор*** | ***Правни лица од приватен сектор*** | ***Вкупно*** | ***Институции што примиле пријави*** | ***Поднесени пријави*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 1 јануари –30 јуни | 75 | 8 | 83 | 4 | 25 |
| | 1 јули–31 дек. | 75 | 7 | 82 | 3 | 19 |
| 2022 | 1 јануари–30 јуни | 103 | 10 | 113 | 4 | 17 |
| | 1 јули–31 дек. | 118 | 5 | 123 | 5 | 7 |
| 2023 | 1 јануари–30 јуни | 107 | 8 | 115 | 6 | 11 |
| | 1 јули–31 дек. | 126 | 7 | 133 | 2 | 4 |
| 2024 | 1 јануари–30 јуни | 106 | 8 | 114 | 3 | 3 |
| | 1 јули–31 дек. | 125 | 5 | 130 | 2 | 3 |
| 2025 | 1 јануари–30 јуни | 101 | 7 | 108 | 6 | 18 |
| | 1 јули–31 дек. | 159 | 5 | 164 | 13 | 27 |

Податоците за доставените извештаи со податоците од регистарот укажуваат на тоа дека, иако поголемиот број институции имаат воспоставено систем за заштитено внатрешно пријавување, мал број институции ја исполниле обврската за доставување полугодишен извештај до ДКСК. Повеќето институции посочуваат дека не ја исполниле оваа обврска поради тоа што не примиле пријави од укажувачи во извештајниот период.

Во однос на бројот на примени пријави од укажувачи, споредено со претходните години, во 2025 година се констатира дека се примени 27 пријави во 13 институции од јавниот сектор.Тоа значи дека е зголемен бројот на институциите што примиле пријави од укажувачи преку каналот на заштитено внатрешно пријавување, односно граѓаните пријавуваат во институцииите за каде имаат сознанија/сомневање за незаконско/неетичко или друго недозволено постапување. Тоа покажува дека граѓаните го прифаќаат и користат механизмот на заштитено пријавување како доверлив

начин за пријавување информации во институциите, што претставува негова цел, односно обезбедување институционална заштита на укажувачите.

***Анализа на примени полугодишни извештаи***

Во доставените полугодишни извештаи за првата половина од 2025 година, шест институции известија дека овластените лица во тие институции примиле вкупно 18 пријави од укажувачи по кои биле преземени дејства и мерки во согласност со Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти.

Во втората половина од 2025 година, 13 институции известиле дека примиле 27 пријави од укажувачи и постапиле во согласност со Законот.

Споредено со претходните години, податоците од 2025 година покажуваат значителен исчекор во примената на механизмот на заштитено пријавување во согласност соЗЗУ во институциите од јавен сектор. Тргнувајќиод фактот дека ЗЗУ познава два канали на заштитено пријавување со кои се обезбедува институционална заштита, заштитено внатрешно пријавување (во сите институции од јавниот сектор) и заштитено надворешно пријавување (ДКСК, МВР, надлежното јавно обвинителство, Народен правобранител), зголемувањето на бројот на поднесени пријави преку каналот на заштитено пријавување во институциите покажува дека има охрабрување кај граѓаните за користење на овој механизам за пријавување сомнежи за сторени незаконитости или неправилности во работењето на јавните институции.

Од страна на институциите што примиле пријави од укажувачи во рамките на каналот на внатрешното пријавување е известено дека постапиле во согласност со ЗЗУ и подзаконските акти што произлегуваат од него, спроведеле конкретни дејствија во насока на проверка на наводите во пријавите и презеле конкретни мерки во согласност со закон. Институциите, постапувајќи по овие пријави, реагираат односно преземаат мерки и активности во насока на коригирање на утврдените состојби или санкционирање на сторителите на овие незаконски поведенија. Истотака, брзата реакција на институциите придонесува и за заштитата на укажувачите од одмазда или од штетни последици по истите, што, секако, влијае на зголемувањето на довербата на граѓаните во институциите, што е и цел на овој механизам.

***Постапување на ДКСК по примени пријави од укажувачи во 2025 година***

Како и кај останатите институции, така и кај ДКСК се констатира зголем број пријави од укажувачи во 2025 година, вкупно 15 пријави,сите поднесени преку каналот на заштитено надворешно пријавување, што се должи на континуираната доверба на граѓаните во работењето на ДКСК. Дополнителен придонес за зголемениот бројпријави од укажувачи во ДКСК има и активното учество на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК и членовите на ДКСК кои на разни начини –преку директна комуникација со граѓаните на работилници, конференции или преку дадени изјави во медиумите–ја запознаваат јавноста со начинот на постапување на ДКСК по таквитепријави.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК во септември 2025 година одржа обука на тема „Заштитено пријавување и заштита на укажувачите“ во рамки на активностите одпроектот „Заедници со интегритет“, поддржан од Владата на Швајцарија и од Владата на Шведска. Обуката беше одржана со овластените лица за прием на пријави од укажувачи во општинската администрација на шест општини (Битола, Боговиње, Гази Баба, Куманово, Струмица и Штип), при што подетално го претстави инструментот заштитено пријавување, како и мерките и активностите штосе утврдени со ЗЗУ.

***Содржина на примените пријави***

Во 2025 година до ДКСК беа поднесени вкупно 15 пријави преку каналот на заштитено надворешено пријавување,во кои се содржани наводи со сомневање за незаконски, недозволени и неетички дејства преземени од одговорните лица или од други службени лица во институциите каде што тие работат или порано биле вработени или до кои дошле на некој друг начин (преку извршување услуги или остварување на друг вид деловна соработка).

Постапувајќи во согласност со членот 9 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите од јавен сектор, по извршената процена на содржината на 15 пријави беше утврденоследното:

- Во две пријави не се содржани доволно податоци за подносителот на пријавата поради што не постоеше можност да се утврди на која категорија лица што можат да се јават во својство на укажувачи утврдени во членот 2, став 3 од ЗЗУ припаѓа подносителот поради што подносителот не може да добие статус на укажувач восогласност со ЗЗУ и наводите во овие две пријави беа јавно достапни информации. Постапувањето на ДКСК по овие две пријави продолжи во редовна постапка во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
- Во 13 пријави е утврдено дека пријавите се доставени од лица кои во согласност со Законот имаат статус на укажувач и пријавите содржеа доволно елементи за натамошно постапување во согласност со Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти што произлегуваат од него. Овие пријави од укажувачите се доставени до ДКСК преку каналот за заштитено надворешно пријавување, односно се пријави што содржат наводи за сознанија или сомневања за незаконски дејства што биле сторени од страна на одговорни или службени лица во други институции од јавниот сектор, што е резултат на изградената доверба на граѓаните во ДКСК, како и поради сомневањето дека во рамките на институциите каде што работат или порано биле вработени нема да се постапува по нивните пријави.

***Форма и начин на прием на пријавите***

Со Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите во јавниот сектор, укажувачот може да изврши заштитено надворешно или внатрешно пријавување усно со записник или во писмена форма, доставени лично, преку поштенско или електронско сандаче до овластеното лице. Анализата на примените 13 пријави од укажувачите покажа дека од примените пријави

- шест пријави во писмена форма се доставени преку пошта,а
- седум пријави во писмена форма се доставени преку електронска пошта.

***Податоци за анонимност/доверливост на укажувачите***

ЗЗУ го дефинира укажувачот како лице коешто со добра намера врши заштитено пријавување и коешто не е должно да ја докажува добрата намера и вистинитоста на она што го пријавува. На укажувачот му се обезбедува заштита во согласност со закон и му се гарантира доверливост.

Во однос на податоците за анонимност или доверливост, од 13 примени пријави, десет пријави се доставени од доверливи укажувачи (нивниот идентитет е познат на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи), додека три се доставени од анонимни укажувачи.

***Категорија на лицата што се јавуваат во својство на укажувач***

Следејќи ја утврдената категоризација на лица што можат да се јават во својство на укажувачи во согласност со член 2, став 3 од ЗЗУ:

- шест укажувачи се лица штоимаат засновано работен однос во институцијата, односно правното лице за коешто пријавуваат;
- четири укажувачи се корисници на услугите во институцијата за којашто пријавуваат;
- тројца укажувачи се анонимни и не може да се утврди нивната категорија во согласност со член 2, став 3 од ЗЗУ.

***Преземени дејства***

Во согласност со ЗЗУ, институциите во кои може да се врши заштитено надворешно или заштитено внатрешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, а за преземените мерки да го информираат укажувачот без одлагање, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Постапувајќи во согласност со своите надлежности, овластеното лице за заштитено пријавување во ДКСК оформи тринаесет предмети по кои поединечно изврши процена на содржината на пријавите и донесе заклучоци за проверка на наводите содржани во истите, како и утврдување на фактичката состојба. Овластеното лице достави барања за прибирање податоци и информации до разни институции: Државниот инспекторат за труд, Државниот управен инспекторат, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и други.

Во текот на фазата на прибирање и размена на податоците остварена е потесна соработка помеѓу овластените лица во ДКСК и во другите институции (пред сè институциите на заштитено надворешно пријавување (Јавно обвинителство, Народен правобранител, МВР), но и други институции), што е од голема важност за успешна имплементација на ЗЗУ во практика и за обезбедување системска заштита на укажувачите. Во неколку предмети наводите во пријавите опфаќаа законска надлежност на две или повеќе институции, што беше повод за истовремено постапување на овластените лица за прием на пријави од укажувачи во две институции со цел правилно утврдување на фактичката состојба. Исто така, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи беше во постојана комуникација со доверливите укажувачи, кои беа редовно известувани за текот на постапувањето по нивните пријави, како и за исходот од постапувањето по пријавите.

***Статус на предметите и ефекти од постапувањата***

Во табела 16 се прикажани ефектите од постапувањата на ДКСК по предметите формирани по пријави од укажувачи заклучно со 31 декември 2025 година.

Табела 16: Постапувања на ДКСК по пријави од укажувачи

| Опис на активност | 2025 година | 2024 година |
|---|---|---|
| Број на примени пријави | 15 | 3 |
| Број на пријави од укажувачи по кои се отворени предмети | 13 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Предметот беше доставен за постапување во редовна постапка на ДКСК | 2 | / |
| Донесени одлуки | 12 одлуки<br>8 одлуки за предмети од 2025 година,<br>2 одлуки за предмети од 2024 год.,<br>2 одлуки за предмети оформени во 2023 г. | / |
| Непотврдени наводи | 5 | 2 |
| Доставена пријава со прилог документација на натамошно постапување на други институции на заштитено надворешно пријавување во согласност со ЗЗУ | 3 | / |
| Постапувањето на ДКСК е во тек | 5 | 1 |
| | | |

По проверка на наводите и утврдената фактичка состојба во 13 предмети, ДКСК го констатира следното:

- ✓ Во три предмети, по извршена процена на содржината на пријавата беше одлучено постапувањето во ДКСК да запре од причина што за проверка на наводите и утврдување на фактичката состојбае потребно преземање мерки и дејства за кои е надлежен друг орган – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија–и пријавите со прилог документацијата беа доставени на натамошно надлежно постапување на надлежното Јавно обвинителство.
- ✓ Во пет предмети е констатирано дека наводите не се потврдени и ДКСК одлучи дека нема елементи за натамошно постапување во конкретните предмети, за што беа известени и укажувачите.
- ✓ Постапката е во тек за пет предмети.

Во текот на 2025 година беше постапувано и одлучено и по следните предмети:

Предмети оформени во 2024 година:

- ✓ Во два предмети, по проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба беа донесени одлуки, при што беше утврдено дека не се потврдени наводитеипостапката беше запрена.

  Постапувањето по еден предмет сѐ уште е во тек.

Предмети оформени во 2023 година:

- ✓ Во два предмети оформени во 2023 година, по проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба беа донесени одлуки при што беше утврдено дека не се потврдени наводитеи постапката беше запрена.

Во текот на 2023 година е изработен предлог-закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачите со цел негово усогласување со Директивата 2019/1937 на ЕУ за заштита на лицата што пријавуваат прекршување на правото на Унијата, како и негово усогласување со забелешките и препораките дадени од меѓународни експерти ангажирани од страна на Советот на Европа и од други меѓународни организации.Предлог-законот е поднесен до Владата на 29 декември 2023 година.  Обезбедени се сите мислења и во финална фаза на меѓуресорска консултација се врши усогласување со мислењето од Министерството за јавна администрација со кое се добиени забелешки за потребно усогласување на предложениот закон со новиот Законот за инспекциски надзор и со новиот Закон за административни службеници.По усогласувањето со мислењето од Министерството за јавна администрација, предложениот закон ќе се достави до Европската комисија, а потоа ќе продолжи во владина процедура.

### 3.13. Примена на Законот за лобирање

ДКСК има надлежности во имплементацијата на Законот за лобирање, кој е донесен на 1.6.2021 година, со одложена примена од 11.06.2022 година. Во согласност со утврдените надлежности, ДКСК ги донесе пропишаните подзаконски акти, кои се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21. Дополнително, ДКСК изготви и модел на внатрешен акт за да им послужи како пример на органите кај кои се лобира, во исполнување на обврската утврдена во член 24 од Законот за лобирање и во електронска форма го достави до Собранието на Република Северна Македонија и до единиците на локалната самоуправа, како и до Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, од каде што е препратен до органите на државната управа. Во согласност со евиденцијата на ДКСК, 32 органи ја исполниле обврската за донесување внатрешен акт од членот 24 од Законот за лобирање и за истото ја известиле ДКСК. Исто така, во согласност со член 8 од Законот за лобирање, ДКСК изработи и стави во функција софтверско решение - електронски регистар на лобисти, лоби-организации и лобирање, кон кој може да се пристапи преку врската https://lobisti.dksk.mk/ објавена на веб-страницата на ДКСК. Покрај овие активности, спроведени се обуки за органите кај кои се лобира, како и обуки за изработка на внатрешните акти. Од примената на Законот, до ДКСК се доставени три пријави за регистрација на лоби-организација во регистарот на лобисти. Трите пријави се уважени и се донесени решенија за регистрација на три лоби-организации од страна на ДКСК. Во текот на 2025 година не се доставени пријави за регистрација на лоби-организации.

### 3.14. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер

Со Уставот на Република Македонија, како едно од основните права на граѓанинот од корпусот „Граѓански и политички слободи и права“, е гарантиран слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите.

Тргнувајќи од начелото на јавност утврдено во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и имајќи предвид дека јавноста и отвореноста во работењето се во функција на транспарентноста на мерките и на активностите што ги презема ДКСК, со посебен

професионален однос се пристапува кон предметите по доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Така, во текот на 2025 година до ДКСК беа поднесени 42 барања за пристап до информации од јавен карактер и по истите е постапено во законски утврдениот рок. Од вкупниот број примени барања, 41 барање беа позитивно одговорени, додека едно барање беше одбиено во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во наведениот период нема евидентирани неодговорени барања.

Во текот на 2025 година беа поднесени вкупно пет жалби против првостепени одлуки донесени по барања за пристап до информации од јавен карактер. По постапување на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, две жалби беа усвоени, при што првостепените одлуки беа преиначени и институцијата беше задолжена да постапи во согласност со дадените насоки. Една жалба беше одбиена како неоснована, со образложение дека имателот на информации постапил правилно и во согласност со одредбите на Законот. По останатите две жалби Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесе решение со кое ги уважи жалбите и ја задолжи институцијата да ги достави бараните информации до барателот на начин наведен во барањето. По поведена управна постапка пред Управен суд, тужбите беа отфрлени како недозволени, по што ДКСК постапи по решенијата за задолжување и ги достави бараните информации до барателот на начин наведен во барањето.

ДКСК во целост постапи по сите конечни одлуки на Агенцијата и обезбеди пристап до бараните информации водејќи сметка за заштита на податоците што се заштитени со закон, со што се потврдува заложбата за транспарентност и законито постапување во областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

## 4. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И НА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА

- **Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2025 година**

Извештаите, евалуациите и анализите на релевантни меѓународни и домашни организации претставуваат значаен извор за објективна оцена на состојбата со корупцијата и владеењето на правото во Република Северна Македонија. Во тој контекст, Европската комисија во својот последен извештај констатира дека Северна Македонија се наоѓа помеѓу одредено и умерено ниво на подготвеност и не постигнала напредок во превенцијата и борбата против корупцијата, при што корупцијата останува распространета во повеќе области и продолжува да претставува сериозно прашање од јавен интерес.

Во однос на ДКСК, во извештаите се забележува дека ДКСК продолжила да биде проактивна во обезбедувањето насоки за политики за спречување на корупцијата, како и во спроведувањето активности поврзани со системот на интегритет, надзорот над финансирањето на изборните кампањи и проверката на изјавите за имотна состојба. Истовремено, се укажува на потребата од подобрување на нејзината ефикасност, особено преку доделување дополнителни човечки и

финансиски ресурси, ангажирање специјализиран кадар и зајакнување на капацитетите за проактивно идентификување и пријавување потенцијални случаи на корупција.

Извештаите дополнително нагласуваат дека правната и институционалната рамка за борба против корупцијата е воспоставена, но дека остануваат значајни предизвици во делот на нејзината примена, санкционирањето на прекршувањата, меѓуинституционалната координација и следењето на препораките. Во таа насока, како клучни приоритети за наредниот период се издвојуваат донесувањето нов Кривичен законик кој ќе биде усогласен со правото на ЕУ, подобрувањето на резултатите во предметите на корупција на високо ниво, зајакнувањето на спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси и навременото донесување на новата стратегија за периодот 2026–2030 година, со јасно дефинирани одговорности, приоритети и финансиски импликации.

- **Соработка соГРЕКО и учество во евалуацијат на ГРЕКО**

Групата држави против корупција на Советот на Европа (ГРЕКО) на својата 99. пленарна седница, одржана во периодот од 17 до 19 март 2025 година, го усвои Адендумот кон Вториот извештај за усогласеност за Република Северна Македонија – петти круг, како последен извештај за Северна Македонија за петтиот круг, со кој ја затвори постапката за усогласеност во рамките на петтиот круг на евалуација за Северна Македонија, односно го затвори овој круг. Во овој извештај ГРЕКО заклучи дека Северна Македонија од вкупно 23 препораки дадени со Извештајот за евалуација (кој датира од март 2019 година) задоволително имплементирала вкупно 17 препораки. Останатите шест препораки се оценети како делумно имплементирани.

Од аспект на препораките и активностите што се однесуваа на ДКСК, Извештајот од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО претставува значајна надворешна и независна оценка на состојбите во делот на превенцијата на корупцијата и промоцијата на интегритетот кај централната власт и кај органите за спроведување на законот.

Воедно, во 2025 година започнаа подготовките за шестиот круг на евлауција на тема „Спречување корупција на поднационално, односно на локално ниво“. ДКСК именуваше свои претставници кои заедно со претставници на останати релевантвни институции земаат активно учество во работната група формирана за овој круг.

- **Извештај на „Транспаренси интернешнл“за перцепција на корупцијата**

Извештајот на „Транспаренси интернешнл“за индексот на перцепција на корупцијата за 2025 година не забележува значителен напредок во борбата против корупцијата во Република Северна Македонија. Според објавената листаи индексот на перцепција, со кои се оценува напредокот на земјата во борбата против корупцијата, Северна Македонија, исто како и во 2024 година, има 40 индексни поени и е рангирана на 84. место (во 2024 година– 88. место со 40 индекснипоени).

Бавното спроведување или неспроведувањето одредени препораки дадени во извештаите на Европската комисија, ГРЕКО и на ДКСК влијае врз создавањето негативна перцепција за борбата со корупцијата и создава состојби на кои јавноста најмногу реагира.

Сето тоа укажува дека состојбата со корупцијата е сериозна и неопходни се натамошни чекори за зајакнување на материјално-техничките и на човечките капацитети на надлежните

институции, нивна независност и проактивност во постапувањето, а пред сѐ посветеност и ефектуирана политичка волја за надминување на состојбите.

## 5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДКСК

### 5.1. Едукација на вработените во ДКСК

Во текот на 2025 година Државна комисија за спречување на корупцијата посвети особено внимание на континуираното јакнење на капацитетите на своите вработени, имајќи гипредвид зголемениот обем на надлежности и потребата од високопрофесионално, стручно и етичко постапување. Во таа насока, беа организирани и реализирани низа обуки и активности за унапредување на знаењата, вештините и на институционалната култура, од кои дел со поддршка на долгогодишните меѓународни партнери на ДКСК.

Во рамки на активностите за зајакнување на капацитетите, вработените во ДКСК учествуваа на напредни обуки за анализа на податоци, програми за процена на ризик од корупција со стекнување меѓународно признати сертификати, како и на интерни обуки поврзани со имплементација на антикорупциски стандарди и политики.

Седум вработени од секретаријатот на ДКСК активно учествуваа во вториот курс од далечина на Меѓународната антикорупциска академија (IACA) на тема „Внатрешните истраги и употребата на отворени извори на информации – OSINT“, кој се одржа во февруари и во март 2025 година. Од вкупно 25 учесници од 6 институции, значителен дел беа претставници на ДКСК, што ја потврдува посветеноста на ДКСК за континуирано унапредување на знаењата и на вештините на нејзините вработени, со што се придонесува кон зајакнување на целокупните капацитети на ДКСК во спроведувањето ефикасни антикорупциски мерки и истраги.

Дополнително, беа реализирани и активности насочени кон јакнење на тимската работа и на меѓучовечките вештини, со цел подобрување на внатрешната комуникација и на организациската ефективност.

Како клучна активност во овој сегмент, на 25 декември 2025 година во ДКСК беше одржана внатрешна обука на тема „Систем на интегритет и улогата на ДКСК во неговата имплементација“, наменета за вработените во Секретаријатот на Комисијата. Обуката ја отвори претседателот на ДКСК, Адем Чучуљ, кој ја истакна важноста на институционалниот интегритет, довербата и кредибилитетот како темелни вредности за работата на институцијата, нагласувајќи дека ДКСК, покрај својата законска улога, има и одговорност да биде пример за останатите институции во јавниот сектор. Обуката беше реализирана во интерактивен формат, со дискусија за етички дилеми и практични ситуации, при што беше потенцирано дека интегритетот не претставува формална обврска, туку суштински дел од професионалното постапување и од институционалната одговорност. Со ваквите активности, ДКСК продолжи систематски да го зајакнува сопствениот институционален интегритет, како предуслов за ефективно, доследно и кредибилно исполнување на својата улога во превенцијата од корупција и јакнењето на довербата на јавноста.

Во периодот 18 – 19 декември 2025 година, со поддршка на Советот на Европа, беше одржана обука од далечина за именувани лица од државните органи штосе задолжени за

евиденција на примените подароци во секоја институција посебно, во врска со начинот на користење на порталот за евиденција на примените подароци.Обуката беше следена од вкупно 33 учесници.

- ***Меѓународна соработка***

Во текот на 2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата активно учествуваше на бројни регионални, европски и меѓународни форуми, работилници и конференции, со цел размена на искуства, следење на современите трендови и усогласување на националните политики со европските и со меѓународните стандарди за превенција и борба против корупцијата.

Во март 2025 годинаДКСК учествуваше на 19. состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност на Европската комисија во Брисел, каде што беа презентирани клучните постигнувања во областа на спречување на корупцијата и на судирот на интереси, имплементацијата на Националната стратегија 2021–2025 година и активностите за подготовка на Националната стратегија 2026–2030 година, како и процесите на дигитализација и институционално јакнење на ДКСК.

Во јули 2025 година претставници на ДКСК учествуваа на 30. пленарен состанок на управниот одбор на Антикорупциската мрежа за Источна Европа и Централна Азија (Anti-Corruption Network for Eastern Europe and Central Asia - ACN) воспоставена во рамките на Организацијата за економска соработка и развој (OECD). На овој состанок беа разгледани барањата од земји од Западен Балкан со кои изразуваат интерес за приклучување кон Истанбулскиот антикорупциски акциски план (IAP), а од страна на управниот одбор на ACN беше изразен интерес за приклучување и на останатите земји од Западен Балкан кон овој механизам за опсервација, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија. Националниот координатор за Република Северна Македонија во ACN именуван од страна на ДКСК за искажаниот интерес достави известување до Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за добро владеење и до генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

Во ноември 2025 година, ДКСК учествуваше на 24. Годишна конференција и на Генералното собрание на EPAC/EACN во Хаг, каде што беа разгледувани современи антикорупциски политики, иновации во превенцијата, транспарентноста и институционалната независност, а беше усвоена и Хашката декларација за зајакнување на европската соработка во борбата против корупцијата.

Во текот на годината ДКСК учествуваше и на:

- Меѓународната конференција организирана по повод 15 години постоење на Агенцијата за спречување на корупцијата во Србија
- Регионалната конференција посветена на судскиот и на обвинителскиот интегритет
- Работилница на тема „Еколошки криминал, корупција и перење пари во земјите од Западен Балкан“
- Регионална работилница на тема „Интегритет во јавниот сектор“
- Работилница на тема „Искористување на колективната интелигенција: Трендови, проблеми, можности и најдобри практики за унапредување на борбата против корупцијата во Западен Балкан во поддршка на реформската агенда на ЕУ“
- Средбата на високо ниво – „Борба против корупцијата: Иновации против нелегалната моќ“

- Работилница за спроведување на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (UNCAC)
- Работна посета на Агенцијата за спречување на корупцијата на Косово.

Како резултат на продлабочената соработка помеѓу ДКСК и Агенцијата за спречување на корупцијата на Косово, во декември 2025 година беше потпишан Меморандум за соработка, со цел институционализирање на размената на искуства, податоци и добри практики во областа на спречување на корупцијата, судирот на интереси и заштитата на укажувачите.

Преку овие активности, ДКСК ја зајакна својата меѓународна позиционираност, ја продлабочи регионалната и европската соработка и обезбеди релевантни сознанија и практики кои се директно применливи во понатамошното унапредување на националниот антикорупциски систем.

### 5.2. Технички капацитети на ДКСК

Заради унапредување на работењето и зголемување на ефикасноста во своето постапување, ДКСК континуирано работи на надградба и натамошен развој на постојните, но и развој на нови софтверски решенија.

Во текот на 2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата спроведе повеќе активности насочени кон унапредување на ефикасноста, квалитетот и стабилноста на работењето на системот за електронско поднесување на изјави за имотна состојба и интереси. Посебен акцент беше ставен на оптимизација на постојните процеси, подобрување на перформансите и развој на нови функционалности, со што беа постигнати значајни подобрувања во насока на зголемена ефикасност, транспарентност и безбедност на системот. Дополнително, беа спроведени активности за негово континуирано одржување и приспособување восогласност со потребите на корисниците.

Во рамките на проектот 3 на ИПА„Засилена дигитализација на државните институции во правосудството и во областите за борба против корупцијата“,експертите за ИТ ангажирани во рамки на проектот за владеење на правото ИПА 2020, во координација со Работната група за дигитализација на ДКСК, изработија детална техничка спецификација за надградба на електронскиот систем за поднесување изјави за имотна состојба и интереси. Во текот на анализата на потребите на ДКСК беа идентификувани и барања од инфраструктурен карактер, вклучително и мрежна инфраструктура, хардвер, софтвер и целокупна техничка околина неопходна за успешна имплементација и одржливост на решението.

Врз основа на подготвените технички спецификации во наредниот тригодишен период преку Делегацијата на Европската Унија ќе биде набавена опрема и ќе биде обезбедена подготовка на ДКСК за сертификат ИСО 27001. Со истата поддршка ќе се спроведе и надградба на софтверското решение за систем за регистар на избрани и именувани лица, изјава за имот и интереси и нивно следење, како и унапредување на алатката документ менаџмент систем. Како придонес кон оваа поддршка од страна на Република Северна Македонија во наредните три години ќе се обезбедуваат средства и на буџетската сметка на ДКСК со цел набавка на информатичка опрема и обезбедување услови за успешна имплементација на горенаведениот проект.

Покрај тоа, со средства од буџетот на ДКСК се набави нова информатичка опрема (пет персонални компјутери, еден мултифункционален уред и два скенери) со цел унапредување на техничките капацитети и зголемување на ефикасноста на вработените.

Со поддршка на Советот на Европа беше развиено софтверско решение – систем за управување со подароци– преку кое електронски се доставуваат и евидентираат податоци за примените подароци. За именуваните лица од државните органи задолжени за водење на евиденцијата на подароци беше спроведена обука за користење на порталот, со што се зајакна институционалниот капацитет за транспарентно и стандардизирано управување со овие податоци.

Поддршката на меѓународните организации и институции несомнено придонесе ДКСК да има на располагање повеќе софтверски алатки за исполнување на своите надлежности.

Во моментот ДКСК располага со 9 активни софтверски решенија,за чиешто непречено функционирање и надградба е неопходно континуирано обезбедување финансиски средства во буџетот на ДКСК.

Софтверските решенија со кои располага ДКСК се следните:

1. Комуникациски портал
2. Систем за следење на перформансите
3. Мобилна/веб-апликација за подигнување на свесноста за борба против корупцијата
4. Систем за заштитено пријавување од страна на укажувачи
5. Платформа за е-учење
6. Алатка за антикорупциска проверка на легислативата
7. Документ менаџмент систем
8. Систем за регистар на избрани и именувани лица, изјава за имот и интереси и нивно следење
9. Систем за управување со човечки ресурси.

## 6. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ

### 6.1. Соработка со јавниот сектор во Република Северна Македонија

ДКСК остварува секојдневна комуникација со институциите од јавниот сектор во државата во насока на зајакнување на превентивните и на репресивните механизми во борбата против корупцијата, преземање активности за промоција на владеење на правото, воведување на елементите од системот на интегритет на централно и на локално ниво и воопшто реализација на активности за унапредување на меѓуинституционалната соработка.

Во септември 2025 година ДКСК потпиша трипартитен Меморандум за соработка, заедно со Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија. Целта на Меморандумот беше унапредена соработка во пресрет на локалните избори во 2025 година, како континуитет на одличната професионална и стручна соработка.

**Учество во изработка на Стратегија за реформа на јавната администрација 2023–2030 година со Акциски план**

ДКСК како дел од Секретаријатот за реформа во јавната администрација во текот на 2025 година навремено известуваше за сите побарани податоци и активно учествуваше во спроведување на активностите предвидени во Акцискиот план на новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2023–2030 година.

***Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата***

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата формирана од 16 граѓански организации[3] дава континуирана поддршка на работата на ДКСК во исполнување на надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за лобирање и Законот за заштита на укажувачите, обезбедувајќи финансиска поддршка од разни извори, како проекти кои се реализираа, а се поврзани со работењето на ДКСК. Посебен придонес од Платформата беше даден во рамките на подготовката на материјалите за Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2026–2030 година.

***Транспаренси интернешнл - Македонија***

Со последниот извештај за „Националниот систем на интегритет“, кој овозможува анализа на 15 столба кои се дел од државното уредување на земјите и ефективноста на националните напори за борба против корупцијата, ДКСК за 2023 година беше второрангирана со освоена оценка 72,9 од 100. Притоа, помеѓу дадените препораки за унапредување и за подобрување на работата беше и препораката:

- ✓ да се спроведат родово одговорни протоколи и упатства за внатрешни и за надворешни механизми за жалби и да се изготвуваат податоци поделени по пол за таквите жалби.

Во насока на исполнување на препораката ДКСК со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје спроведе процес на родова ревизија и во декември 2025 година го презентираше првиот Акциски план за родова перспектива во работата на ДКСК 2026–2030 година.

### 6.2. Соработка со меѓународни организации

Поддршката кон ДКСК од страна на меѓународната заедница не изостана и во 2025 година,така што сонеколку активности започнаа да се реализираат неколку важни надлежности на ДКСК. Во насока на исполнување на дел од надлежностите на ДКСК, кои се однесуваат на развој на системот на интегритет и Националната стратегија, ДКСК потпиша и анексираше меморандуми со следните меѓународни организации:

- Мисијата на ОБСЕ во Скопје
- Меѓународната фондација за изборни системи(ИФЕС)
- Националниот демократски институт(НДИ)

[3]Асоцијација за демократски иницијативи, Институт за демократија Социетас Цивилис –Скопје, Истражувачки центар за граѓанско општество, Коалиција за правично судење, Македонски центар за меѓународна соработка, МОСТ, Метарморфозис, Охрид Институт, Транспаренси интернешнл - Македонија, Транспарентност Македонија, Фондација Отворено општество – Македонија, Форум ЦСИД, Центар за граѓански комуникации, Центар за истражување и креирање политики, ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, Хелсиншки комитет за човекови права, SCOOP – Центар за истражувачко новинарство

- Канцеларијата на Обединетите нации против дрога и криминал(УНОДЦ).

***Европска комисија***

ДКСК реализира голем број активности со поддршка на Европската комисија преку Инструментот за претпристапна помош: ИПА 2020 „Владеење на правото“,чиајшто главна цел е зајакнување на владеењето на правото во Република Северна Македонија. Во 2025 година ДКСК започна да го користи воспоставеното софтверско решение за управување со човечки ресурси, изработено во рамки на наведениот проект. Дополнително, ДКСК кон крајот на годината го усвои и планот за спроведување кампања за подигнување на јавната свест за лобирањето, која ќепочне да се спроведува во рамките на овој проект од април 2026 година.

***Мисија на ОБСЕ во Скопје***

Долгогодишната соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје продолжи и во 2025 година преку реализирање менторски сесии со единиците на локалната самоуправа, насочени кон:

- ревизија и унапредување на политиките за интегритет;
- подобрување на идентификацијата на ризици;
- практична примена на превентивните мерки.

ДКСК, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на 20 и 21 ноември 2025 година спроведе напредни обуки за имплементација на системот на интегритет за општинските администрации во:

- Општина Брвеница
- Општина Старо Нагоричане
- Општина Аеродром.

Дополнително, на 18 декември 2025 година ДКСК, во соработка со Мисија на ОБСЕ во Скопје, ја одржа промоцијата и потпишувањето на ажурираните Политики за интегритет во судството. Во рамки на настанот беа потпишани:

- Политиката за интегритет на Судскиот совет на Република Северна Македонија;
- Политиката за интегритет на Академијата за судии и јавни обвинители;
- Политиката за интегритет приспособена за судовите, потпишана од претседателот на Врховниот суд и од претседателите на апелационите судови.

Со ова, системот на интегритет е институционално вграден во клучните сегменти на судската власт.

***Соработка со Националниот демократски институт (НДИ)***

Во текот на 2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата спроведуваше континуирани менторски сесии со единиците на локалната самоуправа, насочени кон практично унапредување на системот на интегритет на локално ниво. Фокусот беше ставен на ревизија и подобрување на постојните политики за интегритет, појасна и поконзистентна идентификација на корупциските ризици, како и на нивна превенција преку примена на конкретни и применливи мерки во секојдневното работење на општинските администрации. Паралелно со менторските активности, со поддршка на НДИ, а во рамки на проектот „Заедници со интегритет“, беа организирани и реализирани обуки за општински претставници, со што се обезбеди дополнително јакнење на капацитетите и на практичната поддршка за воспоставување одржливи локални системи на интегритет.

Воедно, НДИ обезбедиподдршка на ДКСК за организирање и за одбележување на Меѓународниот ден за борба против корупција – 9 декември.

## 7. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДКСК

Во 2025 година ДКСК продолжи со својот развој и со реформските напори, а во фокусот беаставени подобрувањето на оперативните капацитети, консолидацијата на финансиските и на човечките ресурси и унапредувањето на функционалноста на институцијата. Овој период беше обележан со важни промени во составот, кои овозможија континуирано подобрување на нејзината ефикасност и ефективност.

Буџетот на Државната комисија за спречување на корупцијата е интегрален дел одБуџетот на Република Северна Македонија, кој го предлага Министерството за финансии и го поднесува на усвојување во Собранието на Република Северна Македонија,апо негово изгласување се објавува во „Службен весник на РСМ“.

Средствата за работењето на ДКСК се наменети за извршување на законските надлежности на ДКСК, која како независна институција во Република Северна Македонија има цел да воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси.

Во 2025 година ДКСК своето редовно работење го реализираше преку буџетската сметка број 020036004663719 - редовна сметка на основен буџет на ДКСК.

Првично одобрениот буџет за 2025 година на ДКСК е во вкупен износ од 93.669.000 денари. Врз основа на потребите од финансиски средства, годишниот план за јавни набавки и спроведените постапки за јавни набавки во текот на 2025 година, вршени се измени и дополнувања на буџетот на ДКСК, со тоа што последниот ребалансиран буџет за 2025 година е во вкупен износ од 86.390.000 денари. Од обезбедените финансиски средства во вкупен износ од 86.390.000 денари за 2025 година, реализирани се средства во вкупен износ од 73.125.000 денари или 85 проценти. Реализираните расходи на оваа сметка во износ од 60.327.000 денари или 83 проценти се однесуваат на плати, придонеси и на надоместоци за вработените, 10.860.000 денари или 15 проценти се однесуваат на стоки и услуги, трансфери и донации се реализирани во износ од 152.000 денари или 0 проценти и 1.786.000 денари или 2 проценти се реализирани на ставката за капитални инвестиции. Во следната табела се прикажани планираните и реализираните расходи во текот на 2024 и на 2025 година по намени и поединечните трошења од ставките за расходи.

Табела 17: Планирани и реализирани расходи на ДКСК (во денари)

| Расходи | 2025 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализирано | Буџет | Реализирано |
| 401–Основни плати | 46.457.000 | 42.855.794 | 45.344.000 | 43.501.236 |
| 402–Придонеси за социјално осигурување | 17.183.000 | 16.840.365 | 17.650.000 | 16.986.588 |
| 404–Надоместоци | 720.000 | 630.972 | 605.000 | 527.232 |
| 420–Патни и дневни расходи | 1.700.000 | 1.322.203 | 1.700.000 | 653.858 |
| 421–Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 6.650.000 | 5.307.652 | 6.650.000 | 5.960.167 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 423– Материјали и ситен инвентар | 1.300.000 | 854.827 | 1.100.000 | 539.896 |
| 424–Поправки и тековно одржување | 2.900.000 | 1.824.711 | 2.900.000 | 1.913.362 |
| 425–Договорни услуги | 3.300.000 | 966.683 | 3.300.000 | 1.122.748 |
| 426–Други тековни расходи | 1.900.000 | 584.272 | 1.900.000 | 676.600 |
| 464–Разни трансфери | 1.461.800 | 137.827 | 1.476.000 | 741.770 |
| 465–Исплата по извршни исплати | 14.200 | 14.200 | 28.000 | 27.875 |
| 480–Купување опрема и машини | 843.000 | 185.418 | 2762.000 | 2.039.796 |
| 482–Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483–Купување мебел | 0 | 0 | 800.000 | 619.500 |
| 485–Вложување и нефинансиски средства | 1.961.000 | 1.600.117 | 1.804.000 | 121.071 |
| **ВКУПНО:** | **86.390.000** | **73.125.041** | **88.019.000** | **75.431.699** |

Во текот на 2025 година средствата на Државната комисија за спречување корупција беа рационално потрошени за обезбедување услови за секојдневното функционирање на институцијата. Средствата се искористени за исплата на плати, даноци и придонеси од плати за вработените, како и за покривање различни оперативни трошоци, меѓу кои: патни трошоци, комунални услуги, електрична енергија, пошта, телефон, интернет, услуги за превод на материјали, копирање и печатење, осигурување на недвижности, канцелариски материјал, материјали за АОП, средства за одржување хигиена, како и набавка на информатичка опрема и превентивно и адаптивно одржување на софтверските решенија. Според Годишниот план за јавни набавки, донесен во јануари 2025 година и една измена во текот на годината, од планираните 14 јавни набавки, успешно се спроведени 12. Две набавки не беа реализирани.

## 8. ЗАКЛУЧОК

И во текот на 2025 година ДКСК продолжи континуирано да ги извршува своите законски надлежности во институционален и во општествен контекст, обележан со ограничен напредок во системските реформи, ризици од корупција и зголемени очекувања од јавноста и од меѓународните партнери.

ДКСК континуирано вложува напори за јакнење на сопствените капацитети преку реализација на целни обуки и внатрешни едукативни активности, насочени кон подобрување на стручноста, интегритетот и ефикасноста во извршувањето на работните задачи.

Спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2021–2025 и во 2025 година остана сериозен предизвик. Ниското ниво на реализација на планираните активности, кое во континуитет укажува на ограничена институционална посветеност и недоволен отчет, ја потврди потребата од појасно дефинирани одговорности, реални рокови и механизми за следење и санкционирање. Овие наоди беа еден од клучните аргументи за пристапување кон подготовка на новата Национална стратегија за периодот 2026–2030 година, со

јасен фокус на мерливи резултати и институционална одговорност.

И во 2025 година не беа направени суштински системски исчекори во законската рамка кои би довеле до значително намалување на можностите за злоупотреба на дискреционите овластувања. Ризиците од корупција поврзани со вработувањата во јавниот сектор, издавањето дозволи и одобренија, урбанистичкото планирање, јавните набавки и со инспекцискиот надзор и понатаму останаа изразени. Овие појави директно влијаат врз остварувањето на уставно загарантираните права на граѓаните, ја поткопуваат довербата во институциите и го засилуваат јавниот скептицизам во однос на владеењето на правото.

Содржинатана пријавите доставенидо ДКСК во 2025 година во голема мера ги рефлектира овие системски слабости. Тоа дополнително ја нагласува потребата од поефикасна меѓуинституционална координација и од јакнење на капацитетите на сите органи вклучени во превенцијата и во гонењето на корупцијата.

Воспоставувањето и спроведувањето на системот на интегритет и во 2025 година останаа еден од суштинскитепревентивни приоритети на ДКСК. Преку континуирана поддршка, менторство и едукација, ДКСК работеше на следење на имплементацијата на елементите на системот на интегритет во органите на централната власт и на единиците на локалната самоуправа, со цел постепено јакнење на институционалната отпорност кон корупција и промоција на етичко и одговорно управување.

Континуираната едукација, како на вработените во ДКСК, така и на административните службеници во јавниот сектор, остана клучна алатка за препознавање и управување со ризиците од корупција, спречување судир на интереси и градење култура на интегритет. Во таа насока, соработката со граѓанскиот сектор и силната поддршка од меѓународните партнери овозможија реализација на значајни активности, вклучувајќи го и унапредувањетона дигиталните алатки и на софтверските решенија неопходни за поефикасно и потранспарентно извршување на надлежностите на ДКСК.

И покрај финансиските и кадровските ограничувања, ДКСК и во 2025 година продолжи да ја извршува својата улога како столб на превенцијата од корупција, истовремено јасно укажувајќи дека борбата против корупцијата бара долгорочна политичка волја, системска одговорност и активна вклученост на сите институции и општествени чинители.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

__________________________

## 9. ПРИЛОЗИ

| | |
|---|---|
| Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети од областа на корупцијата | Прилог 1 |
| Иницијативи пред надлежни органи за поведување постапка за утврдување одговорност на службени лица | Прилог 2 |
| Други иницијативи и барања произлезени од предмети | Прилог 3 |
| Дадени препораки и укажувања до институции за надминување на констатираните состојби | Прилог 4 |
| Иницијативи за утврдување одговорност на службени лица поради постоење судир на интереси | Прилог 5 |
| Преглед на постапувањата на органите по издадените извештаи и мислења за извршената антикорупциска проверка на легислативата | Прилог 6 |
| Извештај од спроведената опсервација на примената на системот на интегритет во институциите од јавниот сектор на Република Северна Македонија во 2025 година | Прилог 7 |
| Завршна сметка за 2025 година | Прилог 8 |

**ПРИЛОГ 1**

**ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА**

| **Реден број** | **Иницијативата е** | | **Основ за иницијативата** | **Со иницијативата се бара** | **Ефект од постапувањето** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **доставена до** | **датум на доставување** | | | |
| 1 | JO на РСМ | 11.06.2025 | Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против службени лица и економски оператор поради сомневање за незаконитости во постапки за јавни набавки спроведени од КЈП --------- --------и во 2021 и во 2022 година за набавка на препарати за заштита од пожари на градската депонија во Општина ---------- | Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против следните службени лица и економски оператор:<br><br>-------- ----------, директор на -------------------- во 2021 година, поради сомнежи за:<br><br>злоупотреба на службена положба и овластување затоа што допуштил дисквалификација на економскиот оператор ------------------ Скопје врз основа на формално недоставени CAS и FC броеви за понудените продукти во безбедносниот сертификат, иако техничката спецификација во тендерската документација за бараните продукти била погрешна затоа што биле барани продукти што не постоеле на пазарот, со што се овозможило јавната набавка да се реализира без конкуренција, со примена на исклучокот за спроведување на е-аукција од чл. 59, ст. 16 од Законот за јавни набавки; и<br><br>привилегирање на економскиот оператор --------------------------, Општина ----------------- со склучување договор за јавна набавка врз основа на технички спецификации за понудените продукти од доставениот безбедносен сертификат, што не соодветствувале на техничката спецификација од тендерската документација;<br><br>- -------- ----------, претседател на Комисијата за јавни набавки и членовите --------------- и ----------------, поради сомнежи за несовесно работење, злоупотреба на службената положба и овластување и фаворизирање на економски оператор затоа што во постапката за јавна набавка спроведена во 2021 година, со умисла составиле и усвоиле тендерска документација која содржела техничка | нема одговор |

| Реден број | Иницијативата е | | Основ за иницијативата | Со иницијативата се бара | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| | | | | спецификација за продукти што не постоеле на пазарот, а со цел незаконски да ја дисквалификуваат понудата на економскиот оператор ------------------------- Скопје поради наводна некомплетност на безбедносниот сертификат затоа што истиот не содржел CAS и FC броеви за понудените продукти, со што овозможиле избор на единствен економски оператор --------------------------------------, Општина ---------, преку ограничување на конкуренцијата во јавната набавка, со цел примена на исклучокот од примена на е-аукцијата во чл. 59, ст. 16 од Законот за јавни набавки; и<br><br>- -------------------------------, Општина ---------, негов управител и сопственик, поради сомнежи за злоупотреба на јавен повик при доделување договор за јавна набавка затоа што доставил понуда за бараните продукти со технички спецификации во безбедносниот сертификат што соодветствувале на техничката спецификација од тендерската документација иако бил свесен дека такви продукти, какви што се барале според техничката спецификација од тендерската документација, не постојат на пазарот. | |
| 2 | ЈО на РСМ | 05.08.2025 | Иницијатива за кривично гонење против поранешен директор и други непознати службени лица, вработени во АД----- Скопје, поради сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување | ДКСК покрена иницијатива пред ЈО на РСМ за поведување постапка за кривично гонење за -------- ----------, поранешен директор во ЈЗУ Специјализирана болница -------- ----------,<br><br>поради тоа што се сомнева дека истиот во својство на одговорно лице преземал дејства со кои постапил спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, со што предизвикал штета на буџетот на здравствената установа. | нема одговор |

| Реден број | Иницијативата е | | Основ за иницијативата | Со иницијативата се бара | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| | | | | Сомневањата се однесуваат за нерегуларности и прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, во постапка за јавна набавка реализирана во 2023 година за набавка на стоки - течни горива и плин за возила, во количина 12.000 литри за потребите на болницата. Врз основа на прибавената документација од здравствената установа и јавно достапни информации, ДКСК утврди дека испорачаната количина на стоката и цените во доставените фактури не се согласуваат со цената и количината на стоката предвидена со договорот, склучен во предметната постапка за јавна набавка. Во согласност со член 117 од Законот за јавни набавки:<br>(1) Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.<br>(2) Договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.<br>- Во предметната постапка за јавна набавка, договорниот орган, претставуван од директорот -------- ---------, склучил договор за јавна набавка на гориво со утврдена количина од 12.000 литри, за цена од 840.000,00 денари со ДДВ, а извршил плаќања во износ од 1.222.253,00 денари за испорачани 15.797 литри гориво. | |
| 3 | ЈО на РСМ | 29.08.2025 | Иницијатива за кривично гонење против градоначалникот на Град ------------- поради сомневање за | Против ---------- ------------, градоначалник на Град -----------, поради постоење сомневање дека презела дејства спротивни на закон во постапката за именување лице за вршител на должноста директор во | нема одговор |

| Реден број | Иницијативата е | | Основ за иницијативата | Со иницијативата се бара | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| | | | злоупотреба на службената положба и овластување | СУГС -----------------Скопје, и донесено Решение број ------------ од 22.05.2023 година за именување на лицето ----------------, кое не ги исполнило во целост условите за вршењето на оваа функција утврдени со закон, со што сторила повреда на членот 93-в а во врска со членот 91, став (2) од Законот за средно образование. | |
| 4 | ЈО на РСМ | 22.09.2025 | Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против ------ ---------- ,претседател на Управен одбор и генерален директор во АД -------------------------------и против сите членови на Управниот одбор на АД -------------------- кои имале мандат и учествувале во донесувањето на одлуките за избор на управители на --------------------- и --------------, поради сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување | Иницијативата е покрената поради сомневања дека наведените лица во својство на одговорно лице извршиле избор на лица за управители на друштва со ограничена одговорност на АД ----- кои не го исполниле условот за поседување на еден од меѓународните сертификати утврден во член 231-а, став 5 од Законот за трговски друштва, кој бил во важност на денот на именувањето, со што сториле повреда на законските одредби, со намера да прибават за себе или за друг некаква имотна корист. | нема одговор |
| 5 | ЈО на РСМ | 29.12.2025 | Иницијатива за кривично гонење против градоначалникот на Град --------------, поради сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување | Против лицето ---------- ----------- во својство на поранешен градоначалник на Град -----------, поради сомневање за повреда на законски одредби во постапката за именување вршител на должноста директор во јавна установа, а во која од страна на градоначалникот на Град ------------ ----------- е именувано лицето ---------- ------- за в.д.директор на ЈУ --------- --------------- на -------- ----------. | нема одговор |
| 6 | ЈО на РСМ | 18.11.2025 | Иницијатива за кривично гонење против градоначалникот на Општина ------------- поради сомневање за злоупотреба на | Против градоначалникот на Општина ---------- порадинезаконско назначување в.д. директор на детска градинка ---------------------------, односно именување лице што не го исполнува условот за минимален број години работно искуство, како и дека истото лице било именувано трипати | нема одговор |

| Реден број | Иницијативата е | | Основ за иницијативата | Со иницијативата се бара | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| | | | службената положба и овластување | последователно за вршител на должност | |
| 7 | ЈО на РСМ | 18.11.2025 | Иницијатива за кривично гонење против министерот за ------------ поради сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување | Против министерот за здравство во Владата на Република Северна Македонија во периодот од 23.06.2024 година до 20.05.2025 година, поради постоење сомневање дека презел дејства спротивни на закон во постапката за именување лице за вршител на должноста директор на јавна здравствена установа - донел Решение број ---------- од 13.08.2024 година за именување на лицето ------- - ---------- за вршител на должноста директор на ЈЗУ -------------------------------, иако лицето не ги исполнувало во целост условите за вршењето на оваа функција утврдени со закон, со што сторил повреда на членот 104, став 2 од Законот за здравствена заштита. | нема одговор |
| 8 | ЈО на РСМ | 18.11.2025 | Иницијатива за кривично гонење против в.д. директор на Општинско средно медицинско училиште ----------- поради сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување | Против одговорното лице, в.д. директор на Општинско средно медицинско училиште -------------------------- - ------------, ----------------- --------------- , поради исплатени средства за набавка на лектири за потребите на училишната библиотека без притоа да биде спроведена постапка за јавна набавка. | нема одговор |

## ПРИЛОГ 2

## ИНИЦИЈАТИВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

| Реден број | Иницијативата е | | Основ за иницијативата | Со иницијативата се бара | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 1 | Град Скопје | 29.08.2025 | Иницијатива за поведување постапка за утврдување одговорност на лицето---------------------------, директор на СУГС --------------------------------- Скопје, поради тоа што во моментот на неговото именување за в.д.директор,со Решение од 22.05.2023 година, непоседувал Уверение за положен испит за директор, соодветен сертификат за познавање англиски јазик, не постар од 5 години, и Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, и со неисполнување на условите за вршење на функцијата вршител на должноста сторена е повреда на член 93-в, став 1 и на член 91, став 2 од Законот за средно образование. | Поведување постапка за утврдување одговорност на директор на средно училиште. | нема одговор |
| 2 | Влада на РСМ | 22.09.2025 | Иницијатива за поведување постапка за утврдување одговорност на ------ ---------, претседател на Управен одбор и генерален директор на АД ------------------------, како и на сите членови на Управниот одбор на АД -------------------------------, кои имале мандат и учествувале во донесувањето на одлуките за избор на управители на -----------------и ------------------------------, на ден 25.09.2024 година, поради постоење основи на сомневање | Поведување постапка за утврдување одговорност на генерален директор и на други службени лица. | нема одговор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дека во својство на одговорно лице извршиле избор на лица за управители на правни субјекти што не го исполниле условот за поседување на еден од меѓународните сертификати утврдени во член 231-а, став 5 од Законот за трговски друштва, кој бил во важност на денот на нивното именување, со што сториле повреда на членот 231-а од Законот за трговски друштва. | | |
| 3 | Министерство за здравство | 18.11.2025 | Иницијатива за поведување постапка за утврдување одговорност на --------- ---------------, вршител на должноста директор на ЈЗУ ---------------------, поради тоа што во моментот на неговото именување со Решение за именување вршител на должноста директор на ЈЗУ - ------------------ ----------донесено од страна на тогашниот министер за здравство ----------- -------------и под број ----------------од 13.08.2024 година, немал пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или во системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување како што се бара во Законот, со што е сторена повреда на член 104, став 2, точка 4 од Законот за здравствена заштита. | Поведување постапка за утврдување одговорност на в.д. директор на јавна здравствена установа. | нема одговор |

## ПРИЛОГ 3

## ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ И БАРАЊА ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ПРЕДМЕТИ

| Реден број | Иницијатива/ барање на ДКСК: | Документот е | | Краток опис на барањето | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| | | доставена до | датум на доставување | | |
| 1 | Проверка на АПЛ | Одделение за АПЛ на ДКСК | 21.02.2025 | ДКСК ќе изврши антикорупциска проверка на Правилникот за начинот на спроведување селекција при распоредување, како и при унапредување, и на начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи и за констатираното ќе биде изработен извештај. | |
| 2 | Проследување одлука | Министерство за социјална политика, демографија и млади на РСМ | 27.05.2025 | Одлуката се доставува до Министерството за социјална политика, демографија и млади на РСМ со цел иницирање повторно спроведување контролен инспекциски надзор во Центарот за социјална работа во Тетово заради целосно спроведување на дадените задолжувања, во согласност со Решението ИП1 бр. 16-19 од 05.05.2025 година донесено од надлежниот инспекциски орган. | Постапено е,односно бил извршен контролен надзор, биле издадени мерки и рокови за отстранување на утврдените состојби и од страна на Центарот е постапено во целост по дадените задолжувања. |
| 3 | Проследување одлука | Инспекциски совет на РСМ | 27.05.2025 | Одлуката се доставува до Инспекцискиот совет на РСМ со цел следење на споведувањето по иницијативата за повторно спроведување контролен инспекциски надзор во Центарот за социјална работа во Тетово, заради целосно спроведување на дадените задолжувања, во согласност со Решението ИП1 бр. 16-19 од 05.05.2025 година донесено од надлежниот инспекциски орган. | |
| 4 | Проверкана АПЛ | Одделение за АПЛ на ДКСК | 02.06.2025 | Да се направи АПЛ на чл.66 и на чл.67 од Законот за наставници и стручни соработници  во основните и во средните училишта | |
| 5 | Известување со проследување одлука на ДКСК | Општина Чучер Сандево | 09.09.2025 | Како надлежен орган да постапи по решение од инспекциски надзор и да ја извести ДКСК во рок од 60 дена. | |

| **Реден број** | | **Документот е** | | **Краток опис на барањето** | **Ефект од постапувањето** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Иницијатива/ барање на ДКСК:** | **доставена до** | **датум на доставување** | | |
| 6 | Иницијатива за надлежно постапување | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | 30.10.2025 | Иницијатива за надлежно постапување по член 42 од Деловникот на ДКСК. | |

**ПРИЛОГ 4**

## ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ И УКАЖУВАЊА ДО ИНСТИТУЦИИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА КОНСТАТИРАНИТЕ СОСТОЈБИ

| Реден број | Препорака/Укажување до | | Краток опис на препораката/укажувањето | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | |
| **1** | Собрание на РСМ | 26.02.2025 | Препорака за дополнување на Упатството за организирање и реализирање на службени патувања во странство, заведено под архивски број 01-6776/1 од 28.12.2023 година, со внесување одредби по примерот на членот 19, став 4 од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата. | |
| **2** | Општина Дебар | 26.02.2025 | Укажување за корекција на постапка за корекција на урбаниситичко-планска документација во однос на културата на парцелите. | |
| **3** | Собрание на РСМ и Министерство за дигителна трансформација | 13.06.2025 | Укажување за преиспитување на Законот за електронски комуникации. | |

**ПРИЛОГ 5**

**ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ПОРАДИ ПОСТОЕЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

| Реден број | Иницијативата е | | Основ на иницијатива | Со иницијативата се бара | Ефект од постапувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 1 | Научниот совет на Институтот за сточарство | 15/07/2025 | Заменик-директорот на Институтот не се изземал при склучување договори со приватна фирма што е во сопственост на неговата сопруга. | Да се поведе постапка за утврдување одговорност кај лицето. | Од Научниот совет на Институтот за сточарство доставиле предупредување до лицето за во иднина да не се повтори ваква ситуација и дека лицето има постапено, односно ја надминало состојбата на судир на интереси со раскинување на договорот со приватната фирма. |
| 2 | Градоначалникот на општина Гостивар | 15/07/2025 | Директорка на основно општинско училиште учествувала во постапка за вработување блиски лица во истото училиште и не се изземала. | Да се поведе постапка за утврдување одговорност кај лицето. | Нема одговор од градоначалникот на општина Гостивар. |
| 3 | Градоначалникот на општина Велес | 26/08/2025 | Вработено лице во Општина Велес постапило спротивно на член 75, став 1 од ЗСКСИ, на начин што не пријавило дека има приватен интерес и не се изземало во своето постапување. | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето. | Нема одговор од градоначалникот на општина Велес. |

## ПРИЛОГ 6

## ПРЕГЛЕД НА ПОСТАПУВАЊАТА НА ОРГАНИТЕ ПО ИЗДАДЕНИТЕ ИЗВЕШТАИ И МИСЛЕЊА ЗА ИЗВРШЕНАТА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА

| Бр. | Правен акт | Опфат | Основ | Издаден акт | Постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници | Предлог-закон | По барање на Министерството за јавна администрација | Мислење | Нема одговор |
| 2 | Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Закон | По сопствена иницијатива | Затворен со службена белешка | / |
| 3 | Член 14 од Правилникот за начинот на спроведување селекција при распоредување, како и при унапредување, и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи | Член 14 | По сопствена иницијатива | Извештај | Препораките делумно се прифатени. |
| 4 | Предлог-закон за внатрешни работи | Предлог-закон | По барање на Министерството за внатрешни работи | Мислење | Нема одговор |
| 5 | АПЛ која се однесува на одредби во врска со издавање лиценци, одобренија и дозволи за работа на угостителски објекти и вршење надзор (Закон за | Одредби кои се однесуваат на издавање лиценци, одобренија и дозволи | По сопствена иницијатива | Извештај | Препораките од надлежност на Министерството за локална самоуправа не се прифатени. |

| Бр. | Правен акт | Опфат | Основ | Издаден акт | Постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | угостителска дејност, Закон за заштита и спасување, Закон за инспекциски надзор) | | | | |
| 6 | Предлог-закон за пристапност на веб-страниците и на мобилните апликации на институциите од јавниот сектор | Предлог-закон | По барање на Министерството за дигитална трансформација | Мислење | Препораките ќе бидат земени предвид. |
| 7 | Предлог-закон за безбедност на мрежни и информациски системи | Предлог-закон | По барање на Министерството за дигитална трансформација | Мислење | Нема одговор |
| 8 | Предлог-закон за архивски материјал и архивска дејност | Предлог-закон | По барање на Министерството за дигитална трансформација | Мислење | Нема одговор |
| 9 | Нацрт-закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоци | Нацрт-закон | По барање на Министерството за правда | Мислење | Нема одговор |
| 10 | Предлог-закон за судската служба | Предлог-закон | По барање на Министерството за правда | Мислење | Нема одговор |
| 11 | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Предлог-закон за изменување и дополнување | По сопствена иницијатива | Извештај | Нема одговор |

| Бр. | Правен акт | Опфат | Основ | Издаден акт | Постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Предлог-закон за електронски комуникации | Предлог-закон | По барање на Министерството за дигитална трансформација | Мислење | Нема одговор |
| 13 | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси | Предлог-закон за изменување и дополнување | По барање на Министерството за правда | Мислење | Прифатени препораки |
| 14 | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги | Предлог-закон за изменување и дополнување | По барање на Министерството за дигитална трансформација | Мислење | Нема одговор |
| 15 | Предлог-закон за јавно-приватно партнерство | Предлог-закон | По барање на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини | Мислење | Нема одговор |
| 16 | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување санкции | Предлог-закон за изменување и дополнување | По барање на Министерството за правда | Мислење | Нема одговор |
| 17 | Предлог-закон за јавнообвинителска служба | Предлог-закон | По барање на Министерството за правда | Мислење | Нема одговор |
| 18 | Правилник за формата, содржината и начинот | Правилник | По барање на Министерството | Мислење | Нема одговор |

| Бр. | Правен акт | Опфат | Основ | Издаден акт | Постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | на поднесување иницјатива за вклучување во Годишниот план за изградба на енергетски објекти, форма и содржина на Годишниот план и Извештајот за реализација на Годишниот план за претходна година, податоци потребни за изработка на Годишниот план, начинот и роковите за нивно доставување од институции, потребна документација за изготвување на Годишниот план за изградба на енергетски објекти и документација која ја доставува инвеститорот, начинот на оценување на соодветноста на податоците доставени од инвеститорите, начинот на распределба на потребните трошоци за инвестиции за зајакнување на мрежите, начинот на изработка на приклучни точки, како и правата и обврските на засегнатите страни за | | за енергетика, рударство и минерални суровини | | |

| Бр. | Правен акт | Опфат | Основ | Издаден акт | Постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | секоја поединечна институција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти, динамиката на развој на проектите, начинот на користење и поднесување апликации преку јавно достапна платформа. | | | | |
| 19 | Изборен законик | Цел закон | По сопствена иницијатива | Извештај | Препораките ќе бидат земени предвид. |
| 20 | Предлог-закон за изменување и за дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Предлог-закон | По барање на Министерството за правда | Мислење | Нема одговор |
| 21 | Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер | Закон | По сопствена иницијатива | Извештај | Нема одговор |
| 22 | Закон за административни службеници | Закон | По сопствена иницијатива и по барање мислење | Мислење | Нема одговор |
| 23 | Закон за вработените во јавниот сектор | Закон | По сопствена иницијатива и по барање мислење | Мислење | Нема одговор |
| 24 | Предлог-закон за изменување и за дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја | Предлог-закон за изменување и за дополнување | По барање од Министерството за правда | Мислење | Нема одговор |

| Бр. | Правен акт | Опфат | Основ | Издаден акт | Постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Законската регулатива што се однесува на финансирањето на изработка на детални урбанистички планови | Одредби од законот што се однесуваат на финансирањето на ДУП | По сопствена иницијатива, произлезено од предмет за корупција | Затворен со службена белешка | / |

П Р И Л О Г  7

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНО СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ

## ЗА 2025 ГОДИНА

- Систем на интегритет во државните органи и во институциите од јавен сектор
- Систем на интегритет во единиците на локална самоуправа



Март 2026 година

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД**

**ПРОЦЕС НА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ**

1. ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИМЕНАТА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЦЕЛИНА
2. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ НА НИВО НА ИНСТИТУЦИЈА
3. СТЕПЕН НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА УСОГЛАСЕНОСТ СО СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ

**ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, ВО САМОСТОЈНИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ВО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ**

4. ВАЖНОСТ И СОСТОЈБА НА СПРОВЕДУВАЊЕТОНА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ
5. НИВО НА ИСПОЛНЕТОСТ НА ОБВРСКИТЕ ВО СЕГМЕНТИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

**ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

6. ВАЖНОСТ И СОСТОЈБА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
7. НИВО НА ИСПОЛНЕТОСТ НА ОБВРСКИТЕ ВО СЕГМЕНТИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

**ЗАКЛУЧОЦИ И ИДНИ ЧЕКОРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ**

# ВОВЕД

Во согласност со член 17, алинеја 18 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК или Државната комисија) има надлежност да презема активности во насока на јакнење на личниот и на институционалниот интегритет.

Имплементацијата на системот на интегритет претставува еден од клучните превентивни механизми во националната антикорупциска рамка. Во изминатиот период, ДКСК систематски и континуирано го развива овој процес на национално ниво, преку планиран, фазен и институционално одржлив пристап, со цел воведување и унапредување на системот на интегритет во институциите од јавниот сектор.

Процесот опфаќа три меѓусебно поврзани нивоа:

**Секторски интегритет**

Преку поттикнување и следење на имплементацијата на мерките и на активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2021–2025 година, ДКСК во 2025 година продолжи континуирано да ја користи веб-алатката за прибирање и за анализирање податоци поврзани со степенот на реализација на планираните активности од страна на надлежните институции.

Во текот на 2025 година секторскиот пристап беше дополнително зајакнат и преку процесот на подготовка на Националната стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2026–2030 година, кој беше во фокусот и на состаноците и на координациските активности со клучните чинители и партнерски иницијативи (вклучително и преку проектната поддршка „Заедници со интегритет“).

Овој механизам претставува основа за мерење на институционалната одговорност и на степенот на усогласеност со националните антикорупциски политики, а воедно овозможува идентификација на системски слабости и потреби за интервенција во наредниот стратегиски период 2026–2030.

**Институционален интегритет**

Имплементацијата на системот на интегритет, преку потпишување и примена на Политиката за интегритет и практична операционализација на клучните елементи (регистар на ризици, процедури, насоки и одговорности), во 2025 година беше насочена кон две паралелни цели:

- проширување на мрежата на потписници и
- унапредување на квалитетот и на зрелоста на имплементацијата кај постојните потписници.

Во 2025 година како значаен чекор во јакнењето на институционалниот интегритет на национално ниво се издвојуваат потпишувањето на Политиката за интегритет од страна на Собранието на Република Северна Македонија, како институционална порака за важноста на интегритетот во највисокото претставничко тело во државата, и потребата од ефективно спроведување на стратегиските цели во оваа област.

***Унапредување на механизмите за интегритет во правосудството***

Во втората половина на 2025 година ДКСК, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, започна инклузивен процес за унапредување на механизмите за интегритет во правосудниот сектор со цел:

- ажурирање и усогласување на политиките за интегритет;
- приспособувањекон специфичностите на судовите;
- подготовување методологија и алатки за следење на имплементацијата.

Како врвен резултат на овој процес, во декември 2025 година беше одржана промоција и беа потпишани ажурираните политики за интегритет во судството, при што беа потпишани Политиката за интегритет на Судскиот совет, Политиката за интегритет на Академијата за судии и јавни обвинители, како и Политиката за интегритет приспособена на спецификите на судовите, потпишана од претседателот на Врховниот суд и од претседателите на апелационите судови.

Со оглед на оваа методолошка и содржинска транзиција во 2025 година, во правосудниот сектор започна нова, поадаптирана фаза, која ќе продолжи и во 2026 година преку развој на специфични прашалници, прирачници и методологија за следење, како практична поддршка за лицата за интегритет во судската власт.

### Личен интегритет

Воведувањето и одржувањето на системот на интегритет не е само институционална, туку и индивидуална обврска. Во 2025 година ДКСК продолжи со континуирани активности за јакнење на личниот и на професионалниот интегритет, преку едукација, практична поддршка и развој на капацитети кај лицата за интегритет и кај другите клучни актери.

### *Едукација и јакнење на капацитетите во ЕЛС и во централната власт*

Во 2025 година, во соработка со партнерите, беа реализирани повеќе активности насочени кон практична имплементација на системот на интегритет и на управувањето со ризици, меѓу кои:

- Настан за зајакнување на соработката и на поддршката за имплементација на системот на интегритет во ЕЛС (30 мај 2025 година), со изработка на СВОТ-анализа и со акцентна дигитални алатки и комуникација преку комуникацискиот портал на ДКСК, реализиран со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
- Обука за претставници на општините – партнерски општини во рамките на проектот „Заедници со интегритет“–одржана војули 2025 година на тема „Основи на системот на интегритет“, реализирана со поддршка од Националниот демократски институт (НДИ).
- Обука за обучувачи (ТоТ) за лицата за интегритет во ЕЛС, одржана во јули 2025 година, со посебен акцент на комуникациските и на обучувачките вештини, како и на преносот на знаење во општинските администрации (со евидентиран раст на просечниот резултат на знаење кај учесниците од 81,64% на 96,94%), реализиранасо поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
- Менторски сесии за напредни обуки на терен за општински администрации, одржанина 20 и на 21 ноември 2025 година во Општина Брвеница и во Општина Старо Нагоричане, со акцент на примената на Законот, управувањето со ризици и улогата на лицето за интегритет, реализирани со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
- Менторски сесии во рамки на проектот „Заедници со интегритет“, на тема„Заштита на укажувачите, управување со судир на интереси, управување со ризици од корупција и дискрециони овластувања“,одржани во септември и во октомври 2025 година, а имплементирани со поддршка од Националниот демократски институт (НДИ).

- Обука за вработените во Агенцијата за храна и ветеринарство, одржана во јули 2025 година, на тема „Интегритет и превенција од корупција", реализирана по барање на институцијата.

### *Јакнење на сопствениот интегритет на ДКСК*

Како дел од заложбите ДКСК да биде пример и носител на култура на интегритет, на крајот на декември 2025 година беше одржана внатрешна обука за вработените во Секретаријатот на ДКСК на тема „Систем на интегритет и улогата на ДКСК во неговата имплементација". Обуката ја отвори претседателот на ДКСК, кој гинагласи важноста на институционалната култура и кредибилитетот на Државната комисија, а клучните аспекти на системот на интегритет, елементите и практичната примена ги презентираше лицето за интегритет на ДКСК. Обуката се реализираше интерактивно, со дискусија за етички дилеми и практични ситуации, при што беше потенцирано дека интегритетот не е формална обврска, туку суштински дел од професионалното постапување.

### *Интегрирање на родовата перспектива како дел од институционалниот интегритет*

Во декември 2025 година ДКСК го промовираше првиот Акциски план за унапредување на родовата перспектива во работата на ДКСК 2026–2030, како практична рамка за интеграција на родовата перспектива во институционалните политики и процедури и препознавање на родово-специфичните ризици од корупција. Тоа претставува дополнителен исчекор во развојот на интегритетните механизми и на институционалната култура.

## ПРОЦЕС НА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ

### ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИМЕНАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЦЕЛИНА

Интегритетот претставува клучен предуслов за градење силни институции, за создавање доверба кај граѓаните и за одржување на довербата кај граѓаните. Врз основа на анализата на одговорите од поднесените прашалници за мониторинг на системот на интегритет за 2025 година, може да се утврди дека имплементацијата на системот на интегритет продолжува да се развива и да се препознава како важен превентивен механизам во борбата против корупцијата и судирот на интереси.

Примената на системот за интегритет им овозможува на институциите да воспостават и унапредат механизми за:

- заштита на јавниот интерес и за спречување на судирот на интереси;
- етичко постапување и за институционална култура на интегритет;
- управување со човечки ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- наменско, рационално и ефикасно управување со јавни ресурси;
- транспарентност и пристап до информации од јавен карактер;
- управување со квалитетот и контрола на ризици;
- овозможување и заштита на укажувачи (заштитено пријавување).

Во 2025 година резултатите дополнително укажуваат на потребата системот да премине од фаза на формално воспоставување кон фаза на институционална зрелост и мерлива ефективност, особено преку квалитативна верификација и континуирано ажурирање на регистрите на ризици.

## 8. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА НИВО НА ИНСТИТУЦИЈА

Сите институции потписници на Политиката за интегритет се должни да ги применат обврските што произлегуваат од системот интегритет во целост. Оправдано е да се очекува дека институциите ќе имаат различен пристап и различно ниво на капацитет и посветеност во овој процес. Оттука, важно е да се истакнат институциите што

покажуваат високо ниво на зрелост и функционална примена на системот, како ида се идентификуваат институциите кај кои примената е ниска или формална, со цел да се истакне потребата од поддршка и унапредување.

За да се утврди кои институции имаат највисоко ниво на примена, а кои најниско, се врши мерење на степенот на имплементација на системот на ниво на институција и се прави рангирање и категоризација според добиените резултати.

### 2.1. Методолошки пристап на пресметка

За секоја институција се пресметува бројот на освоени бодови, односно процентот на успешна имплементација на системот на интегритет.
Во согласност со методолошкиот пристап, резултатот изразен во бодови се споредува со максималниот број можни бодови, по што се пресметува процентот на исполнетост на обврските и врз основа на процентот институцијата се распределува во една од категориите прикажани на табелата од точка 2.2.

### 2.2. Валоризација на усогласеност

Исполнувањето на обврските за примена на системот на интегритет се валоризира преку следните пет нивоа на категоризација.

| |
|---|
| 80 – 100 % исполнетост –многу добро |
| 60 – 80 % исполнетост –добро |
| 40 – 60 % исполнетост –просечно |
| 20 – 40 % исполнетост –слабо |
| 0 – 20 % исполнетост –многу слабо |

### 2.3. Следење на степенот на имплементација на системот на интегритет

Од аспект на следење на степенот на имплементација на системот на интегритет, ДКСК и во 2025 година ги повика институциите потписници на Политиката за интегритет да пристапат до комуникацискиот портал, платформа за системотза интегритет, да го пополнат прашалникот и да достават релевантни податоци врз основа на кои се мери степенот на имплементација на елементите од системот на интегритет.

Прашалникот за мониторинг за 2025 година се пополнуваше во периодот од 1 декември 2025 година до 16 јануари 2026 година, со продолжување на рокот до 23 јануари 2026 годинапоради технички недостатоци на системот.

Извештајот од спроведениот мониторинг за 2025 година има цел да ги сумира релевантните податоци и да даде преглед на степенот на имплементација на системот на интегритет во два сегменти:

- институции од централната власт
- единици на локалната самоуправа.

Во однос на судскиот сектор, во 2025 година ДКСК започна методолошко и содржинско унапредување на пристапот кон системот на интегритет (во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје), вклучувајќии ажурирање на политиките и подготовка на специфични индикатори и прашалници приспособени на судската власт. Поради оваа транзициска фаза, 2025 година се третира како година на подготовка за воспоставување адаптиран модел на следење во правосудството во наредниот период.

Овој извештај претставува составен дел на Годишниот извештај за работата на ДКСК, кој се доставува до Собранието на Република Северна Македонија и јавно се објавува со цел да се зајакнат отчетот и транспарентноста на институциите во примената на превентивните антикорупциски механизми.

Во текот на периодот за пополнување на прашалникот, ДКСК се соочуваше со предизвици, пред сè од технички карактер. Истите беа надминувани по принципот „пријава – услуга", преку континуирана комуникација и поддршка на институциите и преку координација со тимот за ИТ-поддршка на системот.

## 2.4. Следење на степенот на имплементација на системот на интегритет

***ДКСК презеде активности насочени кон зголемување на бројот на активни потписници на политиките за интегритет, притоа водејќи се од скалата и од приоритетите поставени со Националната стратегија 2021–2025 година, особено во однос на секторските ризици од корупција.*** Во таа насока, ДКСК упати повик до институциите од централната власт за поинтензивно вклучување во процесите на воспоставување, развивање и унапредување на системите за интегритет во рамките на институциите. Целта на тие активности беше да се зголеми бројот на институции што активно ќе работат и ќе соработуваат со ДКСК во насока на јакнење на институционалниот интегритет и отпорноста кон корупциски ризици.

Како резултат на активните повици и напори на ДКСК за вклучување на институциите во соработката преку системот на интегритет, заклучно со декември 2025 година – како месец на евалуација и заокружување на процесот на следење за изминатата година – се евидентирани вкупно 103 институции со целосно потпишани Политика за интегритет и пропратни документи, 10 институции кај кои постапката на потпишување е во тек, како и 72 општини што се вклучени во овој процес.

***Во текот на 2025 година ДКСК презеде значајни активности во секторот судство, во однос на ажурирање и унапредување на политиките за интегритет во судските институции, поради што во тековниот циклус на мониторинг не беше спроведено пополнување на прашалникот од страна на судовите и на другите правосудни институции.*** Овие активности се реализираа во услови на зголемена јавна чувствителност кон интегритетот во правосудството и нарушена доверба во судскиот систем, што ја нагласува потребата од зајакнување на превентивните механизми и на институционалната одговорност.

Со ажурирањето на политиките за интегритет и соодветните пропратни документи се создава основа за понатамошно системско следење на интегритетот во судството, при што е предвидено судските институции да учествуваат во следниот циклус на мониторинг преку ажуриран прашалник во декември 2026 година.

## 3. СТЕПЕН НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА УСОГЛАСЕНОСТ СО СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

Системот за интегритет се применува хоризонтално во сите институции од јавниот сектор, при што неговата имплементација треба да биде пропорционална на надлежностите, големината и ризик-профилот на институцијата. Анализата не го оценува само формалното постоење акти и процедури, туку и степенот на нивна реална примена, интеграција во институционалните процеси и нивното влијание врз управувањето со ризиците.

Системот на интегритет кај институциите потписници на Политиката за интегритет е опфатен преку електронски прашалник кој се пополнува преку комуникацискиот портал на ДКСК и се структурира во три сегменти:

### Воспоставување на систем за интегритет или нормативна поставеност

Воспоставувањето на системот на интегритет ги опфаќа обврските што претставуваат основа за функционална имплементација: анализа на институционалните потреби,

одредување и проценка на корупциски ризици, донесување интерни правила и уредување на клучните области (судир на интереси, подароци/гостопримства, заштитено пријавување, транспарентност и др.).

Во 2025 година кај дел од институциите од централната власт се забележуваат предизвици во воспоставувањето одредени задолжителни елементи, особено во домените што бараат систематско-нормативно уредување и оперативна примена. ДКСК укажува на потребата од натамошно подобрување, особено во следните области (структурни слабости):

- Интерни акти за управување со судир на интереси – потреба од усвојување и реална интеграција во секојдневното постапување.
- Интерни правила за подароци, погодности и гостопримства – како рамка за избегнување реален/потенцијален/привиден судир на интереси и навремено известување во согласност со закон.
- Воведување или унапредување стандарди за управување со квалитет (ИСО9001 и ЦАФ) – како алатки за систематизација на процесите, на контролните механизми и како алатки за намалување на корупциските ризици.
- Развивање/унапредување интерни акти и процедури во јавните набавки – со експлицитни и интегритетни механизми и контроли.
- Имплементација на етичките кодекси и професионални стандарди – како применливи правила, а не декларативни документи.
- Листа на дискрециони овластувања – како антикорупциски инструмент за управување со дискреционите овластувања при донесување одлуки и намалување на просторот за злоупотреба.

## Спроведување и поддршка на системот за интегритет или оперативна примена

Овој сегмент се однесува на практичната примена на усвоените акти и процедури, нивната интеграција во работните процеси и обезбедување човечки, организациски и технички предуслови за ефективна примена.

Како клучни механизми за ефективност, ДКСК посебно укажува на:

- континуирани обуки и едукација за интегритет и антикорупција, како предуслов за реална примена на правилата;

- интегрирање на управувањето со корупциските ризици во системот на внатрешна финансиска контрола, восогласност со законската рамка, со јасна одговорност на раководството за надзор, следење и известување.

### Следење и известување за примената на системот за интегритет или мерлива ефективност

Институциите треба да обезбедат двостепен систем на следење: внатрешно следење во рамките на самата институција и следење преку ДКСК. Овој сегмент е клучен за премин од формално постоење кон мерлива ефективност.

ДКСК препорачува институциите да воведат редовни внатрешни проверки, вклучувајќи и активна улога на внатрешната ревизија каде што е применливо, анализа на дисциплински и други релевантни постапки поврзани со елементите на системот на интегритет, како и систематска комуникација со вработените за зголемување на свесноста, отчетот и на превентивната култура.

Во рамките на овој сегмент се вреднуваат и следните аспекти:

- преземени активности за следење на примената на системот на интегритет,
- наоди/препораки/оценки за интегритет доставени до раководството на институцијата,
- известување на јавноста за антикорупциските заложби и мерки.

Анализата на исполнетоста по сегменти овозможува идентификација на најголемите слабости и на напредокот, како основа за насочување на идните препораки, менторска поддршка и надзорни активности на ДКСК. Преку споредба на нивоата на исполнетост по сегменти се овозможува да се утврди каде институциите остваруваат најголем напредок, а каде се јавуваат најголеми системски слабости.

Според податоците од евиденцијата на ДКСК, бројот на институции што одговориле на прашалникот во 2025 година е зголемен за **26 проценти** во однос на 2024 година, што укажува на тренд на континуирано зголемување на одзивот и во најголема мера претставува директен резултат на засилените активности на ДКСК за проширување на мрежата на потписници и за јакнење на свесноста за обврските што произлегуваат од Политиката за интегритет.




***Целта на постоењето и воспоставувањето на овој систем, покрај нормативната и процедурната рамка, е развојот на организациска култура заснована на отчет, транспарентност и лична одговорност, како клучен предуслов за ефективен систем на институционален интегритет.***

ДКСК препорачува воспоставување интегриран систем на управување со институционален интегритет, кој не се сведува само на формално донесување акти, туку и на нивна реална примена, редовно следење и мерење на ефектите.

***Институциите во 2026 година треба да преминат од декларативен кон оперативен пристап во управувањето со ризиците од корупција, преку воспоставување јасни процедури, механизми на отчет и култура на интегритет***. ДКСК очекува институциите да ги интегрираат овие области како суштински дел од своите годишни планови, од програмите за обука и од системите за внатрешна контрола, со јасно определени рокови, одговорни лица и мерливи индикатори.

Врз основа на извршената анализа, ДКСКукажува дека основната рамка за системско унапредување на институционалниот интегритет треба да се темели на следните клучни области:

- **Интеграција на интерните акти за судир на интереси во секојдневното работење на институциите,** преку нивна реална примена во процесите на одлучување, кадровско управување, јавни набавки и други ризични области, а не само нивно формално усвојување.
- **Воспоставување и водење евиденција на изземања од постапување,** како инструмент за управување со реален, потенцијален или привиден судир на интереси и како инструмент за заштита на институционалниот интегритет и довербата на јавноста.

- **Усогласување со законската рамка од областа на внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор**, со воведување редовно (најмалку годишно) самооценување на ризиците, вклучувајќи гии ризиците од корупција, како составен дел од системот за управување и отчет.

**Клучни области за системско зајакнување, според податоците од одговорените прашалници:**

- **Систематизација на дискреционите овластувања**

Секоја институција да изработи листа на дискрециони овластувања и да води евиденција за одлуките донесени со дискреционо право, кои самите имаат степенување на висок ризик. Притоа, да се дефинира и предвиди двојна контрола при донесувањетона овие одлуки.

- **Стандардизација на процедурите**

Потребно е донесување јасни процедури за подароци и за гостопримства, воспоставување регистри на подароци, почитувајќи ја обврската за навремено известување на ДКСК за истите.

- **Интегритет во јавните набавки**

Потребни се континуирани обуки на административните службеници за јавни набавки. Интерните акти за постапување по јавните набавки треба да содржат посебен дел за управување со судирот на интереси и да се води евиденција за постоењето судир на интереси кај членовите на комисиите што се формираат во институциите.

- **Усогласување со регулативата за внатрешна финансиска контрола**

Исклучително е потребна активна улога на раководството во овие процеси и истите треба да се интегрираат во корупциски ризици во системот за внатрешна контрола. Истите треба да се следат и за тоа да се известува раководството на редовна основа.

# ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, ВО САМОСТОЈНИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ВО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

## 4. ВАЖНОСТ И СОСТОЈБА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

Примената на системот за интегритет во институциите од централната власт претставува суштински елемент на превентивната антикорупциска рамка и клучен

индикатор за институционална зрелост, за отчет и за управувачка одговорност.Степенот на имплементација на системот за интегритет не се мери само преку формалното донесување интерни акти, туку се мери и преку нивната реална интеграција во процесите на одлучување, управувањето со ризици и функционирањето на институцијата во целина.

Резултатите од мониторингот за 2025 година укажуваат дека кај институциите од централната власт постои изразена подготвеност за соработка и напредок во исполнувањето на обврските што произлегуваат од системот за интегритет. Истовремено, анализата покажува дека степенот на имплементација останува нееднакво развиен, при што кај дел од институциите механизмите за интегритет сѐ уште функционираат на ниво на формална или делумна усогласеност.

Овие сознанија ја нагласуваат потребата од консолидирање и од унапредување на системскиот пристап, преку засилена методолошка поддршка, целни обуки, подобрено следење на имплементацијата и понатамошно приспособување на инструментите за мониторинг кон специфичностите на институциите од јавниот сектор.

Изминатата година беше обележана со институционални трансформации во системот на државната управа, вклучително и промени на надлежности, организациски реформи и кадровски поместувања, што влијаеше врз континуитетот на примената на системот за интегритет. Сепак, 2026 година претставува можност за стабилизација и за зацврстување на интегритетските механизми преку ревидирана методологија, појасни одговорности и поголема управувачка вклученост на раководствата.

Во таа насока, анализата на нивото на исполнетост по сегменти овозможува прецизно идентификување на областите со најголем напредок и на областите со структурни слабости, како основа за насочување на идните препораки и активности на ДКСК.

## 4.1. Примена на системот за интегритетво органите на државната управа, во самостојните државни органи и во други државни органи

Во рамките на мониторингот за 2025 година, анализата ја опфати примената на системот за интегритет во 63 институции од централната власт кои доставија податоци преку електронскиот прашалник и за кои беше извршена валоризација според утврдената методологија на ДКСК. Опфатот на институциите обезбедува репрезентативен пресек на состојбата во системот на централната власт и овозможува анализа на институционалната зрелост во различни функционални домени.

Процената се однесуваше на степенот на исполнетост на обврските во трите клучни сегменти на системот за интегритет–воспоставување, спроведување и следење– при што резултатите овозможуваат компаративен увид во нивото на институционална имплементација.

Опфатените институции вклучуваат министерства, самостојни државни органи, регулаторни тела, инспекторати, агенции и други органи од централната власт, меѓу кои:

- Државна комисија за спречување на корупцијата
- Државен завод за ревизија
- Агенција за супервизија на осигурување
- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
- Министерство за внатрешни работи
- Управа за финансиска полиција
- Генерален секретаријат при Владата на Република Северна Македонија
- Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
- Царинска управа на Република Северна Македонија
- Државен управен инспекторат
- Државна изборна комисија
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија
- Јавно радиодифузно претпријатие Национална радиотелевизија–Скопје
- Секретаријат за законодавство
- Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Агенција за планирање на просторот
- Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Собрание на Република Северна Македонија
- Фонд за осигурување на депозити
- Министерство за правда
- Министерство за образование и наука
- Министерство за здравство
- Управа за јавни приходи – Регионална дирекција–Скопје
- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија
- Биро за јавни набавки
- Министерство за финансии

- Државен завод за статистика
- Агенција за катастар на недвижности
- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија
- Биро за развој на образованието
- Оперативно-техничка агенција–Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Државен инспекторат за земјоделство
- Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош
- Централен регистар на Република Северна Македонија
- Министерство за европски прашања
- Агенција за цивилно воздухопловство
- Министерство за дигитална трансформација
- Агенција за администрација
- Агенција за пошти
- Министерство за јавна администрација
- Дирекција за безбедност на класифицирани информации
- Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Министерство за култура и туризам
- Министерство за локална самоуправа
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
- Управа за финансиско разузнавање
- Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
- Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
- Државно правобранителство на Република Северна Македонија
- Институт за стандардизација на Република Северна Македонија
- Државен архив на Република Северна Македонија
- Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 проценти од граѓаните во Република Северна Македонија
- Државен инспекторат за локална самоуправа
- Агенција за регулирање на железничкиот сектор
- Инспекторат за употреба на јазиците

- Државен просветен инспекторат
- Агенција за остварување на правата на заедниците
- Управа за хидрометеоролошки работи
- Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија
- Агенција за квалитет во високото образование

Од анализата на графичкиот приказ произлегува дека институциите од централната власт покажуваат тенденција кон постепено зајакнување на системот на интегритет. Овој тренд укажува на зголемена свесност за значењето на системските превентивни механизми и на постепено институционализирање на интегритетот како управувачки принцип.

Во согласност со утврдената методологија за следење на примената на системот на интегритет, ДКСК прави јасна дистинкција помеѓу институциите што имаат воспоставено функционален систем и институциите кај кои процесот е во фаза на развој.

***Нивоата „добро“ и „многу добро“, односно резултат од над 60 проценти исполнетост на обврските, се сметаат за индикатор дека институцијата има воспоставено и имплементирано функционален систем за интегритет, со основни механизми кои се применуваат во практика.***




Од друга страна, резултатите под 60 проценти исполнетост се сметаат како имплементација во тек, што укажува на недоволно развиен или делумно воспоставен

систем за интегритет, при што постои потреба од дополнително внатрешно уредување, јакнење на капацитетите и подобра оперативна примена на постојните механизми.

Оваа категоризација не подразбира санкциски систем за исправка, туку аналитичка алатка за идентификување на приоритетите за интервенција, менторска поддршка и надзорни активности на ДКСК во наредниот период.

### 4.2. Категоризација на институциите според степенот на имплементација на системот за интегритет

Во продолжение е прикажан табеларен преглед на степенот на исполнетост на обврските од системот за интегритет по институции. ДКСК нагласува дека процентот на исполнетост не треба да се толкува како натпреварувачки резултат, туку како инструмент за процена на институционалната зрелост и како инструмент за идентификување на областите за подобрување. Категоризацијата по нивоа овозможува појасно насочување на препораките и одредување на идната методолошка и едукативна поддршка.

Соодветно на тоа, табеларниот приказ за усогласеност не претставува рангирање, туку индикатор за нивото на институционална усогласеност со утврдените стандарди, а во согласност со методологијата за мерливост, прикажана во точка 2.2. Валоризација на усогласност, односно степен на имплементација на системот за интегритет во анализираниот период.

| Институција | Усогласеност |
|---|---|
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – МНОГУ ДОБРО | |
| Државен завод за ревизија | Исполнетост: **88,46%** |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | Исполнетост: **85,00%** |
| Агенција за супервизија на осигурување | Исполнетост: **85,00%** |
| Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | Исполнетост: **85,00%** |

| | |
|---|---|
| Министерство за внатрешни работи | Исполнетост : 81,92% |
| Управа за финансиска полиција | Исполнетост : 81,92% |
| Генерален секретаријат | Исполнетост : 81,54% |
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) | Исполнетост : 81,54% |
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ –ДОБРО | |
| Царинска управа на Република Северна Македонија | Исполнетост : 77,31 % |
| Државен управен инспекторат | Исполнетост : 77,31% |
| Државна изборна комисија | Исполнетост : 73,08% |
| Агенција за вработување на Република Северна Македонија | Исполнетост : 72,69% |
| Јавно радиодифузно претпријатие Национална радиотелевизија–Скопје | Исполнетост : 71,92 % |
| Секретаријат за законодавство | Исполнетост : 71,92% |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Исполнетост : 71,15% |
| Агенција за планирање на просторот | Исполнетост : 71,15% |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | Исполнетост : 70,77% |
| Собрание на Република Северна Македонија | Исполнетост : 70,77% |
| Фонд за осигурување на депозити | Исполнетост : 70,38% |
| Министерство за правда | Исполнетост : 70,00% |

| | |
|---|---|
| Министерство за образование и наука | Исполнетост : 67,31% |
| Министерство за здравство | Исполнетост : 66,15% |
| Управа за јавни приходи – Регионална дирекција–Скопје | Исполнетост : 66,15% |
| Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија | Исполнетост : 65,38% |
| Биро за јавни набавки | Исполнетост : 64,62% |
| Министерство за финансии | Исполнетост : 63,85% |
| Државен завод за статистика | Исполнетост : 62,31% |
| Агенција за катастар на недвижности | Исполнетост : 61,54% |
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – ПРОСЕЧНО | |
| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | Исполнетост : 59,62% |
| Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија | Исполнетост : 59,62% |
| Биро за развој на образованието | Исполнетост : 55,00% |
| Оперативно-техничка агенција–Скопје | Исполнетост : 54,62% |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | Исполнетост : 53,46% |
| Државен инспекторат за земјоделство | Исполнетост : 52,31% |
| Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош | Исполнетост : 51,54% |

| | |
|---|---|
| Централен регистар на Република Северна Македонија | Исполнетост : **51,54%** |
| Министерство за европски прашања | Исполнетост : **51,15%** |
| Агенција за цивилно воздухопловство | Исполнетост : **50,77%** |
| Министерство за дигитална трансформација | Исполнетост : **50,77%** |
| Агенција за администрација | Исполнетост : **49,62%** |
| Агенција за пошти | Исполнетост : **49,62%** |
| Министерство за јавна администрација | Исполнетост : **47,31%** |
| Дирекција за безбедност на класифицирани информации | Исполнетост : **46,54%** |
| Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер | Исполнетост : **45,77%** |
| Државна комисија за жалби по јавни набавки | Исполнетост : **45,38%** |
| Министерство за култура и туризам | Исполнетост : **45,38%** |
| Министерство за локална самоуправа | Исполнетост : **45,00%** |
| Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | Исполнетост : **44,23%** |
| Управа за финансиско разузнавање | Исполнетост : **43,46%** |
| Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | Исполнетост : **41,92%** |
| Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | Исполнетост : **40,38%** |

| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – СЛАБО | |
|---|---|
| Државно правобранителство на Република Северна Македонија | Исполнетост : 38,85% |
| Институт за стандардизација на Република Северна Македонија | Исполнетост : 37,69% |
| Државен архив на Република Северна Македонија | Исполнетост : 37,31% |
| Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија | Исполнетост : 33,85% |
| Државен инспекторат за локална самоуправа | Исполнетост : 33,08% |
| Агенција за регулирање на железничкиот сектор | Исполнетост : 29,23% |
| Инспекторат за употреба на јазиците | Исполнетост : 26,54% |
| Државен просветен инспекторат | Исполнетост : 23,46% |
| Агенција за остварување на правата на заедниците | Исполнетост : 20,38% |
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – МНОГУ СЛАБО | |
| Управа за хидрометеоролошки работи | Исполнетост : 16,15% |
| Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија | Исполнетост : 15,77% |
| Агенција за квалитет во високото образование | Исполнетост : 9,23% |

# 5. НИВО НА ИСПОЛНЕТОСТ НА ОБВРСКИТЕ ВО СЕГМЕНТИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

## 5.1. Анализа на сегментот - воспоставување на системот за интегритет

Воспоставувањето на системот за интегритет ги опфаќа обврските што претставуваат основа за функционална имплементација: анализа на институционалните потреби, мапирање и процена на ризици од корупција, донесување интерни правила и уредување на клучните области (судир на интереси, подароци, укажување, транспарентност, итн.).

### 5.1.1. Управување со судир на интереси

Податоците од прашалникот за 2025 година покажуваат дека **43 проценти од институциите од централната власт имаат усвоено интерен акт за управување со судир на интереси**, додека 57 проценти немаат воспоставено таква нормативна рамка. Во однос на 2024 година, процентот на институции што имаат усвоено интерен акт е намален од 46(2024) на 43 (2025). Овој процентуален пад не укажува на назадување во спроведувањето, туку е резултат на проширување на опфатот со нови институции вклучени во процесот на следење на примената на системот на интегритет.




Анализата во апсолутни бројки покажува дека бројот на институции што имаат усвоено интерен акт за управување со судир на интереси е зголемен, што значи дека трендот на внатрешно уредување продолжува, но динамиката не е доволна за да го одржи или зголеми процентуалниот удел во проширениот опфат.

Дополнително, **само 56 проценти од институциите предвидуваат обврска за службените лица да бараат одобрување за дополнително/хонорарно ангажирање**, што претставува клучна превентивна алатка за навремено идентификување и управување со потенцијален судир на интереси.

Недостигот на ваква обврска создава зголемен ризик од појава на реален, потенцијален или привиден судир на интереси, особено во области каде што службените лица имаат пристап до чувствителни информации или донесуваат одлуки со финансиски импликации.

***Дополнително, ДКСК укажува дека управувањето со судирот на интереси не треба да се сведува на формално постоење акт, туку мора да биде интегрирано во кадровските процедури, процесите на одлучување, јавните набавки и во управувањето со човечките ресурси.***

Судирот на интереси претставува прва точка на влез во коруптивно однесување, поради што воспоставувањето и активната примена на овие механизми треба да биде приоритет во 2026 година.

### 5.1.2. Регулирањето на подароците, погодностите и гостопримства

Во 2025 година е забележан **раст од 10 процентни поени во однос на 2024 година во делот на институциите што имаат усвоено интерен акт за регулирање на постапувањето со подароците, погодностите и гостопримствата.** Овој напредок претставува значајно подобрување, особено имајќи го предвид проширениот опфат на институции вклучени во процесот на мониторинг.

Сепак, ваквото уредување мора да биде проследено со практична примена. Во делот на воспоставување евиденција на примени подароци, која претставува клучен инструмент за транспарентност и контрола, само 51 процент од институциите имаат спроведено ваков механизам.



Овој податок укажува дека кај речиси половина од институциите недостига систематско водење регистар на примени подароци, што го зголемува ризикот од неевидентирано прифаќање подароци, создавање привиден или потенцијален судир на интереси и нарушување на довербата на јавноста.

ДКСК укажува дека управувањето со подароците не претставува само формална законска обврска, туку суштински превентивен механизам во спречувањето на корупцијата. Интерните правила треба да:

- содржат јасни дефиниции и процедури за прифаќање или одбивање подарок;
- предвидуваат задолжителна евиденција и рокови за известување;
- обезбедат редовен надзор и проверка на примената;
- бидат интегрирани во обуките за службените лица.

Невоспоставената евиденција и контрола во оваа област создаваат ризик од постепена нормализација на неформални влијанија врз службеното одлучување.

Во 2026 година е потребно институциите да го заокружат процесот не само преку усвојување интерни акти, туку и преку нивна целосна операционализација и интеграција во системите на внатрешна контрола и отчет.

Дополнително, институциите треба да пристапат кон електронскиот регистар на подароци на ДКСК и, во согласност со законската обврска, еднаш годишно да ја известат ДКСК за постапувањето во областа.

### 5.1.3. Регулирањето на процесот на планирање, спроведување и реализирањена јавните набавки

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 89 проценти од институциите од централната власт имаат усвоено интерен акт за планирање, спроведување и реализирање на јавните набавки, што претставува високо ниво на нормативна поставеност во оваа област.

Сепак, анализата укажува на клучен недостиг кај дел од институциите. Кај 11 проценти од институциите, иако постои интерен акт, не е утврден јасен процес за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки.

Овој пропуст претставува значаен корупциски ризик имајќи предвид дека фазата на реализација на договорите – односно контролата на квалитетот, роковите, испораките и плаќањата – е препознаена како една од најризичните фази во циклусот на јавни набавки.

Недостигот на систематско следење може да доведе до:

- отстапување од договорените обврски без санкции;
- неквалитетна испорака на услуги или стоки;
- неосновано продолжување рокови или анекси;
- финансиски штети и до нарушување на јавниот интерес.

**“ ДАЛИ ВАШАТА ИНСТИТУЦИЈА ИМА УСВОЕНО ИНТЕРЕН АКТ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ?“**




ДКСК укажува дека интерниот акт во областа на јавните набавки треба да предвиди:

- јасно дефиниран механизам за мониторинг на реализацијата на договорите;
- одговорни лица за надзор;
- задолжително евидентирање на реализацијата и евентуалните отстапувања;
- механизми за управување со судир на интереси кај членовите на комисиите;
- редовно известување до раководството.

Во 2026 година е потребно институциите да воспостават јасни механизми за следење и за контрола на реализацијата на договорите како составен дел од системот на интегритет и од внатрешната финансиска контрола.

### 5.1.4. Усвојување посебен етички кодекс

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 79 проценти од институциите од централната власт имаат усвоено посебен етички кодекс за административни службеници, додека 21 процент сè уште немаат воспоставено таква нормативна рамка.

Иако процентот на усвоени етички кодекси е релативно висок, анализата укажува на јаз меѓу формалното усвојување и практичната примена. Имено, од институциите што имаат усвоен етички кодекс, само 77 проценти обезбедуваат писмена согласност од службените лица за прифаќање и за почитување на кодексот.

Отсуството на писмена изјава за запознаеност и за прифаќање на етичките правила го намалува степенот на индивидуална одговорност и ја ослабува превентивната функција на кодексот како инструмент за заштита на интегритетот.

Етичкиот кодекс не претставува само декларативен документ, туку треба да биде:

- интегриран во процесите на вработување и на управување со човечки ресурси;
- поврзан со дисциплинските механизми;
- редовно комуницирани и објаснуван преку обуки;
- поддржан со јасни процедури за пријавување неетичко однесување.

Без формално прифаќање и активна примена, етичкиот кодекс останува симболична обврска, а не функционален инструмент за превенција на корупција.

Во 2026 година е потребно институциите да обезбедат целосна операционализација на етичките кодекси, преку редовни обуки и јасно дефинирани механизми за надзор и одговорност.

### 5.1.5. Интерен акт за заштитено внатрешно пријавување

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 73 проценти од институциите имаат усвоено правилник или друг интерен акт за заштитено внатрешно пријавување, додека 27 проценти од институциите сè уште немаат воспоставено таква нормативна рамка.

Иако голем дел од институциите формално ги имаат воспоставено механизмите за внатрешно пријавување, анализата покажува дека практичната примена на системот не е целосно развиена. Имено, 95 проценти од институциите имаат назначено одговорно лице за прием на пријави од укажувачи, што укажува на висок степен на формално воспоставување на институционалната структура.Сепак, само 60 проценти од тие лица изготвуваат полугодишен извештај за примени пријави, како што предвидува законската рамка.




Недоволното изготвување извештаи ги намалува транспарентноста и ефективноста на системот за заштитено пријавување бидејќи редовното известување претставува важен механизам за:

- следење на состојбата со пријавувањето на неправилностите;
- идентификување на системските ризици;
- информирање на раководството и на надлежните институции;
- градење доверба кај вработените дека системот функционира.

ДКСК укажува дека заштитеното пријавување претставува еден од најважните инструменти за рано откривање корупција и неправилности во институциите и затоа е неопходно да се обезбеди целосна примена на законските обврски.

Во таа насока, ДКСК препорачува:

- институциите да воспостават и да применуваат интерни акти за заштитено внатрешно пријавување во согласност со закон;
- одговорните лица редовно да изготвуваат полугодишни извештаи за примени пријави;
- раководствата на институциите активно да го следат функционирањето на системот за укажување.

Дополнително, имајќи ги предвид утврдените слабости во практичната примена на законските одредби, **ДКСК укажува на потребата од разгледување на законските измени со цел прецизирање на обврските за известување, зајакнување на механизмите за надзор и обезбедување поефикасна заштита на укажувачите, односно усогласување со постојното европско законодавство**.

### 5.1.6. Институционално стандардизирање во согласност со рамката ИСО 9001 и заедничка рамка за процена

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 49 проценти од институциите имаат имплементирано стандард за управување со квалитет ИСО9001, додека кај 51 процент од институциите таков стандард сè уште не е воспоставен.
Во однос на 2024 година, процентот на институции што имаат спроведено ИСО9001 е зголемен за еден процентен поен, и покрај зголемениот број институции опфатени со мониторингот. Овој тренд укажува на постепено зголемување на интересот на институциите за воведување системи за управување со квалитет и за унапредување на организациските процеси.

“ДАЛИ ВАШАТА ИНСТИТУЦИЈА ГО ИМА ИМПЛЕМЕНТИРАНО СТАНДАРДОТ ЗА КВАЛИТЕТ ИСО 9001?“




Имплементацијата на стандардите за квалитет, како ИСО9001 или ЦАФ, претставува важна управувачка алатка која овозможува:

- Јасно стандардизирање и документирање на институционалните процеси;
- воспоставување контролни механизми и следење на резултатите;
- подобрување на ефикасноста и на транспарентноста во работењето;
- намалување на ризиците од неправилности и корупција.

Отсуството на систем за управување со квалитет кај значителен број институции укажува на потребата од дополнително унапредување на управувачките практики и насистемите за внатрешна контрола.
Во таа насока, ДКСК препорачува институциите да ја разгледаат можноста за воведување стандарди за управување со квалитет како дел од поширокиот систем на институционален интегритет и управување со ризици бидејќи анализите покажаа низок степен на усогласеност, само кај 11 проценти од институциите.

Потребно е да се нагласи дека воведувањето на стандардите претставува континуиран процес, кој подразбира и нивно понатамошно одржување преку периодична ресертификација, во согласност со утврдениот рок на важност на сертификатите.

### 5.1.7. Листа на дискрециони овластувања

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека само ДКСК и Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување имаат изготвено листа на дискрециони овластувања, додека кај останатитеинституции таков инструмент сѐ уште не е воспоставен.

Во однос на претходната година, состојбата е непроменета. Овој податок укажува дека воспоставувањето на овој механизам останува една од најслабите области во имплементацијата на системот на интегритет.

Листата на дискрециони овластувања претставува важен антикорупциски инструмент кој овозможува:

- идентификација на одлуките кај кои постои поголем простор за субјективна процена;
- воспоставување дополнителни механизми на контрола;
- намалување на ризикот од злоупотреба на службената положба;
- поголема транспарентност и отчет во процесите на одлучување.

Отсуството на такви листи значи дека кај најголемиот дел од институциите не постои систематски пристап кон управување со дискреционите овластувања, иако токму тие овластувања се препознаени како една од најризичните точки за појава на корупција.




Во таа насока, ДКСК препорачува институциите:

- да изработат листа на дискрециони овластувања што ги имаат нивните органи на одлучување;
- да воспостават евиденција за донесените одлуки врз основа на дискреционо право;
- да предвидат дополнителни контролни механизми (двојна проверка, образложување на одлуките, проверка од внатрешна ревизија);
- да ги интегрираат овие механизми во системот на внатрешна контрола и управување со ризици.

Недоволното регулирање на дискреционите овластувања создава простор за субјективно одлучување и потенцијална злоупотреба на службената позиција.

## 5.2. Анализа на сегментот - спроведување и поддршка на системот за интегритет

Сегментот спроведување и поддршка на системот за интегритет се однесува на практичната примена на воспоставените политики, процедури и механизми во секојдневното работење на институциите. Неговата цел е да обезбеди воспоставените правила да не останат само на нормативно ниво, туку да се интегрираат во организациските процеси и во системот на управување со ризици.

Ефикасното функционирање на овој сегмент подразбира активна улога на раководството на институцијата, континуирана едукација на вработените и обезбедување организациски и технички предуслови за доследна примена на механизмите за интегритет.

### 5.2.1. Обуки за интегритет и за антикорупција

Како еден од клучните механизми за ефективно функционирање на системот на интегритет, ДКСК особено ги нагласува важноста на континуираните обуки и едукацијата за интегритет и антикорупција.

Податоците од мониторингот за 2025 година укажуваат на позитивен тренд во спроведувањето на обуките, како на ниво на вработените, така и на ниво на раководството и лицата задолжени за имплементација на Политиката на интегритет, како резултат на иницијативата на ДКСК да се направи база на лекции, користејќи ја електронската платформа за учење на ДКСК.Во однос на обуките за вработените, во 2024 година обуки за интегритет и антикорупција реализирале 28 проценти од институциите, додека во 2025 година овој процент се зголемува на 32 проценти.




Позитивен тренд се забележува и во однос на обуките за раководството и за лицата задолжени за имплементација на Политиката на интегритет, притоа процентот на институции што спроведуваат вакви обуки се зголемува од 20 проценти во 2024 година на 27 проценти во 2025 година.

Истовремено, забележителен е пад на процентот на институции што не спроведуваат никакви обуки за интегритет и антикорупција, односно од 52 проценти во 2024 година на 41 процент во 2025 година, што укажува на постепено зголемување на свесноста за значењето на едукацијата како превентивна антикорупциска мерка.

Сепак, податоците покажуваат дека кај значителен број институции обуките сè уште не се воспоставени како редовна практика, што ја ограничува ефективната примена на политиките и на механизмите за интегритет и за кој податок е потребно системско решение.

***ДКСК препорачува институциите да воспостават редовни програми за обука за интегритет и антикорупција, кои ќе ги опфатат сите категории вработени, со посебен акцент на раководните структури и на лицата одговорни за имплементација на системот на интегритет.***

### 5.2.2. Управување со процесот на идентификување и следење на ризиците од корупција

Еден од клучните елементи на ефективниот систем на интегритет претставува систематското управување со ризиците од корупција, кое треба да биде интегрирано во поширокиот систем на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, во

согласност со важечката законска рамка.Редовната процена на ризиците им овозможува на институциите навремено да ги идентификуваат најранливите процеси, да воспостават соодветни контролни механизми и да преземат мерки за намалување на можностите за појава на корупција и други неправилности.

“КОЛКУ ЧЕСТО ВАШАТА ИНСТИТУЦИЈА СПРОВЕДУВА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА?“




Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат позитивен тренд во делот на спроведување процена на ризици од корупција.

Имено, намален е процентот на институции што никогаш немаат спроведено процена на ризик, односно од 34 проценти во 2024 година на 24 проценти во 2025 година, што укажува на постепено зголемување на свесноста за значењето на овој инструмент.

Во исто време, зголемен е процентот на институции што вршат процена на ризици на годишно ниво, од 46 проценти во 2024 година на 54 проценти во 2025 година, што укажува на постепено интегрирање на управувањето со ризиците во редовните управувачки процеси.

Според податоците за 2025 година:

- 54 проценти од институциите спроведуваат процена на ризици еднаш годишно,;
- 13 проценти ја спроведуваат на секои 2–3 години;
- 9 проценти ја спроведуваат во период подолг од три години;
- додека 24 проценти од институциите никогаш немаат спроведено процена на ризици од корупција.

***Иако трендот на подобрување е видлив, фактот дека речиси една четвртина од институциите сè уште немаат спроведено процена на ризици укажува на потребата од дополнително зајакнување на управувачките механизми и од поголема ангажираност на раководството во процесот на управување со ризици.***

ДКСК укажува дека процената на ризиците од корупција треба да биде редовна управувачка практика, а не адхок активност, и дека истата треба да биде интегрирана во системот на планирање, внатрешна контрола и институционално известување.

Во таа насока, ДКСК препорачува институциите:

- да спроведуваат редовна (најмалку годишна) процена на ризици;
- да водат регистри на ризици и мерки за нивно намалување;
- да обезбедат активно учество на раководството во процесот на управување со ризици;
- да ги интегрираат корупциските ризици во системот на внатрешна финансиска контрола.

### 5.3. Следење и известување за примената на системот за интегритет

Преку системот за интегритет институциите обезбедуваат двостепен систем на следење и известување за неговата примена. Овој систем опфаќа внатрешно следење во рамките на институцијата, преку редовна анализа на примената на интерните акти и намеханизмите за интегритет, како и надворешно следење преку надзорот што го спроведува ДКСК. На тој начин се овозможува навремено идентификување на слабостите и континуирано унапредување на системот на институционален интегритет.

Во рамките на процесот на следење на примената на системот за интегритет, во последната година е **забележан напредок кај институциите во однос на бројот на преземени активности споредено со 2024 година.** Истовремено, евидентно е значително намалување на бројот на институции што не презеле активности во оваа област, при што нивниот процент се намалил од 61 процент во 2024 година на 22 проценти во 2025 година.

**„Изберете ги преземените активности во процесот на следење на примената на системот за интегритет во последната година?"**




### 5.3.1. Преземени активности во процесот на имплементација и унапредување на системот за интегритет

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека институциите во сè поголема мера ги информираат раководните структури за наодите и за препораките поврзани со интегритетот, што претставува позитивен показател за зајакнување на механизмите за внатрешно следење и отчет.

Најчесто до раководството се доставуваат:

- препораки од лицето за интегритет (62%);
- наоди од процена на ризици од корупција или интегритет (57%);
- наоди и препораки од внатрешната ревизија (52%).

Податоците укажуваат на забележителен раст на информирањето на раководството за прашања поврзани со интегритетот, што овозможува подобро управување со ризиците и навремено преземање корективни мерки.




### 5.3.2. Начин на известување на јавноста за антикорупциските заложби на институциите

Информирањето на пошироката јавност за Политиката на интегритет и за антикорупциските заложби на институциите претставува важен елемент за зајакнување на транспарентноста и на отчетот во јавниот сектор.

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека институциите сѐ повеќе ги користат различните канали за информирање на јавноста во врска со нивните активности и политики поврзани со интегритетот.




Во таа насока, ДКСК укажува дека редовното и проактивно информирање на јавноста претставува значаен инструмент за јакнење на институционалниот интегритет и за промовирање култура на нетолеранција кон корупцијата.

# ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## 6. ВАЖНОСТ И СОСТОЈБА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Примената на системот за интегритет во единиците на локалната самоуправа претставува значаен сегмент од националната превентивна антикорупциска рамка и важен индикатор за нивото на институционална зрелост, транспарентност и отчет во управувањето со јавните ресурси на локално ниво.

Степенот на имплементација на системот за интегритет не се мери само преку формалното донесување интерни акти и политики, туку и преку нивната реална примена во секојдневното работење на општините, нивната интеграција во процесите на одлучување, управувањето со ризици и во механизмите за контрола и отчет.




Резултатите од мониторингот за 2025 година укажуваат на зголемен интерес и на подготвеност на општините за учество во процесот на следење на системот за интегритет. Имено, **бројот на општини што одговориле на прашалникот е зголемен за околу 16 проценти во однос на претходната година, што укажува на тренд на континуирано зголемување на институционалната вклученост во овој процес**. Овој тренд во значителна мера е резултат на реализираните обуки и активности за јакнење на капацитетите на општините во областа на интегритетот и антикорупциските политики.Истовремено, анализата покажува дека степенот на имплементација на системот за интегритет во единиците на локалната самоуправа останува нерамномерно развиен. Додека дел од општините покажуваат напредок во воспоставувањето интерни механизми и политики за интегритет, кај друг дел тие механизми сè уште се наоѓаат во фаза на формално воспоставување или делумна примена.

- **Компаративен преглед на нивото на исполнетост (2023–2025 година)**

Компаративниот преглед на резултатите во периодот 2023–2025 година укажува на постепени, но нерамномерни поместувања во нивото на усогласеност на единиците на локалната самоуправа со системот за интегритет.

Во категоријата 80–100 проценти исполнетост („многу добро“) бројот на општини останува низок и релативно стабилен, со по една општина во секоја од анализираните години, што укажува дека целосно развиен систем за интегритет сè уште е исклучок на локално ниво.

Во категоријата 60–80 проценти исполнетост („добро“) се забележува постепено зголемување, од 4 општини во 2024 година на 6 општини во 2025 година, што укажува

на умерен напредок кај дел од општините во воспоставувањето и примената на механизмите за интегритет.

Најголема концентрација на општини и понатаму се забележува во категоријата 40–60 проценти исполнетост („просечно“), каде што во 2025 година се евидентирани 20 општини, што претставува значително зголемување во однос на претходните години. Овој податок укажува дека значителен број општини имаат воспоставено дел од елементите на системот за интегритет, но тие сѐ уште не се целосно институционализирани.

Во категоријата 20–40 проценти исполнетост („слабо“) се забележува намалување на бројот на општини, од 18 во 2023 година на 14 во 2025 година, што може да се толкува како постепено поместување на дел од општините кон повисоките категории на исполнетост.

Во исто време, категоријата 0–20 проценти („многу слабо“) бележи намалување во однос на 2024 година, но сѐ уште постои група општини кај кои системот на интегритет е во почетна фаза на воспоставување.

Генерално, компаративната анализа покажува умерен позитивен тренд, со постепено поместување на дел од општините од пониските кон средните категории на исполнетост. Сепак, **доминацијата на категориите 20–60 проценти исполнетост укажува дека системот на интегритет во локалната самоуправа сѐ уште е во фаза на постепена консолидација и бара понатамошна институционална поддршка, обуки и систематско следење на неговото спроведување.**

## 6.1. Примена на системот за интегритет во единиците на локалната самоуправа

Во рамки на мониторингот за 2025 година, анализата ја опфати примената на системот за интегритет во 44 единици на локалната самоуправа (ЕЛС) кои доставија податоци преку електронскиот прашалник и за кои беше извршена валоризација според утврдената методологија на ДКСК. Опфатот на општините обезбедува релевантен пресек на состојбата во системот на локалната самоуправа и овозможува анализа на институционалната зрелост во однос на примената на механизмите за интегритет на локално ниво.

Процената се однесуваше на степенот на исполнетост на обврските во трите клучни сегменти на системот за интегритет:

- воспоставување на системот за интегритет
- спроведување на мерките и на механизмите
- следење и известување за неговата примена.

Врз основа на овие сегменти, резултатите овозможуваат компаративен увид во нивото на институционална имплементација и зрелост на системот за интегритет кај општините:

- Општина Охрид
- Општина Демир Хисар
- Општина Битола
- Општина Гази Баба
- Општина Ресен
- Општина Валандово
- Општина Куманово
- Општина Босилово
- Општина Старо Нагоричане
- Општина Кочани
- Општина Желино
- Општина Штип
- Општина Центар Жупа
- Општина Виница
- Општина Дебар
- Општина Крива Паланка
- Општина Градско
- Општина Ѓорче Петров
- Општина Берово
- Општина Брвеница
- Општина Неготино
- Општина Македонски Брод
- Општина Струга
- Општина Велес
- Општина Конче
- Град Скопје
- Општина Делчево
- Општина Карпош
- Општина Чешиново-Облешево
- Општина Новаци
- Општина Кратово
- Општина Боговиње

- Општина Маврово и Ростуша
- Општина Кисела Вода
- Општина Гостивар
- Општина Пласница
- Општина Лозово
- Општина Вевчани
- Општина Богданци
- Општина Сопиште
- Општина Теарце
- Општина Македонска Каменица
- Општина Радовиш
- Општина Крушево

Од анализата на графичкиот приказ произлегува дека единиците на локалната самоуправа покажуваат тенденција кон постепено зајакнување на системот на интегритет. Овој тренд укажува на зголемена свесност за значењето на системските превентивни механизми и постепено институционализирање на интегритетот како управувачки принцип во управувањето на локално ниво.

Во согласност со утврдената методологија за следење на примената на системот за интегритет, ДКСК прави јасна дистинкција помеѓу општините што имаат воспоставено функционален систем за интегритет и оние кај кои процесот е во почетна или во развојна фаза.

Нивоата **„добро“ и „многу добро“, односно резултат од над 60 проценти исполнетост на утврдените критериуми, се сметаат за индикатор дека општината има воспоставено и спроведено функционален систем за интегритет, со основни механизми што се применуваат во практика.**




Валоризацијата на резултатите за 2025 година покажува дека најголем дел од единиците на локалната самоуправа се наоѓаат во средните категории на исполнетост на системот за интегритет.

Најголем процент од општините (45%) се наоѓаат во категоријата 40–60 проценти исполнетост („просечно“), што укажува дека дел од основните елементи на системот за интегритет се воспоставени, но нивната примена сè уште не е целосно институционализирана.

Во категоријата 60–80 проценти исполнетост („добро“) се наоѓаат 14 проценти од општините, што претставува група на институции кај кои системот на интегритет е во поголема мера воспоставен и применет во институционалното работење.

Од друга страна, 32 проценти од општините се во категоријата 20–40 проценти („слабо“) и 7 проценти во категоријата 0–20 проценти („многу слабо“) исполнетост, што укажува на постоење на општини кај кои системот за интегритет сè уште е во почетна фаза на воспоставување.

Само 2 проценти од општините се наоѓаат во категоријата 80–100 проценти исполнетост („многу добро“)“, што укажува дека целосно функционален систем за интегритет е воспоставен кај релативно мал број единици на локалната самоуправа.

**Генерално, резултатите укажуваат дека системот за интегритет на локално ниво се развива постепено, но и понатаму доминира средното ниво на институционална зрелост, што упатува на потреба од дополнително јакнење на механизмите за имплементација, следење и за отчет.**

## 6.2. Категоризација на институциите според степенот на имплементација на системот за интегритет

Во продолжение е прикажан табеларен преглед на степенот на исполнетост на обврските од системот за интегритет по институции. ***ДКСК нагласува дека процентот на исполнетост не треба да се толкува како натпреварувачки резултат, туку како инструмент за процена на институционалната зрелост и како инструмент за идентификување на областите за подобрување.*** Категоризацијата по нивоа овозможува појасно насочување на препораките и одредување на идната методолошка и едукативна поддршка.

Соодветно на тоа, табеларниот приказ за усогласеност не претставува рангирање, туку индикатор за нивото на институционална усогласеност со утврдените стандарди, а во согласност со методологијата за мерливост, прикажана во точка 2.2. Валоризација на усогласност, односно степен на имплементација на системот за интегритет во анализираниот период.

| Инстиутуција | Усогласеност |
|---|---|
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – МНОГУ ДОБРО | |
| Општина Охрид | Исполнетост: **87,87%** |
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ –ДОБРО | |
| Општина Демир Хисар | Исполнетост: 79,04% |
| Општина Битола | Исполнетост: 78,31% |
| Општина Гази Баба | Исполнетост: 71,69% |
| Општина Ресен | Исполнетост: 69,49% |
| Општина Валандово | Исполнетост: 66,18% |
| Општина Куманово | Исполнетост: 61,40% |
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – ПРОСЕЧНО | |

| | |
|---|---|
| Општина Босилово | Исполнетост: 56,25% |
| Општина Старо Нагоричане | Исполнетост: 55,88% |
| Општина Кочани | Исполнетост: 55,88% |
| Општина Желино | Исполнетост: 54,78% |
| Општина Штип | Исполнетост: 54,04% |
| Општина Центар Жупа | Исполнетост: 53,31% |
| Општина Виница | Исполнетост: 53,31% |
| Општина Дебар | Исполнетост: 51,47% |
| Општина Крива Паланка | Исполнетост: 51,10% |
| Општина Градско | Исполнетост: 50,74% |
| Општина Ѓорче Петров | Исполнетост: 50,74% |
| Општина Берово | Исполнетост: 50,37% |
| Општина Брвеница | Исполнетост: 49,26% |

| | |
|---|---|
| Општина Неготино | Исполнетост: 48,16% |
| Општина Македонски Брод | Исполнетост: 46,32% |
| Општина Струга | Исполнетост: 46,32% |
| Општина Велес | Исполнетост: 42,28% |
| Општина Конче | Исполнетост: 40,44% |
| Град Скопје | Исполнетост: 40,44% |
| Општина Делчево | Исполнетост: 40,44% |
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – СЛАБО | |
| Општина Карпош | Исполнетост: 34,19% |
| Општина Чешиново-Облешево | Исполнетост: 31,25% |
| Општина Новаци | Исполнетост: 31,25% |
| Општина Кратово | Исполнетост: 30,51% |
| Општина Боговиње | Исполнетост: 30,15% |

| | |
|---|---|
| Општина Маврово и Ростуша | Исполнетост: 29,78% |
| Општина Кисела Вода | Исполнетост: 26,47% |
| Општина Гостивар | Исполнетост: 24,26% |
| Општина Пласница | Исполнетост: 24,26% |
| Општина Лозово | Исполнетост: 21,69% |
| Општина Вевчани | Исполнетост: 20,59% |
| Општина Богданци | Исполнетост: 19,85% |
| Општина Сопиште | Исполнетост: 15,81% |
| Општина Теарце | Исполнетост: 15,44% |
| НИВО НА УСОГЛАСЕНОСТ – МНОГУ СЛАБО | |
| Општина Македонска Каменица | **Исполнетост: 14,34%** |
| Општина Радовиш | **Исполнетост: 12,13%** |
| Општина Крушево | **Исполнетост: 10,66%** |

# 7. НИВО НА ИСПОЛНЕТОСТ НА ОБВРСКИТЕ ВО СЕГМЕНТИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

## 7.1. Анализа на сегментот - воспоставување на систем за интегритет

Воспоставувањето на системот за интегритет ги опфаќа обврските што претставуваат основа за функционално спроведување: анализа на институционалните потреби, одредување и процена на ризици од корупција, донесување интерни правила и уредување на клучните области (судир на интереси, подароци, укажување, транспарентност, итн.).

### 7.1.1. Управување со судир на интереси

Податоците од прашалникот за 2025 година покажуваат подобрување во воспоставувањето на нормативната рамка за управување со судир на интереси во единиците на локалната самоуправа. Според добиените резултати, **53 проценти од општините имаат усвоено интерен акт за управување со судир на интереси, додека 47 проценти сè уште немаат воспоставено ваков акт.**

Во однос на претходната година се забележува позитивен тренд, односно процентот на општини кои имаат усвоено ваков интерен акт е зголемен од 42 проценти во 2024 година на 53 проценти во 2025 година. Овој пораст е резултат, пред сè, на зголемената методолошка поддршка и на спроведените обуки за интегритет, кои придонесоа за подигнување на свесноста за значењето на управувањето со судирот на интереси на локално ниво.

Сепак, анализата укажува дека од општините што имаат воспоставено нормативна рамка, само 29 проценти имаат предвидено обврска за службените лица да бараат одобрување за дополнително или хонорарно ангажирање. Оваа мерка претставува важна превентивна алатка за навремено идентификување и управување со потенцијален судир на интереси, особено имајќи предвид дека општините вршат значителен број управни и регулаторни надлежности во области како урбанизам, локален економски развој, комунални услуги и јавни набавки.

**“ДАЛИ ВАШАТА ИНСТИТУЦИЈА ИМА УСВОЕНО ИНТЕРЕН АКТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ?“**




Дополнително, анализата на добиените одговори укажува на одредена структурна неусогласеност во практиката на управување со судирот на интереси. Имено, кај општините што немаат усвоено интерен акт за судир на интереси, 60 проценти, сепак, водат евиденција за спроведени дисциплински постапки поврзани со судир на интереси. Овој податок укажува дека институциите реагираат во случаи на повреда, но недостасува систематска превентивна рамка која би овозможила навремено идентификување и управување со ризиците.

***Оттука, ДКСК укажува дека управувањето со судирот на интереси не треба да се сведува само на постоење интерен акт, туку треба да биде интегрирано во кадровските процедури, процесите на одлучување, јавните набавки и во управувањето со човечките ресурси.***

Со оглед на тоа што судирот на интереси претставува една од клучните влезни точки за појава на коруптивно однесување, воспоставувањето и активната примена на механизмите за негово управување треба да претставуваат приоритет во понатамошното зајакнување на системот за интегритет во единиците на локалната самоуправа.

### 7.1.2. Регулирањето на подароците, погодностите и гостопримства

Уредувањето на постапувањето со подароци, погодности и гостопримства претставува значаен превентивен механизам за намалување на ризиците од реален, потенцијален или привиден судир на интереси, како и за обезбедување транспарентност во односите помеѓу службените лица и надворешните субјекти.

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат позитивен тренд во воспоставувањето на нормативната рамка во оваа област. **Имено, 55 проценти од општините имаат усвоено интерен акт за регулирање на постапувањето со**

**подароците, погодностите и гостопримствата, додека 45 проценти од општините сè уште немаат воспоставено таква регулатива.**

Во споредба со 2024 година се забележува значително зголемување на бројот на општини што имаат усвоено таков акт, ***односно од 37 проценти во 2024 година на 55 проценти во 2025 година. Овој раст укажува на постепено зајакнување на свесноста за значењето на превентивните механизми во управувањето со интегритетот на локално ниво.*** Сепак, анализата покажува дека воспоставувањето евиденција на примени подароци, која претставува суштински елемент на системот за транспарентност, е значително помалку застапено. Според добиените податоци, само 38 проценти од општините имаат воспоставено евиденција на примени подароци, иако оваа обврска вообичаено произлегува од самите интерни акти.

Недоволната примена на механизмите за евиденција и за следење на подароците го намалува ефектот на воспоставената нормативна рамка и може да создаде простор за нетранспарентни практики, особено во ситуации кога службените лица остваруваат контакт со деловни субјекти или со други заинтересирани страни.




Оттука, ДКСК укажува дека воспоставувањето интерни правила треба да биде проследено со нивна доследна примена, вклучително и со воспоставување регистар на примени подароци, редовно ажурирање на податоците и обезбедување транспарентност во постапувањето со подароците и сопогодностите.

Зајакнувањето на овие механизми претставува важен чекор во спречувањето на коруптивните ризици и во унапредувањето на културата на интегритет во единиците на локалната самоуправа.

### 7.1.3. Регулирањето на процесот на планирање, спроведување и на реализирање на јавните набавки

Уредувањето на процесите на планирање, спроведување и реализирање на јавните набавки претставува еден од најважните сегменти на системот за интегритет имајќи предвид дека јавните набавки традиционално се сметаат за област со зголемен ризик од корупција и злоупотреби.

Податоците од мониторингот за **2025 година покажуваат дека 68 проценти од општините имаат усвоено интерен акт за планирање, спроведување и за реализирање на јавните набавки, додека 32 проценти од општините сè уште немаат воспоставено таква внатрешна рамка.**

Иако мнозинството општини имаат воспоставено интерни процедури, анализата покажува дека одредени клучни елементи на контролниот механизам не се доволно развиени. ***Имено, кај 23 проценти од општините штои маат усвоено интерен акт не е утврден процес за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки.*** Недостигот на јасно утврдени процедури за следење на реализацијата на договорите претставува значаен ризик бидејќи токму фазата на извршување на договорот се смета за една од најранливите точки за појава на неправилности, злоупотреби и неисполнување на договорните обврски.




Оттука, ДКСК укажува дека воспоставувањето интерни акти за јавни набавки треба да биде проследено со јасно дефинирани процедури за опсервација на реализацијата на договорите, утврдување на одговорностите на службените лица и редовно следење на исполнувањето на договорните обврски.

Зајакнувањето на овие механизми е од особено значење за намалување на корупциските ризици во процесот на јавни набавки и за обезбедување транспарентно, ефикасно и одговорно управување со јавните средства на локално ниво.

### 7.1.4. Усвојување посебен етички кодекс

Етичките кодекси претставуваат важен инструмент за воспоставување стандарди на професионално и етичко однесување на административните службеници, како и за јакнење на културата на интегритет во институциите.

***Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 80 проценти од општините имаат усвоено посебен етички кодекс за административни службеници, што укажува на релативно високо ниво на формално воспоставување на етичките стандарди во единиците на локалната самоуправа. Од друга страна, 20 проценти од општините сè уште немаат воспоставено таков акт, што укажува на потреба од дополнително унапредување на нормативната рамка во овој сегмент.***




Сепак, анализата покажува дека формалното усвојување на етичките кодекси не секогаш е проследено со механизми за нивна ефективна примена. Имено, од општините што имаат усвоено етички кодекс, само 59 проценти обезбедуваат писмена согласност од службените лица за прифаќање и за почитување на етичкиот кодекс.

Обезбедувањето писмена согласност претставува важен механизам со кој службените лица формално се запознаваат со етичките стандарди и преземаат одговорност за нивно почитување. Недостигот на таква практика може да ја намали ефективноста на етичките кодекси како инструмент за превенција од неетичко однесување. Оттука, ДКСК укажува дека воспоставувањето на етичките стандарди треба да биде

проследено со активни механизми за нивна примена, вклучително и редовно информирање на службените лица, обезбедување писмена согласност за почитување на кодексот, како и воспоставување процедури за следење и за санкционирање на евентуалните повреди на етичките правила.

#### 7.1.5. Интерен акт за заштитено внатрешно пријавување

***Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 48 проценти од општините имаат усвоено правилник или друг интерен акт за заштитено внатрешно пријавување, додека 52 проценти од општините сѐ уште немаат воспоставено таква внатрешна рамка.***

Овој податок укажува на значителен простор за унапредување на механизмите за пријавување неправилности на локално ниво, особено имајќи предвид дека кај институциите од централната власт процентот на усвоени акти за заштитено внатрешно пријавување изнесува 73 проценти, што укажува на значителна разлика во нивото на институционална усогласеност. Дополнително, анализата покажува дека 75 проценти од општините имаат назначено одговорно лице за прием на пријави од укажувачи, што претставува позитивен чекор во воспоставувањето на основната институционална структура за функционирање на системот за пријавување.




Сепак, од општините што имаат назначено одговорно лице, само 25 проценти изготвуваат полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, што укажува на ограничена примена на механизмите за следење и за известување.

Недостигот на редовно известување ги намалува транспарентноста и ефективноста на системот за заштитено пријавување и може да укаже на недоволна институционална поддршка за функционирањето на овој механизам.

Оттука, **ДКСК препорачува зајакнување на примената на законските обврски во однос на воспоставувањето и функционирањето на механизмите за заштитено пријавување, вклучувајќи и редовно изготвување извештаи од страна на овластените лица, *како и разгледување на можноста за дополнително прецизирање на законската рамка, со цел поефективно спроведување на овие обврски на локално ниво.***

Зајакнувањето на системот за заштитено пријавување е од особено значење за рано откривање неправилности, зајакнување на институционалниот отчет и унапредување на културата на интегритет во единиците на локалната самоуправа.

### 7.1.6. Институционално стандардизирање во согласност со рамката ИСО 9001 и со ЦАФ

Воспоставувањето системи за управување со квалитет претставува важна управувачка алатка за уредување на процесите, воспоставување јасни процедури, зајакнување на внатрешните контроли и намалување на ризиците од неправилности и корупција. Во таа насока, примената на меѓународни стандарди како ИСО9001 и инструментот за управување со квалитет Заедничка рамка за процена (ЦАФ) може значително да придонесе за унапредување на институционалната ефикасност и отчет.***Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 18 проценти од општините имаат имплементирано стандард за управување со квалитет ИСО9001, додека 82 проценти од општините немаат воспоставено таков систем.*** Во споредба со претходната година се забележува намалување на процентот на општини со имплементиран ИСО9001, од 26 проценти во 2024 година на 18 проценти во 2025 година, што може да укажува на истекување на сертификатите или на недоволно редовно обновување на процесот на сертификација.



***Во однос на примената на инструментот Заедничка рамка за процена (ЦАФ), резултатите покажуваат дека само 9 проценти од општините имаат спроведено таков систем, додека кај 91 процент од општините овој инструмент не е применет.*** Ниското ниво на примена на овие стандарди укажува дека системите за управување со квалитет сè уште не се доволно препознаени како алатка за подобрување на управувањето, транспарентноста и контролата на процесите на локално ниво.Оттука, ДКСК препорачува единиците на локалната самоуправа да посветат поголемо внимание на континуитетот во примената на системите за управување со квалитет, особено во однос на редовното обновување на сертификатите и ре-сертификацијата на ИСО9001, како и на доследната примена на инструментите какоинструментот Заедничка рамка за процена(ЦАФ).




**Важно е да се има предвид дека воспоставувањето на таквите системи не претставува еднократен процес, туку континуирана управувачка практика која бара редовно следење, подобрување на процедурите и постојано унапредување на институционалните капацитети.**
Примената на овие стандарди значително може да придонесе за зајакнување на институционалниот интегритет, подобрување на управувањето со ризиците и зголемување на довербата на јавноста во работата на локалната самоуправа.

### 7.1.7. Листа на дискрециони овластувања

Управувањето со дискреционите овластувања претставува значаен антикорупциски механизам бидејќи овозможува идентификување на областите во кои службените лица имаат простор за донесување одлуки врз основа на сопствена процена. Јасното утврдување и евидентирање на овие овластувања придонесува за зголемување на

транспарентноста во процесите на одлучување и за намалување на ризиците од злоупотреба на службената положба.

***Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека ниту една од општините опфатени со анализата нема изготвено листа на дискрециони овластувања на органите на одлучување. Овој резултат укажува на целосно отсуство на систематски пристап во идентификувањето и управувањето со дискреционите овластувања на локално ниво.***




Недостиготна таков инструмент создава зголемен ризик од нетранспарентно донесување одлуки, особено во области каде што општините имаат значајни надлежности, како урбанистичко планирање, издавање дозволи, управување со локални јавни услуги и спроведување јавни набавки.

Отсуството на јасно дефинирани дискрециони овластувања го отежнува и процесот на идентификување и управување со ризиците од корупција бидејќи институциите немаат систематизиран преглед на одлуките кај кои постои најголем простор за субјективна процена.

Воспоставувањето таков инструмент значително може да придонесе за намалување на корупциските ризици, зголемување на транспарентноста и зајакнување на довербата на јавноста во процесите на одлучување на локално ниво.

### 7.2. Анализа на сегментот - спроведување и поддршка на системот за интегритет

Сегментот спроведување и поддршка на системот за интегритет се однесува на практичната примена на воспоставените политики, процедури и механизми во секојдневното работење на институциите. Неговата цел е да обезбеди воспоставените

правила да не останат само на формално-правно ниво, туку да се интегрираат во организациските процеси и во системот на управување со ризици.

Ефикасното функционирање на овој сегмент подразбира активна улога на раководството на институцијата, континуирана едукација на вработените и обезбедување организациски и технички предуслови за доследна примена на механизмите за интегритет.

### 7.2.1. Обуки за интегритет и за антикорупција

Континуираните обуки и едукација на службените лица претставуваат еден од клучните механизми за ефективно функционирање на системот за интегритет. Развивањето на знаења и капацитети кај вработените и раководството придонесува за подобро препознавање на корупциските ризици, доследна примена на етичките стандарди и поефективна имплементација на превентивните антикорупциски мерки.***Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 39 проценти од општините обезбедуваат обуки за интегритет и за антикорупција за сите вработени, што укажува на постепено зајакнување на свесноста за значењето на едукацијата како дел од системот за интегритет.***

Дополнително, 29 проценти од општините обезбедуваат обуки за раководството и за службените лица задолжени за имплементација на Политиката на интегритет, што е важен сегмент со оглед на улогата на раководните структури во воспоставувањето на институционалната култура на интегритет.

***Сепак, 32 проценти од општините не спроведуваат никакви обуки за интегритет и за антикорупција, што укажува на постоење значителен простор за унапредување на овој сегмент.***

Во споредба со претходната година, може да се забележи позитивен тренд во делот на обуките наменети за сите вработени, додека кај обуките наменети за раководството и за лицата задолжени за спроведувањена Политиката на интегритет се забележува намалување.

Овој тренд укажува дека, иако се зголемува општото ниво на информираност кај вработените, е потребно да се посвети дополнително внимание на обуките за раководните структури имајќи предвид дека токму тие имаат клучна улога во воспоставувањето на институционалните политики и во обезбедувањето доследна примена на механизмите за интегритет.




Оттука, ***ДКСК укажува дека континуираните обуки за интегритет и за антикорупција треба да бидат системски планирани и редовно спроведувани, со посебен акцент на раководството и на лицата што се директно вклучени во спроведувањето и во следењето на системот за интегритет.***

### 7.2.2. Управување со процесот на идентификување и следење на ризиците од корупција

Управувањето со ризиците од корупција претставува клучен елемент на системот на интегритет и важна алатка за превентивно идентификување и намалување на ризиците од неправилности во работењето на институциите. Во таа насока, редовното спроведување процена на ризиците е тесно поврзано со примената на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и со усогласувањето со современите стандарди за управување и отчет.

***Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека 43 проценти од општините спроведуваат процена на ризиците од корупција еднаш годишно, што укажува на релативно добро воспоставена практика кај дел од единиците на локалната самоуправа.***Дополнително, 9 проценти од општините ја спроведуваат процената на ризиците на секои две – три години, додека 14 проценти ја спроведуваат во период подолг од три години.Од друга страна, 34 проценти од општините изјавиле дека никогаш не спровеле процена на ризиците од корупција, што укажува на

значителен простор за унапредување на систематскиот пристап кон управување со ризиците на локално ниво.Во споредба со претходната година се забележува позитивен тренд во делот на редовното спроведување на процената на ризици, односно зголемување на процентот на општини што ја спроведуваат процената на годишно ниво или на секои две – три години. Истовремено, евидентен е пад на процентот на општини што ја спроведуваат процената во период подолг од три години, што укажува на постепено усогласување со препорачаната динамика на процена на ризиците.




Сепак, зголемувањето на процентот на општини што изјавиле дека никогаш не спровеле процена на ризиците од корупција укажува дека кај дел од единиците на локалната самоуправа системот за управување со ризици сè уште не е воспоставен како редовна управувачка практика. Оттука, ***ДКСК укажува дека редовната процена на ризиците од корупција треба да биде составен дел од процесот на управување со институциите, со редовно ажурирање на регистрите на ризици и активна улога на раководството во следењето и во управувањето со идентификуваните ризици.***

### 7.3. Следење и известување за примената на системот за интегритет

Следењето на примената на системот за интегритет претставува клучен предуслов за неговата ефективност бидејќи овозможува навремено идентификување на слабостите, подобрување на процедурите и унапредување на институционалната практика. **Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека нивото на активности поврзани со следењето на примената на системот за интегритет постепено се зголемува.** Во однос на 2024 година, забележан е напредок кај

институциите во поглед на преземање поголем број активности за следење на системот за интегритет, што укажува на постепено јакнење на институционалната свесност за значењето на овој сегмент.

**„Изберете ги преземените активности во процесот на следење на примената на системот за интегритет во последната година?"**




Особено е забележителен падот на бројот на општини што не презеле никакви активности во оваа област, од 53 проценти во 2024 година на 45 проценти во 2025 година, што укажува дека општините сè повеќе ги препознаваат значењето на системот за интегритет и потребата од активен пристап во неговото следење и унапредување.

Во однос на конкретните активности, 39 проценти од општините спровеле внатрешни истражувања за запознаеноста на вработените со системот за интегритет и процена на потребите за понатамошна едукација, што претставува најзастапена активност во овој сегмент.Дополнително, 20 проценти од општините вршат собирање и анализа на податоците за повреди на обврските што произлегуваат од системот за интегритет преку анализа на дисциплинските постапки и други релевантни постапки.

Во 16 проценти од општините се спроведуваат внатрешни контроли или проверки на примената на системот за интегритет од страна на внатрешната ревизија, при што во овој сегмент е забележан благ пад во процентуалното учество во однос на претходната

година, но не и во апсолутниот број на општини што спроведуваат такви активности. Исто така, 9 проценти од општините спровеле истражување на јавното мислење во однос на прашања поврзани со интегритетот, што претставува механизам за добивање повратни информации од јавноста за перцепцијата на интегритетот на институцијата. Иако резултатите укажуваат на постепено зголемување на активностите поврзани со следењето на системот за интегритет, податоците покажуваат дека овие активности сè уште не се доволно систематизирани и континуирано применувани во сите општини.

Оттука, ДКСК укажува дека следењето на примената на системот за интегритет треба да биде интегрирано во редовните управувачки и контролни процеси во институциите, преку редовни внатрешни проверки, анализа на дисциплинските постапки, процена на ризици и континуирана комуникација со вработените.

Зајакнувањето на механизмите за следење и за евалуација претставува важен чекор кон премин од формално воспоставување на системот за интегритет кон негово реално и ефективно функционирање во практика.

### 7.3.1. Преземени активности во процесот на имплементација и унапредување на системот за интегритет

Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат дека институциите во сè поголема мера ги информираат раководните структури за наодите и за препораките поврзани со интегритетот, што претставува позитивен показател за зајакнување на механизмите за внатрешно следење и за отчет.

Најчесто до раководството се доставуваат:

- препораки од лицето за интегритет (61%);
- наоди од процена на ризици од корупција или интегритет (23%);
- наоди и препораки од внатрешната ревизија (25%).




Податоците укажуваат на забележителен раст на информирањето на раководството за прашања поврзани со интегритетот, што овозможува подобро управување со ризиците и навремено преземање корективни мерки.Генерално, резултатите укажуваат дека ***улогата на лицата за интегритет постепено се зајакнува, но и дека е потребно понатамошно систематизирање на процесите на известување кон раководството,*** со цел обезбедување редовно разгледување на прашањата поврзани со интегритетот како дел од управувачките процеси во институциите.

### 7.3.2. Начин на известување на јавноста за антикорупциските заложби на институциите

Транспарентното информирање на јавноста за политиките на интегритет и за антикорупциските заложби претставува важен елемент за јакнење на довербата на граѓаните во институциите и за промовирање на културата на отчет и интегритет.

**Податоците од мониторингот за 2025 година покажуваат зголемено користење различни канали за информирање на поширокатa јавност за политиката на интегритет и за антикорупциските активности на општините.** Најчесто користен канал се информациите објавени на веб-страниците на општините, како што навеле 70 проценти од општините, што укажува на постепено зајакнување на транспарентноста преку официјалните комуникациски канали.




Дополнително, 34 проценти од општините ја информираат јавноста преку годишните извештаи за работата на институцијата, како и преку јавни настапи и изјави на претставници на институцијата, што, исто така, го навеле 34 проценти од општините.
Овој тренд укажува на постепено зголемување на транспарентноста и на свесноста за значењето на јавното информирање во областа на интегритетот, но и на потребата од понатамошно унапредување на комуникациските практики на институциите во оваа област.

## ЗАКЛУЧОК И ИДНИ ЧЕКОРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

ДКСК, во согласност со своите надлежности утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, континуирано презема активности за зголемување на бројот на институции што го спроведуваат системот за интегритет и ја прифаќаат Политиката на интегритет како основа за превенција на корупцијата и за зајакнување на институционалниот отчет.
Анализата на резултатите од мониторингот упатува на неколку клучни насоки за понатамошно унапредување на системот за интегритет:

- **Практична примена на усвоените документи**

- Потребно е институциите да посветат поголемо внимание на практичната примена на интерните акти и на процедурите што произлегуваат од системот за интегритет. Во наредниот период ДКСК ќе ги засили мониторингот и процената на ефективноста на овие механизми со цел подобро следење на нивната реална примена и навремено идентификување на предизвиците.

**Приспособување на мониторингот кон различни групи институции**

- Постои потреба од понатамошно развивање на методологијата за следење на системот за интегритет, преку разграничување на институциите по категории и соодветно приспособувањена прашалниците и на индикаторите на нивната институционална поставеност и надлежности.

**Подигнување на јавната свест за интегритетот**

- Организирањето кампањи за подигнување на јавната свест останува значаен инструмент за промовирање на интегритетот и на нетолеранцијата кон корупцијата. Зголемувањето на информираноста на граѓаните за значењето на интегритетот придонесува за промена на општествените ставови и за зајакнување на јавната контрола врз институциите.

**Континуирани обуки и развој на капацитетите**

- Континуираното јакнење на капацитетите на административните службеници претставува клучен предуслов за ефективна примена на системот за интегритет. Потребно е да се продолжи со организирање обуки, дискусии и тркалезни маси за избрани и именувани лица, административни службеници и лица за интегритет. Во таа насока, особено е значајна и ИТ- алатката за е-учење на ДКСК, достапна преку веб-страницата на ДКСК, која овозможува лесно и брзо надградување на знаењата во областа на интегритетот, спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.

**Вклучување на граѓанскиот сектор**

- Соработката со граѓанските организации во процесот на следење и оценување на антикорупциските политики претставува значаен извор на независни анализи и повратни информации, особено во областите на транспарентност, пристап до информации и јакнење на јавната доверба.

**Поддршка од меѓународните партнери**

- Поддршката од меѓународните партнери останува важен фактор за понатамошно унапредување на системот за интегритет. Преку оваа соработка се овозможува размена на добри практики, експертска поддршка, обуки и менторство за институциите во процесот на имплементација на превентивните антикорупциски механизми. Во таа насока, значајна е континуираната поддршка од ***Мисијата на ОБСЕ во Скопје, особено во делот на унапредување на системот за интегритет во локалната самоуправа и во секторот судство,*** како и поддршката од ***Националниот демократски институт (НДИ) преку проектот „Заедници со интегритет", кој придонесува за зајакнување на капацитетите и за практична примена на системот за интегритет во селектирани единици на локалната самоуправа.***
- Со фокусирање на овие насоки, ДКСК има цел да придонесе кон понатамошно зајакнување на системот за интегритет во институциите, промовирајќи повисоко ниво на транспарентност, отчет и интегритет во јавниот сектор. Континуираната соработка со домашните институции и со меѓународните партнери претставува значаен предуслов за развој на одржливи механизми за превенција од корупција и за јакнење на институционалната доверба.

**Заклучни препораки**

Во таа насока, ДКСК ги повикува институциите:

- редовно да спроведуваат процени на системот за интегритет и на исполнетоста на неговите елементи, со цел идентификување на силните страни и на областите за подобрување;
- да ја зајакнат соработката со ДКСК во процесот на спроведување на законската рамка и превенцијата на корупцијата и судирот на интереси, и
- да обезбедат повисоко ниво на транспарентност, преку редовно објавување на актите и информациите поврзани со спроведувањето на системот за интегритет и со тоа да придонесат кон зголемување на јавната доверба во институциите.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIM TE KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 05-802/4
17-02-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Период | Контролор

| 5 | 1 | 0 | | 0 | 5 | 8 | 8 | 5 | 0 | 4 | 3 | | 0 | 2 | 0 | 0 | 3 | 6 | 0 | 0 | 4 | 6 | 6 | 3 | 7 | 1 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
